ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ
**МЕЃУНАРОДЕН РЕЗИДУАЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА КРИВИЧНИТЕ СУДОВИ**

# ПРИРАЧНИК ЗА ЕДУКАТОРИ ПО ИСТОРИЈА

ЗА УПОТРЕБА НА АРХИВИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНИОТ РЕЗИДУАЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА КРИВИЧНИТЕ СУДОВИ

ТЕМИ И ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ | ДЕЛ II

ПМИ ПРОГРАМА НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ
НА ЗАЕДНИЦИТЕ ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТИТЕ

Финансирано од Европска Унија

Програма на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите (ПМИ)

# Прирачник за едукатори по историја

## за употреба на архивите на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и Меѓународниот резидуален механизам за кривичните судови

Теми и практични примери – Дел II

Публикација на Пограмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите, на Секретаријатот на Меѓународниот резидуален механизам за кривичните судови (МРМКС)

Главни и одговорни уредници: Аниса Суческа и Рада Пејиќ-Сремац

Уредници: Немања Стјепановиќ и Родољуб Јовановиќ

Графички дизајн: Стефани Путри Хартоно

Автори: Адмир Ибрчиќ, Александар Тодосијевиќ, Арна Дагуда – Торлаковиќ, Доника Џемајили, Емина Живковиќ, Игор Јовановиќ, Игор Радуловиќ, Наташа Костиќ, Милош Вукановиќ и Мире Младеновски

Превод на македонски јазик: Ана Марија Наумовска

Објавено во мај 2025.

# Содржина

**Директно и јавно поттикнување на извршување воени злосторства ................ 5**
Цели на учењето .................................................................................................... 8
Директно и јавно поттикнување на вршење на злосторства врз политичка, расна и верска основа .............................................................................................. 9
Поттикнување на прогонство на хрватското население од Хртковци .................. 9
Пропагандна кампања против несрпското население во северозападна Босна ............................................................................................................................ 12
Медиумска пропаганда ........................................................................................ 15
Улогата на медиумската кампања во поттикнувањето на прогонство на српското население за време на операцијата „Бура“ ........................................ 15
Медиумската пропаганда во Приедор ................................................................. 19
Директно и јавно поттикнување на извршување злосторства низ примерот на Руанда ............................................................................................................. 23
**Противправно лишување од слобода и затворање ........................................... 28**
Цели на учењето .................................................................................................. 31
Чинот на заробување ............................................................................................ 32
Услови во логорите .............................................................................................. 40
Нечовечно и сурово постапување во логорите ................................................... 46
**Сексуално наслиство ............................................................................................ 54**
Вовед ..................................................................................................................... 54
Цели на учењето .................................................................................................. 56
Сексуално насилство врз децата ......................................................................... 57
Фоча ...................................................................................................................... 58
Сведок FWS-87 (15 и пол години) ........................................................................ 58
Сведок FWS-50 ..................................................................................................... 62
Сексуално наслиство врз жените ........................................................................ 63
Приедор ................................................................................................................ 65
Челебиќи ............................................................................................................... 67
Лашванска долина ................................................................................................ 68
Дретељ .................................................................................................................. 69
Косово ................................................................................................................... 69
Ќирез/Qirez ........................................................................................................... 71

Приштина/Prishtinë ... 71
Дечани/Deçan ... 72
Дукаѓин/Dukagjin ... 74
Сексуално насилство врз мажите ... 75
Логорите во Приедор ... 77
Челебиќи ... 79
Домот на културата во Челопек ... 79
Логорот Дретељ ... 80
**Војникот во војната ... 82**
Цели на учењето ... 84
Заповедникот во војната ... 85
Ратко Младиќ ... 87
Расим Делиќ ... 88
Младен Налетиќ – Тута ... 89
Станислав Галиќ ... 91
Радислав Крстиќ ... 93
Директни извршители на злосторствата ... 94
Милан Лукиќ ... 95
Горан Јелисиќ ... 97
Есад Ланџо - Зенга ... 98
Војникот пред судот ... 100
Дражен Ердемовиќ ... 102
Мирослав Брало ... 103
Момир Николиќ ... 105
Дарио Кордиќ ... 106
Слободан Праљак ... 108
**Животот во војната ... 110**
Цели на учењето ... 112
Животот под закана ... 113
Ускратување на хуманитарната и медицинската помош ... 119
Протерување/раселување на населението ... 125

# Директно и јавно поттикнување на извршување воени злосторства

Општо земено, поттикнувањето на извршување воени злосторства претставува наведување или убедување на друг за време на вооружен конфликт да изврши кривично дело. Таквото поттикнување може, меѓу другото, да се врши преку јавни (политички) говори, медиуми, публикации, цртежи, слики и др. Поттикнувањето се смета за кривично дело не само кога вклучува директен повик за преземање злосторнички дејствија против одредена целна група, туку и кога опфаќа спроведување на други (воено) поттикнувачки причинско-последично поврзани дејствија кои можат да доведат до насилство. Поттикнувањето се смета за јавно доколку е соопштено на поголем број луѓе на јавно место или на припадници на пошироката популација преку медиумите. Под поттикнување се подразбира секое охрабрување (или провоцирање) на некој друг да изврши воено злосторство или геноцид. Директното и јавно поттикнување на извршување злосторства е кривично дело според меѓународното право кое го забранува поттикнувањето, то ест охрабрувањето за извршување на злосторства. Статутот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) во член 4 став 3 точка (в) го смета за кривично дело „директното и јавно поттикнување за извршување на геноцид“. Конвенцијата за спречување и казнување на злосторството геноцид од 1948 година во член III точка (в) го препознава „директното и јавно поттикнување за извршување на геноцид“ како кривично дело дури и доколку масовните злосторства не бидат извршени. Поттикнувањето за извршување на злосторства (геноцид) е забележано и документирано во извршениот геноцид над Ерменците, во холокаустот и во геноцидот во Руанда. Исто така, во член 7 (1) од Статутот на МКСЈ, во кој се разгледува индивидуалната кривична одговорност на обвинетите, се наведува дека „лицето кое планирало, **поттикнало**, наредило, извршило или на друг начин помагало и поттикнало планирање, подготовки или извршување кривични дела наведени во членовите 2 и 5 од овој Статут, индивидуално ќе биде одговорно за кривичните дела.“

Постојат разни форми на поттикнување, врз основа на кои можеме да издвоиме различни видови на механизми кои довеле до извршување на воени злосторства:[1]

***Говорот на омраза*** *претставува изразување што содржи пораки на омраза кон некоја политичка, етничка или верска група, то ест нетрпеливост кон различно политичко и друго мислење, како и кон национално и социјално потекло. Политичките кампањи на омраза насочени против други придонеле за поттикнување на извршување на најтешките воени злосторства.*

***Дехуманизацијата*** *е еден од облиците на говор на омраза кој по својата суштина ги претставува другите како суштества што не се човечки. Демонизацијата,*[2] *етикетирањето како штетници“*[3] *и патологизацијата*[4] *се најчестите облици на дехуманизација, кои во јавниот дискурс служат како основа за воено-поттикнувачки планови за уништување на етнички или верски групи.*

***Обвинување во огледало (или пропаганда во огледало)*** *е техника на говор на омраза која ја обвинува жртвата за нешто што сторителот веќе го прави или планира да го направи. Сторителите на геноцид и други злосторства често ја користат оваа техника бидејќи е многу ефикасна во манипулација на јавноста. Сопственото претставување како жртва е еден од најприсутните методи на пропаганда во огледало. Претставувајќи го сопствениот народ како жртва, злосторниците ги прикриваат своите злосторнички намери и го подготвуваат теренот за насилство против другите, кои ги обвинуваат дека во минатото извршувале злосторства.*

***Директните повици за извршување злосторства*** *се разликуваат од говорот на омраза и дехуманизацијата по тоа што тие експлицитно не повикуваат на извршување на злосторства. Од таа причина, релативно ретки се примерите на политички и воени лидери кои во јавниот простор*

[1] Incitement to Genocide in International Law | Holocaust Encyclopedia; Kristin Timmermann W. Incitement in international criminal law. International Review of the Red Cross. 2006; 88(864):823-852. doi: https://doi.org/10.1017/S1816383107000793; Gordon, Gregory S. Atrocity Speech Law: Foundation, Fragmentation, Fruition, Oxford University Press, 2017.

[2] Демонизацијата во јавниот говор претставува припишување на одредени фантазмагорични својства на некој народ или група, опишувајќи ги како демони, ѓаволи, зли суштества и сл.

[3] „Верминизацијата“ е класифицирање на жртвите како „штеточинци“, чие истребување се смета за нормално и посакувано. На пр. во подготовките за извршување на геноцидот во Руанда, водачите на Хутуите често ги опишувале Тутсите како „бубашваби“.

[4] Патологизацијата ја злоупотребува медицинската терминологија, дехуманизирајќи ги жртвите како извор на нечистотија и болести. На пр. нацистите го оправдувале геноцидот врз Ромите дехуманизирајќи ги како патогени елементи.

*отворено ќе повикаат на уништување на некој народ. Најдобар пример за недвосмислено повикување за уништување на еден народ е нацистичкиот пропагандист Јулиус Штрајхер, издавач на антисемитистичкиот неделник „Јуришник“, кој беше осуден на смрт во Нирнбершките судења поради своето поттикнување на масовно убивање на еврејското население во Европа.*[5]

***Еуфемизмите и метафорите*** *често се користат за сторителите да ги прикријат своите злосторства. За време на геноцидот во Руанда, во еден предмет, обвинетите од војниците побарале „да ја исчистат нечистотијата надвор“, што значело да ги ликвидираат Тутсите. Слично, нацистите за време на Втората светска војна користеле изрази за масовни убиства како „конечно решение“, „преселување на исток“ и сл.*

***Оправдувањето и негирањето на геноцидот и другите злосторства*** *се два различни термина, иако често разликата меѓу нив се занемарува. Оправдувањето на геноцидот е тврдење дека геноцидот е оправдан или неопходен, за разлика од негирањето со кое се отфрла дека геноцид се случил. Сторителите често тврдат дека жртвите на геноцидот претставувале сериозна закана за државата, што значи дека нивното уништување било извршено во самоодбрана. Воените злосторства често се камуфлираат како легитимни воени операции против непријателот во текот на самото извршување на најтешките злосторства, при што всушност и оправдувањето (како и негирањето) на масовните убиства се сметаат за поттикнување.*

Злосторствата на директно и јавно поттикнување на злосторства беа гонети од Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, иако бројот на пресуди во однос на Трибуналот за Руанда не е голем. Како пример го наведуваме случајот од жалбената пресуда на Воислав Шешељ, во која се наведува дека „Шешељ изврши тешки кривични дела. Тој поттикнуваше депортација, други нечовечни дела (присилно преместување) и прогонство (присилно раселување) на цивилите во селото Хртковци и изврши прогонство (повреда на правото на безбедност) преку говор исполнет со омраза“.[6] Втор пример е предметот на Радослав Брѓанин, од кој

[5] Експлицитно пишувал во својот неделник дека „сите Евреи во Европа треба да се убијат и искоренат“. Повеќе информации се достапни тука.

[6] Обвинителот против Воислав Шешељ (Пресуда на Жалбениот совет), MICT-16-99-A, МКСЈ, 11.4.2018, стр. 79.

издвојуваме дел од пресудата на Првостепениот совет: „Првостепениот совет констатира дека еден од најзначајните облици на придонес на обвинетиот во спроведувањето на Стратешкиот план било неговото учество во пропагандната кампања против босанските муслимани и босанските Хрвати, која ја водел во различни фази од својата политичка кариера“.[7]

Некои експерти сметаат дека политичката кампања во медиумите во поранешна Југославија била користена главно за ширење на националистичка пропаганда, а не за поттикнување на извршување на геноцид и други тешки злосторства, како што бараат строгите правни рамки. Сметаме дека е од исклучителна важност во следните поглавја да се обработат најзначајните примери во кои биле водени постапки за директно и јавно поттикнување на извршување злосторства врз политичка, расна и верска основа, говор на омраза, искористување на моќта и влијанието и др.

## ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО

- Разбирање на поимот директно и јавно поттикнување на извршување злосторства;
- Воочување на најзначајните поттикнувачки механизми за извршување злосторства преку примери од пресуди за злосторствата извршени на просторот на поранешна Југославија и во Руанда и
- Разбирање на значењето на медиумската пропаганда и политичките говори во јавниот простор како поттикнувачки механизам за извршување злосторства.

[7] МКСЈ, Резиме на пресудата на Првостепениот совет во предметот Обвинителот против Радослав Брѓанин тој во која е осуден на казна затвор од 32 години, 1 септември 2004.

## Директно и јавно поттикнување на вршење на злосторства врз политичка, расна и верска основа

### Поттикнување на прогонство на хрватското население од Хртковци

Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија во 2003 година поднесе обвинение против Воислав Шешељ, лидерот на Српската радикална партија. Тој беше обвинет за поттикнување на злосторства против човештвото, како и за кршење на законите и обичаите на војување на подрачјето на Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Во обвинението се наведува дека Шешељ сноси индивидуална кривична одговорност за кривичните дела кои тој ги „планирал, наредил, поттикнал, извршил или на друг начин помогнал и поттикнал во планирањето, подготовката или извршувањето на истите“.[8] Во 2016 година, МКСЈ изрече ослободителна првостепена пресуда за Воислав Шешељ за сите точки на обвинението во кои беше обвинет дека со говор на омраза поттикнувал и поддржувал воени злосторства во Хрватска и БиХ, како и протерување на Хрватите од војводинското село Хртковци во деведесеттите години од минатиот век. Меѓутоа, Жалбениот совет на МКСЈ во 2018 година ја преиначи ослободителната пресуда и го осуди Воислав Шешељ на 10 години затвор. За време на судењето, Шешељ помина нешто повеќе од 11 години во притворот на Хашкиот трибунал, така што казната му беше веќе издржана. Говорот на Шешељ во Хртковци претставува еден од примерите на поттикнување на прогонство на хрватското население. На митингот на Српската радикална партија (СРС) во Хртковци на 6 мај 1992 година Воислав Шешељ го кажа следново:

> „И во ова село, Хртковци, и во ова место на српскиот Срем, нема место за Хрватите. За кои Хрвати воопшто има место меѓу нас? […] А овие од тука, од Хртковци, што ги заклучија своите куќи и си отидоа, сметајќи веројатно дека еден ден ќе се вратат, им порачуваме – нема каде да се вратат. Во нивните куќи ќе се вселат српски бегалци. […] Убеден сум дека и вие, Србите од Хртковци и од останатите села во околината, ќе знаете да ја сочувате

[8] Обвинителот против Воислав Шешељ (Обвинение), (IT-03-67), МКСЈ, параграф 5.

меѓусебната слога и единство, дека многу брзо ќе се ослободите од преостанатите Хрвати во вашето село и околина, дека ќе знаете да ги цените плодовите на слободата и демократијата, дека сплотени и единствени ќе победиме, ќе ги обединиме сите српски земји, ќе излеземе од економската и социјалната криза, на крајот од денешната промоција на Српската радикална партија, јас ве поздравувам со традиционалните српски поздрави: 'Сѐ за српството, а српството за ништо', 'Србија е вечна додека нејзините деца ѝ се верни'. Да живееме!“[9]

Жалбениот совет утврди дека Шешељ е одговорен за прогонство на Хрватите од војводинското село Хртковци. На 6 мај 1992 година, Воислав одржал говор во Хртковци, тогаш претежно хрватско село. Во жалбената пресуда за Воислав Шешељ се наведува следното:

„На крајот од говорот на Шешељ, толпата присутни скандираше 'Хрвати, во Хрватска'. [...] Жалбениот совет констатира дека, со тоа што поттикнуваше на присилно протерување на Хрватите од Хртковци, Шешељ поттикнуваше насилство врз нив, што претставува кршење на нивното право на безбедност. Жалбениот совет исто така смета дека во говорот на Шешељ, Хрватите од Хртковци беа понижувани врз основа на етничка припадност, што претставува кршење на нивното право на почитување на достоинството како човечки суштества. Според мислењето на Жалбениот совет, говорот на Шешељ достигнува тежина која претставува *actus reus* (кривично дело) на прогонство како злосторство против човештвото. [...] Со својот говор, Шешељ го укина тоа чувство на безбедност и го зарази селото со омраза и насилство, што во наредните месеци доведе до заминување на хрватските цивили, со што се прошири нападот врз несрпското население во Хрватска и Босна и Херцеговина.“[10]

---

[9] Предмет Обвинителот против Воислав Шешељ, доказен предмет број P00547: говорот на Воислав Шешељ во Хртковци од 6.5.1992, страна 4

[10] Обвинителот против Воислав Шешељ (Пресуда на Жалбениот совет), MICT-16-99-A, 11.4.2018, стр. 74.

Од бројните сведоштва е јасно дека по тој говор започна кампања на насилство врз хрватското население во тој дел од Срем, а демографските податоци потврдуваат драстичен пад на хрватското население во селото и зголемување на српското.

Бројни сведоци, меѓу кои и Катица Пауликј, наведуваат дека по митингот на СРС и говорот на Шешељ во Хртковци, заклучиле „дека немаат шанси за опстанок“ и „дека мораат да бегаат од селото и да си ја спасуваат кожата“.[11] Сведокот на обвинението, Фрањо Баричевиќ, сведочеше дека го напуштил Хртковци по митингот на СРС во мај 1992 година и по заканите упатени кон неговото семејство: „Мојата ќерка се враќаше од училиште и ја запреа некои луѓе кои ја прашаа: ‘Кого го сака татко ти повеќе, тебе или брат ти? Затоа што тој може да земе само еден од вас во Хрватска, а се знае што ќе се случи со другиот.’ Потоа ме повикаа телефон. Ми рекоа: ‘Што чекаш? Зошто не се иселиш?’ Не, тоа се случи повеќе пати, сѐ додека не се согласив да ја заменам мојата куќа.“[12]

Американскиот социолог Ентони Обершал во своето експертско сведочење тврдеше дека Воислав Шешељ во своето пропагандно делување се служел со невистини, дезинформации и погрешно претставување на историјата за да го засили чувството на „виктимизација кај Србите“ и на тој начин да го поттикне и оправда насилството насочено против хрватското и муслиманското население. Може да се забележат и елементи на „обвинување во огледало“ за кои се зборуваше во воведот на ова поглавје.

> „Според Шешељ, заканата со истребување им дава на Србите оправдување да прибегнат кон екстремни мерки за да се заштитат: ‘Ако случајно се случи Хрватите да почнат да спроведуваат геноцид против Србите, таму каде што ние не можеме да интервенираме со нашите војници, ние ќе се одмаздиме во Загреб. Ако биде потребно, рековме, ќе ја нападнеме и Кршко [нуклеарна електрана].’ [...] Шешељ го оправдува насилството на

[11] За што сведочи и договорот за размена на недвижности со Драгутин Шпириќ, Contract between Katica PAULIC and Dragutin SPRIC, attached to ICTY statement of Katica PAULIC, Hrtkovci.
[12] Транскрипт од сведочењето на Фрањо Баричевиќ, TRS7756R0000232259 Вторник, 14.10.2008, стр. 10632.

Србите во однос на другите етнички групи како самозаштита, затоа што, другите групи го започнале тоа [...]. Со кратко кажано, анализа на содржината на Шешељовата реторика кон српскиот народ покажува дека таа е полна со пораки за виктимизација и содржи закана. Како што било и во минатото, српскиот народ е под опсада и нападнат од странски и од внатрешни непријатели, како и од други народи во поранешна Југославија, особено од Хрватите. Тие непријатели создадоа криза во која е доведен во прашање самиот опстанок на српскиот народ и неговите територии.“[13]

## Пропагандна кампања против несрпското население во северозападна Босна

Радослав Брѓанин беше еден од водечките политички лидери во Автономната област Крајина (АОК), која беше една во низата српски автономни области во Босна и Херцеговина формирани на почетокот на деведесеттите години како составен дел на Република Српска. Осуден е на 30 години затвор за злосторства против човештвото, кршење на законите и обичаите на војување и други злосторства извршени врз муслиманското и хрватското население на територијата на северозападна Босна.[14] Обвинението го товари, меѓу другото, дека во 1992 година имал водечка улога во пропагандната кампања која поттикнувала извршување на злосторства.

Поттикнувањето и поддршката на извршителите на злосторства најмногу се манифестираа преку поттикнувачките и дискриминаторски јавни настапи на Радослав Брѓанин за време на извршувањето на најтешките злосторства врз несрпското население во босанската Краина. Како еден од истакнатите лидери на Србите на северозападот на Босна, Брѓанин имал пристап до бројни медиуми, пред сè дневни весници, како и локални радио и ТВ станици, преку кои давал „запалливи“ изјави што претставувале директен повик на насилство против други етнички групи. Еден од заштитените сведоци, BT-94, сведочел за улогата на медиумите: „Требаше

[13] Поднесување на извештајот на вештакот Ентони Обершал од страна на обвинителството (БСХ, 333 страни), стр. 19-21.
[14] „Краина“, IT-99-36 Брѓанин, ООН, МКСЈ.

што повеќе да се демонизира спротивната страна за човек да поверува дека лицето со кое неговото семејство живеело хармонично и нормално стотици години, сега е негов непријател“, како и дека „медиумите не повикувале на геноцид, но медиумите создавале таква атмосфера што доведе до таа несреќа што се случи“.[15] Радослав Брѓанин континуирано користеше навредливи поими за припадниците на други народи, нарекувајќи ги „балии“, „усташи“, „Шиптари“, „штетници“, „погани“, „некрстени“ и „луѓе од втор ред“. Ова се очигледни примери на дехуманизација на муслиманското население кои биле широко користени во јавните настапи. Покрај тоа, Брѓанин на еден од митинзите изјави: „Оние леви сили кои повторно ни нудат заеднички живот мора да знаат дека обврска на Србите во следните сто години е да ги бришат чевлите од поганите некрстени кои /неразбирливо/ оваа наша земја“.[16] Во интервју за Српската радио-телевизија, по 15 септември 1992 година, Брѓанин зборуваше за планот за создавање на етнички чиста држава. Во јавните говори, како еден од методите за поттикнување на етничка и верска омраза кон други народи, беше злоупотребата на минатото:

> „Мора сите да сфатат дека мораме да создадеме национална српска држава, и оние кои мислат дека треба и по третпат да простиме на заедничкиот муслиманско-хрватски непријател, не верувам дека ќе најдат поволна почва кај нашиот народ. Ние не сме див народ. Но, камо среќа уште во 1918 да сме ставеле бодликава жица. Меѓу нас, Хрватите и муслиманите немаше да го има ниту овој трет колеж, ниту нападов врз српскиот народ.“[17]

Последиците од неговите изјави влијаеле врз несрпското население во босанската Краина да ги напушти своите домови. Заштитениот сведок BT-19 изјавил:

> „Беше страшно (…) да се види како обични луѓе кои инаку живееја заедно и кои немаа никакви злосторнички нагони, во период од неколку недели, неколку месеци, стануваат машини за убивање и тоа благодарение на

[15] Обвинителот против Радослав Брѓанин (Пресуда на Првостепениот совет), IT-99-36, МКСЈ, 1.9.2004, стр. 131.
[16] Ibid, стр.128.
[17] Ibid, стр.128.

страшната моќ на медиумите кои беа целосно под контрола и беа користени како пропаганден инструмент за ширење на омраза.“[18]

„Можам одговорно да тврдам дека господинот Брѓанин беше најекспонираната личност, господар на животот и смртта на тие простори, кој исклучително многу ги користеше медиумите преку своите настапи. Можам да кажам дека огромен број луѓе, вклучително и јас, по неговите настапи на телевизија и радио, имавме непреспани ноќи. Во некој временски период, веќе во ’92 година, огромен број луѓе наутро носеа одлуки за бегство или за начинот како да се извлечат од тој простор после изјавите и коментарите кои ги даваше господинот Брѓанин“, додаде ВТ-7: „Сите негови пораки беа толку транспарентни, толку силни, толку арогантни, што ја предизвикуваа токму таа психоза, тој страв за кој зборував, тие непреспани ноќи.“[19]

Во пресудата во предметот против Радослав Брѓанин се наведуваат причините заради кои е осуден на казна затвор од 32 години (во жалбената постапка преиначена на 30 години).

„Првостепениот совет утврди дека еден од најзначајните начини на кои обвинетиот придонел кон спроведувањето на Стратешкиот план било неговото соучество во пропагандната кампања против босанските муслимани и босанските Хрвати, која ја водел во различни фази на својата политичка кариера. Неговите позиции на власт му овозможувале пристап до медиумите, кој тој го користел за да дава јавни изјави што создавале страв и омраза меѓу босанските Срби од една и босанските Муслимани и босанските Хрвати од друга страна. Обвинетиот не само што повикувал на отпуштање на несрбите од нивните работни места, туку и јавно се залагал за несрпското население да ја напушти босанската Краина. Згора на тоа, обвинетиот отворено зборувал против мешани бракови и јавно предлагал кампања на одмазнички убиства на национална основа. Првостепениот совет се увери надвор од разумно сомневање дека, иако јавните изјави на обвинетиот можеби делумно биле

[18] Ibid, стр.131.
[19] Ibid.

мотивирани од желбата за сопствен напредок, тие биле намерни и имале катастрофално влијание врз луѓето од сите националности. Тие ги поттикнувале босанските Срби на вршење кривични дела и придонесувале кон создавање на клима во која луѓето биле подготвени да толерираат вршење на кривични дела и извршување на злосторства, а добросовесните босански Срби ги одвраќале од тоа да на било кој начин им помогнат на несрбите. Несрпското население на босанската Краина ги сфатило јавните изјави на обвинетиот како непосредни закани да го напуштат подрачјето под окупација на босанските Срби и многумина го сториле тоа стравувајќи за сопствените животи. Цел ред сведоци изјавиле дека јавните изјави на обвинетиот биле главната причина поради која го напуштиле тоа подрачје."[20]

## Медиумска пропаганда

### УЛОГАТА НА МЕДИУМСКАТА КАМПАЊА ВО ПОТТИКНУВАЊЕТО НА ПРОГОНСТВО НА СРПСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА „БУРА"

Пресудата против обвинетите за злосторства над српските цивили за време на воената операција на хрватските сили „Бура"[21] претставува една од најконтроверзните пресуди изречени пред Хашкиот трибунал. Хрватските воени команданти Анте Готовина и Младен Маркач првично беа едногласно прогласени за виновни и осудени на 24, односно 18 години затвор, затоа што како членови на најтесното хрватско политичко и воено раководство „имале заедничка цел за трајно отстранување на српското цивилно население од Краина со сила или со закана за употреба на сила, што претставувало или вклучувало прогонство, депортација и присилно преместување".[22] Меѓутоа, во жалбената постапка, двајцата беа ослободени. Судиите од Првостепениот и Жалбениот совет, врз основа на истите докази, дојдоа до различни заклучоци. Според обвинувањата на обвинителството,

[20] Резиме на првостепената пресуда во предметот Обвинителот против Радослав Брѓанин со која е осуден на казна затвор од 32 години, ООН, МКСЈ, 1.9.2004.
[21] Операцијата „Бура" IT-06-90 Готовина и Маркач, ООН, МКСЈ
[22] Ibid.

а потоа и на Првостепениот совет, средбата на хрватскиот претседател Фрањо Туѓман со претставници на хрватското воено и политичко раководство на Бриони на 31 јули 1995 година се зема како иницијален настан на кој се планирало да се протераат Србите од Краина.

> „Според обвинувањата на обвинителството, за време на таа средба се ’искристализирал’ планот за ’трајно и насилно’ отстранување на Србите од Краина. [...] Меѓу високите воени службеници присутни на таа средба со Фрањо Туѓман биле Гојко Шушак, Звонимир Червенко, Анте Готовина, Младен Маркач, Давор Доматзет и Мирко Норац. Според зборовите на Туѓман, целта на средбата била да се оцени тогашната ситуација и да се слушнат мислењата на воените команданти пред донесувањето одлука за понатамошни дејства во наредниот период.“[23]

Во првостепената пресуда, Советот констатираше дека на средбата се разговарало за „покажување на патот на цивилите за излез од Хрватска“, односно за протерување на населението. „На кој начин да се реши? Тоа е сега тема на нашата денешна расправа. Да нанесеме такви удари што Србите практично ќе исчезнат, односно она што нема веднаш да го зафатиме, да мора да капитулира во неколку дена.“[24] Фрањо Туѓман предложил покрај телевизиски и радиопубликации, да се користат и летоци кои ќе се фрлаат директно меѓу српското население:

> „Еден леток вака, значи општа збрка, победа на Хрватската војска со поддршка на светот итн., вие Србите веќе се повлекувате преку итн., а ние ве повикуваме да не се повлекувате, ние ви гарантираме … Значи, на тој начин им се дава пат, а се гарантираат навидум граѓански права итн.“[25]

Целта на овие пропагандни активности беше да предизвикаат паника и страв меѓу цивилното население, за што поголем број од нив да ги напуштат своите домови, иако „навидум“ им биле загарантирани граѓанските права. На 4 август 1995

[23] Обвинителот против Анте Готовина и останатите (Пресуда на првостепениот совет, том II од II), IT-06-90, МКСЈ, 15.4.2011, стр.993.
[24] Белешки од состанокот на претседателот на Република Хрватска Ф. Туѓман со воените претставници на 31 јули 1995 година во Бриони.
[25] Ibid.

година, кога започна операцијата „Бура“, Фрањо Туѓман им се обрати на граѓаните од српска националност со проглас:

> „Го повикувам хрватските граѓани од српска националност, кои не учествувале активно во востанието, да останат во своите домови и без страв за својот живот и својата имот, да го дочекаат хрватското владеење, со гаранција дека ќе им бидат дадени сите граѓански права.“[26]

Многумина не поверувале во искреноста на намерите на Туѓман. Што се случило со оние кои поверувале? Мајле Совиљ, српски новинар од Грачац, сведочел за судбината на својот татко и на други граѓани кои поверувале во Туѓмановиот проглас за српското население:

> „Поголемиот дел од семејството Совиљ во Кијани се подготвувало да замине, но неговиот татко, Владе Совиљ, не сакал да оди, велејќи дека слушнал на радио дека секој час се емитува порака од Фрањо Туѓман со која луѓето се повикуваат да не ги напуштаат своите домови затоа што ништо нема да им се случи. [...] Сведокот подоцна слушнал дека хрватските сили на 8 август 1995 или околу тој датум го убиле неговиот татко, како и 13 други лица кои останале во Кијани.“[27]

Сведокот Мирко Огњеновиќ сведочел дека додека ја слушал Туѓмановата изјава на радио: „Кој не е виновен, не треба никаде да оди.“ Решил да остане дома. Меѓутоа, во неговиот двор упаднале војници на хрватските сили:

> „Доказите укажуваат дека во вечерните часови на 18 август 1995, откако Мирко Огњеновиќ чул некој да вика ’Каде се тие деветмина? Излезете да ве убијам!’ [...] Доказите понатаму укажуваат дека еден од тие двајца ги нарекол Мирко, Радослав и Урош Огњеновиќ ’четници’, го удрил Радослав Огњеновиќ од страна со кундакот од пушката и потоа испукал неколку куршуми, од кои едниот го погодил Радослав Огњеновиќ во раката, поради што коската му ја прободела кожата. Покрај тоа, еден од мажите со удар го соборил Мирко

[26] Отвореното писмо на претседателот Туѓман до Србите од РСК, 4.8.1995.
[27] Обвинителот против Анте Готовина и останатите (Пресуда на Првостепениот совет том I од II), IT-06-90,МКСЈ, 15.4.2011, стр. 138,139.

Огњеновиќ на земја, по што тој ја изгубил свеста [...] Мирко Огњеновиќ ги пронашол телата на Урош Огњеновиќ (роден 1926 или 1928) и Урош Шариќ (роден 1919 или 1920) во дворот на Урош Огњеновиќ, оддалечен околу 200-250 метри од неговиот. На телата имало прострелни рани за кои е утврдено дека ја предизвикале нивната смрт.“[28]

Неколку недели по операцијата „Бура“, Фрањо Туѓман на 26 август одржал говор на јавен собир во Книн:

> „Но денес, тоа е хрватскиот Книн. И никогаш повеќе нема враќање на она што било, среде Хрватска да ни се шири ракот што го уништува хрватското национално битие, што не дозволува хрватскиот народ навистина да биде сам свој на своето, Хрватска еднаш да биде способна за самостоен и суверен живот [...]. Исчезнаа за два-три дена, како што реков [како никогаш да не биле] [...] Немале време, немале време да ги соберат ниту своите валкани пари – девизи, ниту гаќите!“[29]

Во првостепената пресуда, меѓу другото, се наведува дека прогонството на српското население продолжило и по операцијата „Бура“:

> „Во времето кога Туѓман го одржа тој говор, операцијата ‘Бура’ беше завршена. Меѓутоа, хрватските воени сили и Специјалната полиција продолжија да дејствуваат во Краина, особено во однос на операциите за расчистување на теренот. Понатаму, српското цивилно население во Краина остана мета на овие сили. [...] Хрватските воени сили и Специјалната полиција извршија голем број убиства, нечовечки дела, дела на сурово постапување и дела на уништување на имоти и пљачкосувања на српските цивили во Краина. Во текот на тие месеци, членовите на хрватското политичко и воено

[28] Ibid, 149,150.
[29] Транскрипт од видеото UN Camera Tape 13/8/95 #7 R1882, Train of Freedom video (contains footage of Ivan Cermak and Franjo Tudjman's speeches, dated 26.08.95, видео материјал: UN Camera Tape 13/8/95 #7 R1882, Train of Freedom video (contains footage of Ivan Cermak and Franjo Tudjman's speeches, dated 26.08.95.

раководство активно воведоа дискриминаторски мерки против Србите, а нивни цели беа особено Србите кои ја напуштиле или ја напуштале Краина.“[30]

По операцијата „Бура“ и егзодусот на Србите од Краинскиот регион, хрватското раководство продолжи со жестока медиумска кампања насочена кон спроведување акција за „чистење на теренот“ од преостанатото српско население и трајно спречување на нивното враќање во своите домови.



(Фотографија од екранот, Јутјуб) Говорот на Фрањо Туѓман во Книн, 26 август 1995 година

## МЕДИУМСКАТА ПРОПАГАНДА ВО ПРИЕДОР

Паралелно со почетокот на војната во Хрватска во 1991 година, медиумската пропаганда се интензивираше и во Босна и Херцеговина. Во Приедор, медиумската кампања имаше за цел да шири страв и несигурност меѓу несрпското население. Тоа доведе до пораст на тензиите помеѓу српската заедница во Приедор од една страна и муслиманската и хрватската заедница од друга. Пропагандната кампања придонесе за започнување на бран насилство против несрпското население. Муслиманите и Хрватите почнаа да ја напуштаат општината поради сè поголемото чувство на несигурност и страв. Радио и ТВ емисиите емитуваа програми со

[30] Обвинителот против Анте Готовина и останатите (Пресуда на првостепениот совет, том II од II), IT-06-90, МКСЈ, 15.4.2011, стр. 1132-1133.

пропаганден карактер во кои се користеа навредливи термини за несрбите. Во пресудата за Миломир Стакиќ, некои од сведоците опишуваа каква била атмосферата на омраза во градот:

> „Истовремено, Муслиманите и Хрватите, поради сè поголемото чувство на неизвесност и страв меѓу населението, почнаа да ја напуштаат општината. Просрпската пропаганда стануваше сè поочигледна. Општинскиот весник 'Козарски весник' почна да објавува написи со кои ги оцрнуваа несрбите. Српските средства за јавно информирање ја пропагираа идејата дека Србите мора да се вооружат за да не доживеат повторно ситуација слична на онаа во која се најдоа во Втората светска војна, кога врз Србите беше извршен масакр.“
>
> „Во печатот, често како синоними за несрпското население се користеа изрази како „усташи“, „муџахедини“ и „Зелени беретки“. Радио Приедор ширеше пропаганда зборувајќи за Хрватите и муслиманите на погрден начин. Во август 1991 година, локалната паравоена формација „Волците од Вучјак“ го заседе предавателот на Козара, што, меѓу другото, имаше за последица повеќе да не се прима програмата на Телевизија Сараево. Таа програма беше заменета со емисии од Белград и Бања Лука, во кои се водеа разговори со политичари од СДС и се изведуваа српски националистички песни кои претходно беа забранети. Политичарите од СДС тврдеа дека Србите сакаат да ја зачуваат Југославија, додека Муслиманите и Хрватите сакаат да ја уништат.“[31]

По воспоставувањето на контрола во Приедор од страна на босанските Срби, средствата за јавно информирање главно емитуваа српски националистички песни и изразено пропагандна програма, во која лидерите на Партијата за демократска акција (СДА) и угледни несрби беа претставувани како криминалци и екстремисти. Целта на пропагандната кампања беше поларизирање на населението на Приедор по национална основа и создавање атмосфера на страв и неизвесност.

---

[31] Обвинителот против Миломир Стакиќ, (Пресуда), IT-97-24, МКСЈ, 31.7.2003, стр.11.

Еден од примерите за медиумска пропаганда е известувањето на печатените и електронските медиуми во кое се тврди дека лекарите – босански муслимани се обидуваат да го намалат природниот прираст кај Србите „со стерилизација на Србинките“ или „така што на бремени српски жени им даваат инјекции за да можат да раѓаат само женски деца“.

> „Како печатот, така и електронските средства за информирање ширеа тврдења за лекарите несрби кои можат единствено да се окарактеризираат како очигледни лаги: д-р Мирсад Мујаџиќ од СДА беше обвинет дека на Србинките им вбризгува средства поради кои тие нема да можат да раѓаат машки деца, а д-р Жељко Сикора, наречен ’доктор монструм’, беше обвинет дека предизвикува абортуси кај Србинките кои носат машки деца и дека кастрира машки бебиња на родители од српска националност. Натаму, во написот на ’Козарски весник’ од 10 јуни 1992 година, д-р Осман Махмуљин беше обвинет дека намерно погрешно го лекувал својот колега од српска националност, д-р Живко Дуќиќ, кој доживеал инфаркт. [ . . . ] Нусрет Сивац посведочил дека Србите биле повикувани да линчуваат несрби.“[32]

Целта на таквата кампања беше „ослабување на отпорот“ преку нарушување на угледот на истакнати и угледни граѓани на Приедор кои не беа од српска националност. Таквите тврдења предизвикуваа големо незадоволство меѓу српското население во Приедор и создаваа анимозитет кон неправедно обвинетите соседи. Суштинската цел на таа кампања беше да ги претстави несрбите како непријатели со кои заеднички живот е невозможен. Создавањето атмосфера на недоверба, страв и омраза во општина Приедор беше почетната основа за започнување на прогонствата, затворањето на илјадници луѓе во логорите Омарска, Кератерм и Трнополе и целосното етничко чистење на тој простор.

[32] Ibid, стр.30.



IT-95-8-PT

5.25.
3213

IT-98-30-PT

РАТНО ИЗДАЊЕ

КОЗАРСКИ ВЈЕСНИК

МЛАДИ ВОЈНИЦИ У СУБОТУ ПОЛОЖИЛИ СВЕЧАНУ ЗАКЛЕТВУ

КРАЈИШКИ — КАКО И ПРИЛИЧИ

СРПСКОМ НАРОДУ

ГЕНЕРАЛНИ СЕКРЕТАР ЦРВЕНОГ КРСТА СР ЈУГОСЛАВИЈЕ У ПРИЈЕДОРУ

Проблеми општине Приједор уистину тешки

ПОТПУН ПОРАЗ МУСЛИМАНСКИХ И ХРВАТСКИХ ЕКСТРЕМИСТА

Убијали се међусобно

Страница на воедното издание на „Козарски весник“ од јули 1992 година

## Директно и јавно поттикнување на извршување злосторства низ примерот на Руанда

Одредбата за „директно и јавно поттикнување на извршување на геноцид“ од Конвенцијата за геноцид од 1948 година е применета во судските процеси пред Меѓународниот кривичен суд на Обединетите нации за Руанда. Помеѓу април и јули 1994 година, припадници на мнозинската заедница Хуту извршија геноцид во Руанда врз припадниците на малцинската заедница Тутси, ликвидирајќи околу еден милион луѓе.

Меѓународниот кривичен суд на Обединетите нации за Руанда осуди тројца функционери од Руанда, меѓу другото и за „поттикнување на геноцид“ во процесот Нахимана и останатите („Медиумскиот случај“).[33] Фердинанд Наимана, основач и уредник на радио станицата РТЛМ, Жан-Боско Барајагвиза, претседател на Управниот одбор на РТЛМ и лидер на една екстремистичка политичка партија, и Хасан Нгезе, главен уредник на весникот Кангура (прев. „Разбуди ги другите“), беа осудени, меѓу другото, и за поттикнување на геноцид. Фердинанд Нахимана беше осуден на 30 години затвор, Хасан Нгезе на 35, а Жан-Боско Барајагвиза на 32 години затвор.

Фердинанд Нахимана и Жан-Боско Барајагвиза беа осудени како управувачи на приватната радио станица РТЛМ, која индиректно и директно повикуваше на убиства, дури и до таа мера што беа наведувани имиња на луѓе кои требало да бидат ликвидирани, како и локации на кои тоа би требало да се изврши. Во деновите кои му претходеа на геноцидот и за време на масакрите, РТЛМ добиваше помош од Радио Руанда, станица во владина сопственост, чии програми се емитуваа во селата и градовите низ целата земја преку мрежа на предаватели со кои управуваше Радио Руанда.

Во пресудата беше посебно нагласено дека Нахимана бил „угледен научник“. Тој бил „професор по историја на Националниот универзитет на Руанда“, врз основа на што се заклучува дека бил „целосно свесен за моќта на зборот и го

[33] Нахимана и останатите („Медиумскиот случај“) (ICTR-99-52), МРМКС.

користел радиото како медиум за комуникација со најширокиот опсег на јавноста – за ширење омраза и насилство". Во пресудата понатаму се наведува дека „без огнено оружје, мачета или било какво физичко оружје, предизвикал смрт на илјадници невини цивили".[34] Докажана е „директната" природа на поттикнувањето за извршување на геноцид бидејќи е утврдено дека обвинетите користеле еуфемизми, како фразата „оди на работа", како повици за убиство на Тутсите. Во заклучокот на пресудата се наведува следново:

> „Овој случај покренува важни принципи во врска со улогата на медиумите, кои од Нирнберг не биле разгледувани на ниво на меѓународно кривично правосудство. Моќта на медиумите да создаваат и уништуваат основни човекови вредности доаѓа со голема одговорност. Тие што ги контролираат таквите медиуми ја сносат одговорноста за нивните последици."[35]

Судски беше утврдено дека поттикнувањето на меѓуетничка омраза и насилство било суштински дел од уредувачката политика на РТЛМ во текот на 1994 година. Еден од доказите на судењето беше и транскрипт од аудио-снимка во која спикерот на РТЛМ, Кантано Хабимана, бесчувствително ја опишува бруталната смрт на едно дете.

> „Ги измамија децата од племето Тутси ветувајќи им неостварливи работи. Синоќа видов едно дете од племето Тутси кое беше рането и фрлено во дупка длабока 15 метри. Успеа да излезе од дупката, по што беше докрајчен со палка. Пред да умре, го испрашуваа. Одговори дека Инкотањи[36] му ветиле дека ќе му го платат школувањето сè до универзитет. Но, дека тоа може да биде изведено без да се доведе сопствениот живот во опасност и без уништување на државата. Не го разбираме однесувањето на Инкотањи. Тие

[34] Обвинителот против Фердинанд Нахимана и останатите „Медиумскиот случај" (Пресуда и казна), ICTR-99-52-T, МКСР, 3.12.2003, стр. 358-359.
[35] Ibid. стр. 317.
[36] Патриотски фронт на Руанда, политичка и воена организација на Тутсите.

немаат повеќе лесно или тешко оружје од нас. Ние сме побројни од нив. Верувам дека ќе бидат збришани од лицето на земјата ако не се повлечат.“[37]

Хасан Нгезе беше основач и уредник на таблоидот Кангура. Во месеците што му претходеа на геноцидот тој објавуваше написи во кои Тутсите, меѓу другото, беа дехуманизирани како „бубашваби“. Таблоидот Кангура ги прикажуваше Тутсите на стереотипен начин – како зли, подмолни, лажговци, крадци и убијци. Во пресудата беше утврдено дека особено жените Тутси биле мета на прогонство преку тоа што биле прикажувани како фатални и заводливи агенти на непријателот. Мажите Хуту биле сметани за предавници доколку се оженеле со жена Тутси.




Насловната страна на Кангура бр. 26 од ноември 1991 година. Во насловот стои „Тутси: Божја раса“. Во текстот, во црната рамка покрај мачетата, е поставено прашањето: „Со кое оружје засекогаш ќе ги победиме бубашвабите?“

„Во напис објавен во Кангура во јануари 1994 година, Хасан Нгезе напиша: Да се надеваме дека ‘бубашвабите’ ќе имаат храброст да разберат што ќе се случи и да сфатат дека, ако направат мала грешка, ќе бидат

[37] Аудио снимка од програмата емитувана на 31 мај 1994 година на страницата Radio Télévision Libre des Mille Collines и транскрипт од емитуваната содржина.

истребени: ако згрешат и повторно нападнат, во Руанда нема да остане ниту еден од нив, па дури ни еден соучесник.“[38]

Во делот од пресудата што се однесува на Нгезе е наведено и следново:

„Хасан Нгезе, како сопственик и уредник на познати весници во Руанда, беше во позиција да ја информира јавноста и да го обликува јавното мислење во насока на постигнување демократија и мир за сите граѓани на Руанда. Наместо да ги користи медиумите за промовирање на човековите права, тој ги искористи за да ги нападне и уништи човековите права. [...] Тој ги затру умовите на своите читатели и со зборови и со дела предизвика смрт на илјадници невини цивили.“[39]

Ќе го споменеме и случајот што Меѓународниот кривичен суд за Руанда го водеше против Симон Бикинди, кој беше осуден на 15 години затвор за директно и јавно поттикнување на извршување геноцид. Симон Бикинди беше композитор и пејач од Руанда кој, користејќи ја својата популарност, поттикнуваше етничка омраза и отворено повикуваше на прогонство на Тутсите.

„Во периодот од 1990 до 1994 година, Симон Бикинди компонирал, изведувал, снимал или дистрибуирал музички композиции кои ја величеле солидарноста на Хутуите и ги карактеризирале Тутсите како поробувачи на Хутуите. Овие композиции подоцна биле користени во пропагандна кампања за да се таргетираат Тутсите како непријатели или како соучесници на непријателите, и за да се поттикнат, охрабрат и насочат Хутуите да се одделат од Тутсите и да ги убијат. [...] Кон крајот на јуни 1994 година, во префектурата Жисени, Симон Бикинди управувал со возило опремено со разглас и водел караван на Интерахамве (паравоена формација на Хутуите) на главниот пат помеѓу општините Кивуму и Кајове, скандирајќи: ‘Главното население, тоа сте вие, Хутуи, вам ви се обраќам. Знаете дека малцинското население се Тутсите. Брзо истребете ги преостанатите.’ Симон Бикинди исто така користел

[38] Обвинителот против Фердинанд Наимана, Жан-Боско Барајагвиза и Хасан Нгезе (Пресуда), ICTR-99-52-T, МКСЈ, 3.12.2003, стр. 320.
[39] Ibid, стр. 359.

разглас на возилото за емитување на своите музички композиции во 1993 година и кон крајот на јуни 1994 година.”[40]



Исечок од видео-снимката од завршниот збор на Симон Бикинди во кој тој запеал во текот на жалбената расправа одржана на 30 септември 2009 година во предметот кој се водеше против него.

[40] Обвинителот против Симон Бикинди (Изменето обвинение според одлуките на Првостепениот совет III од 11.5.2005 и 10.6.2005), ICTR-2001-72-I, МКСР, 15.6.2005, стр. 12-13.

# Противправно лишување од слобода и затворање

На 17 август 1992 година, на насловната страна на магазинот „Тајм“ се појави фотографија на прегладнети мажи зад бодликава жица. На фотографијата која ја шокираше јавноста, а беше направена од тимот на новинската мрежа „ITN“, се наоѓаа муслимански затвореници во Трнополе, еден од бројните логори во општина Приедор во Босна и Херцеговина, под контрола на силите на босанските Срби. Таа фотографија ја илустрира реалноста на војната во поранешна Југославија и злосторствата за кои се сметаше дека, по Втората светска војна, повеќе никогаш нема да бидат можни. Сепак, фотографијата која во прв план го прикажува затвореникот од Трнополе, Фикрет Алиќ, како и извештаите на меѓународните новинари кои во август 1992 година ги посетија логорите во Приедор, придонесоа кон отпочнувањето на истраги поврзани со злосторствата извршени во тие логори, а во крајна линија и кон формирањето на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ).[41]




Насловна страна на магазинот „Тајм“, 17.8.1992.

[41] Треба да се истакне дека новинарските екипи од странските медиуми престојуваа во општина Приедор по покана на тогашниот лидер на босанските Срби, Радован Караџиќ. Тој, всушност, имал намера да ја разубеди меѓународната јавност дека станува збор за концентрациони логори, па ги повикал новинарите сами да се уверат во тоа. Меѓутоа, меѓународните новинари посведочиле на сцени кои укажувале на фактот дека затворениците во логорите се држат во нечовечки услови и дека се жртви на злосторства.

Бидејќи ова поглавје се занимава со различните форми на противправно лишување од слобода и затворање за време на војните во 1990-те на просторите на поранешна Југославија, сметаме дека е потребно да се дефинира терминот логор, што е од суштинско значење за наставниците при изучувањето на оваа тема. Терминот логор обично се користи за место каде што група луѓе се држат против нивна волја, честопати под принуда или во услови кои ги кршат нивните основни човекови права. Логорите можат да бидат од различни видови и се користат за различни цели, но тие често се поврзани со сериозни кршења на човековите права, од кои едно е незаконското затворање во нехумани услови. Иако тие постоеле низ историјата во различни форми и во различни размери, воспоставувањето на логори со енормни кршења на човековите права е првенствено карактеристика на авторитарните режими од првата половина на дваесеттиот век.

Меѓу најозлогласените логори основани во овој период биле оние во нацистичка Германија и Советскиот Сојуз. Според Енциклопедијата на холокаустот (Holocaust Encyclopedia), во периодот меѓу 1933 и 1945 година, нацистичка Германија и нејзините сојузници воспоставиле повеќе од 44 000 концентрациони логори, од кои првиот бил основан во март 1933 година во Дахау, во близина на Минхен. Во овие логори, меѓу кои беа Аушвиц, Белзец, Собибор и Треблинка, убиени беа над 2 722 000 Евреи.[42] Во сличен временски период, во Советскиот Сојуз по наредба на тогашниот лидер на земјата Јосиф Висарионович Сталин, беше воспоставен систем на логори за принудна работа познат како гулаг. Системот беше воспоставен и користен првенствено за борба против политичките неистомисленици.[43] Вообичаената казна во овие логори беше од пет до дваесет години тешка работа. Затворениците во логорите работеа на отворено и во рудници во најлоши можни услови, без соодветна облека, алати, засолниште, храна и други основни потреби.[44] Иако се чинеше дека логорите од ваков тип и намена станаа

[42] Нацистичките кампови, Меморијален музеј на холокаустот во Соединетите Американски Држави, посетено на 23.12.2023 година.
[43] Според извештајот на „Московскиот весник“ од 1990 година, 3 778 234 луѓе поминале низ овој логорски систем во периодот помеѓу 1931 и 1953 година, а од нив 786 098 биле убиени. Сепак, современите истражувања покажуваат дека бројот на затвореници надминал 18 милиони.
[44] David Hosford, Pamela Kachurin, Thomas Lamont, Gulag: Soviet Prison Camps and Their Legacy, Harvard University, посетено на 23.12.2023 година.

минато и предупредување за идните генерации, војните во поранешна Југославија во текот на 1990-те покажаа дека човечката суровост се јавува и се манифестира во различни околности и временски периоди.

Во однос на развојот на меѓународното право за третман на воените заробеници за време на конфликти, важно е да се истакне II Хашка конвенција од 1899 година. Во неа, меѓу другото, се наведува дека со затворениците мора да се постапува човечно, дека тие не смеат да се користат за работа која е на кој било начин поврзана со воените операции, туку дека можат да извршуваат одредени јавни или приватни задачи, за кои мора да бидат платени.[45] Одредбите од Хашката конвенција од 1899 година беа дополнети во 1907 година кога беше усвоена IV Хашка конвенција,[46] но позначаен напор беше направен со усвојувањето на III Женевска конвенција (1929 година). Иако делумно се потпира на веќе постоечките Хашки конвенции, Женевската конвенција воведе некои нови одредби. Една од особено интересните одредби се однесува на положбата на жените, според која со жените ќе се постапува со сите обѕири кои се должат на нивниот пол. Секако, ова беа првите во низата конвенции, во кои, како што може да се забележи, доминираат одредби што се однесуваат на положбата на воените заробеници, додека затворањето и лишувањето од слобода на цивилите не беа конкретно регулирани. Таквите одредби беа воведени главно по Втората светска војна, поради злосторствата извршени за време на војната.

Токму врз основа на Женевските конвенции од 12 август 1949 година, МКСЈ беше, меѓу другото, надлежен да ги гони лицата кои извршиле или наредиле да се извршат противправни депортации или преместувања или противправно затворање на цивили.[47] Исто така, член 5 од Статутот на МКСЈ ги наведува

[45] Меѓународна мировна конференција, Хашка конвенција II во однос на законите и обичаите на војна на копно (со приложени правилници), Хаг, 29.7.1899, посетено на 23.12.2023.
[46] Втора меѓународна мировна конференција, IV Хашка конвенција за законите и обичаите на војување на копно и нејзиниот анекс: Правилник за законите и обичаите на војната на копно, Меѓународни конференции, 18.10.1907 година, посетено на 23.12.2023.
[47] Мандат и кривични дела во надлежност на МКСЈ, ООН, МКСЈ, посетено на 1.9.2023.

злосторствата против човештвото извршени врз цивили, вклучувајќи и поробување, затворање, мачење, силување и други нехумани дела.[48]

За жал, за време на војните во поранешна Југославија во 1990-те, горенаведените злосторства беа многу чести во логорите, центрите за собирање и другите места за затворање. Повеќето од логорите се наоѓаа во Босна и Херцеговина, но имаше и некои во Хрватска, Косово и Србија. Во овие логори беа извршени злосторства против човештвото, вклучувајќи масовни убиства, мачење, силување и принудна работа. Логорите главно се користеа за затворање на цивили од етничка група која се сметаше за непријателска, а тие често и служеа како места каде што се извршуваа систематски злосторства со цел заплашување на луѓето и принудување на оние што преживеале да го напуштат тоа подрачје.

Во следните поглавја, ќе разгледаме различни форми на противправно лишување од слобода и затворање за време на конфликтите во поранешна Југославија, вклучувајќи го самиот чин на затворање, условите во логорите и третманот на заробените лица во нив, како и нивната употреба како живи штитови и за нелегална работа, главно на фронтовските линии. Сето ова ќе укаже на бројни злоупотреби на моќ од страна на луѓето кои управувале со логорите, како и нивните подредени, кои подоцна биле гонети пред МКСЈ.

## Цели на учењето

- Учениците да се запознаат со процесите на ограничување на слободата на движење на цивилите и затворање на цивилите, да разберат до кој степен овие процеси ги кршат човековите права и да развијат емпатија, хуманост и солидарност кон жртвите.
- Учениците да се запознаат со просторите каде што биле основани логорите, нехуманите услови за живот во логорите, како и индивидуалната одговорност

[48] Совет на безбедност на ОН, Статут на МКСЈ (со амандманот од 17.5.2002), 25.5.1993. посетено на 1.9.2023. [Во понатамошниот текст: Статут на МКСЈ]

на сторителите за нивното постоење и кршењата на човековите права за време на војните во поранешна Југославија во 90-те години на минаитот век.

## Чинот на заробување

Самиот чин на заробување на луѓето, претежно цивили, за време на војните во поранешна Југославија има свои специфики. Како што е утврдено во низа судски пресуди во Хаг, мнозинството од заробените за време на војната биле цивили кои не претставувале никаква закана. И покрај ова, тие биле одделени од своите семејства, злоупотребувани и малтретирани, а многу од нив починале на местата во кои биле затворени. Единствената причина за нивното затворање била тоа што припаѓале на друга национална и/или религиозна група. Затоа, кога се обработуваат овие теми, неопходно е наставниците да се осврнат на прашањето кои биле луѓето што биле заробени за време на војната, на кој начин било тоа направено, каде биле однесени и каква била нивната судбина на крајот. Судските постапки и пресудите на Хашкиот трибунал во овој поглед претставуваат вреден извор. Исказите на сведоците пред Трибуналот не се само вреден историски извор, туку можат да се користат и за развивање емпатија кај учениците при обработка на наставни единици поврзани со војните на просторите на поранешна Југославија во текот на 90-те години на минатиот век.

Така, Споменка Дрљевиќ, сведок во предметот IT-04-74 Прлиќ и останатите, опишува како се одвивал процесот на затворање во општина Мостар и нејзината околина. Дрљевиќ, која за време на војната била затворена во затворот Љубушки и на Хелиодром, во своето сведочење опишала како луѓето биле носени во логорите, кој учествувал во процесот и како се постапувало со заробените во текот на процесот. Во своето сведочење, Дрљевиќ јасно наведува дека за време на апсењето, заробените биле идентификувани и на национална и на верска основа, што бил и главен фактор и причина за нивното апсење. На прашањето дали знаела каде биле носени затворениците, Дрљевиќ наведува дека била убедена дека тие биле носени во Хелиодром, но им било кажано само дека одат во Љубушки, за кој

во тој момент единствено знаела дека е централниот затвор.[49] Врз основа на ова и на слични сведоштва, може да се извлече јасен заклучок за тоа како течел чинот на апсење, но и како повеќето мажи биле одвоени од жените уште на самиот почеток, како што сведочеше и самата Дрљевиќ.

Друг пример е сведочењето на Љубица Дошен, чиј сопруг, Мартин Дошен, бил хоспитализиран во болницата во Вуковар во ноември 1991 година. Силите на ЈНА, предводени од мајор Веселин Шљиванчанин, зеле голем број мажи од болницата во Вуковар, вклучувајќи го и Мартин Дошен[50] (кој бил изнесен на носилка надвор од болницата) и неговите браќа. Оттаму, заедно со други мажи од болницата, биле однесени со автобус до земјоделскиот посед Овчара во близина на Вуковар, во чија близина биле убиени.[51]

Настаните во општина Приедор[52] ги опиша Емир Бегановиќ, кој во своето сведочење пред Судот истакна дека ситуацијата во тој град станала многу напната по парламентарните избори одржани во 1990 година:

> „Босанските Срби ѝ се приклучија на Југословенската народна армија (ЈНА) и ги поддржаа своите сонародници во таа војна. Приедор стануваше сè помилитаризиран, а присуството на вооружени српски војници од конфликтот во Хрватска беше забележливо. Оружје како пушки на ЈНА и рачни гранати се продаваше на улиците, а обичните граѓани се вооружуваа за заштита [...] Во март 1992 година, голем број луѓе, претежно муслимани и Хрвати, го напуштија Приедор [...] Сите имаа некакво злокобно чувство ‘дека нешто ќе се случи’ [...] Србите официјално ја презедоа власта во Приедор на 30 април 1992 година. Од тој ден, се сеќава г-дин Бегановиќ, ‘тензијата растеше од час во час’. Србите кренаа српски знамиња низ целиот град и поставија контролни

[49] Сведочење на Споменка Дрљевиќ во предметот„Љубушки“, 5.5.2021.
[50] Во тоа време, Марин Дошен бил член на Хрватската демократска заедница (ХДЗ) и бил вклучен во одбраната на Вуковар. Кога бил однесен од болницата од страна на силите на ЈНА, тој бил неподвижен и затоа бил изнесен од болницата на носилка.
[51] Љубица Дошен, ОН, МКСЈ, посетено на 28.12.2023.
[52] Откако Србите ја заседоа власта во Приедор, прво, сите босански Хрвати и муслимани беа отстранети од одговорни позиции, а потоа илјадници цивили од несрпска националност беа заробени во логорите. Голем број луѓе беа осудени од Судот за злосторствата извршени во логорите Омарска, Трнополе и Кератерм.

пунктови каде што ги малтретираа муслиманите и Хрватите, додека Србите минуваа непречено. На 30 мај 1992 година, српските сили започнаа етничко чистење на несрпското население од Приедор. Преку радио беа издадени инструкции до муслиманите да не ги напуштаат своите домови, а подоцна им беше кажано дека мора да закачат бели чаршафи пред своите домови за да бидат идентификувани како муслимани […] Исто така, преку радио беа издадени инструкции дека муслиманите мора да носат бели ленти околу рацете, да излезат на улиците и во колона да се упатат кон главниот плоштад […] Кога стигна до центарот на градот, г-дин Бегановиќ ѝ се придружи на група од околу две илјади луѓе кои веќе беа таму. Автобуси веќе ги чекаа таму. Српските војници ги одвоија сите муслимани над 15 години. Г-дин Бегановиќ беше однесен во логорот Омарска, каде што помина два месеци.“[53]

Слична судбина го снајде и Недељко Драганиќ, од селото Цериќи во близина на Коњиќ, кој беше затворен на само 19-годишна возраст. Откако неговото село беше бомбардирано од страна на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО) и Територијалната одбрана на БиХ, Драганиќ, кој не беше член на вооружените сили што го бранеа селото, беше заробен на 23 мај 1992 година заедно со неговиот брат. На Драганиќ му беше кажано дека е одведен на информативен разговор и дека ќе биде вратен во својот дом истата вечер, но тоа, како што се покажа, не беше вистина. За време на неговиот престој во Челебиќи, командантот на логорот Хазим Делиќ еднаш му рече дека луѓето биле затворени „затоа што биле Срби“.[54]

Во областа Лашванска долина[55] за време на конфликтот во Босна и Херцеговина беа извршени низа злосторства против човештвото, вклучувајќи убиства, поробување, затворање и други нехумани дела. Во предметот IT-95-14 „Лашванска долина“, генералот и командант на силите на ХСО Тихомир Блашкиќ беше осуден за низа злосторства, кои вклучуваа злоупотреба на заробениците во

[53] Емир Бегановиќ, МКСЈ, посетено на 3.9.2023.
[54] Недељко Драганиќ, ОН, МКСЈ, посетено на 2.9.2023.
[55] Лашвашката долина е долина долга 17 km и се протега во централна Босна низ четирите општини: Витез, Бусовача, Травник и Нови Травник.

затворните установи во областа Лашванска долина. Судскиот совет во овој случај го заклучи следново:

> „Незаконското затворање на цивили, како појавен облик на кривичното дело прогонство, означува противправно лишување од слобода на одредена група дискриминирани цивили.“[56] Жалбениот совет заклучи дека Блашкиќ бил свесен дека: ‘заробените биле противправно затворени на две локации во Домот на културата во Витез (во чиј склоп се наоѓа киносала) и во ветеринарната станица во Витез, и дека бил свесен за противправните услови во кои биле затворени’, но исто така дека ‘и покрај сознанието за злосторствата поврзани со затворањата извршени во Домот на културата во Витез и во ветеринарната станица во Витез, тој не ги казнил подредените кои биле одговорни за тоа и над кои можел да врши ефективна контрола, и не ги пријавил прекршувањата за кои бил свесен на надлежните органи.’“[57]

Во случајот IT-95-14/2 „Лашванска долина“, Дарио Кордиќ, еден од водечките политичари во заедницата на босанските Хрвати, и Марио Черкез, командант на Витешката бригада на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО), беа осудени за низа кривични дела, меѓу кои и противправно затворање на цивили. Како што е наведено во пресудата, Кордиќ наредил „затворање на босанските муслимани и воспоставување на затворски објекти во Лашванската долината, поточно во местото Каоник, киносалата во Витез, ветеринарната станица и зградата на СДК (во канцеларискиот блок во Витез), во Шаховскиот клуб и училиштето во Дубравица“, додека Черкез сноси индивидуална кривична одговорност за „притворањето и противправното затворање на босански муслимански цивили во киносалата во Витез и зградата на СДК во Витез до крајот на април 1993 година“.[58] Наведените примери во областа на Лашванската долината јасно и недвосмислено покажуваат дека луѓето (претежно цивили) во оваа област биле противправно

---

[56] Обвинителот против Тихомир Блакшиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-95-14-T, МКСЈ, 3.3.2000, посетено на 3.1.2024.
[57] МКСЈ, Соопштение за јавноста: Пресуда на Жалбениот совет во предметот Обвинителот против Тихомир Блакшиќ. Тихомир Блакшиќ осуден на 9 години затвор, 30.7.2004. посетено на 1.9.2023.
[58] МКСЈ, Податоци за предметот: „Лавшанска долина“, IT-95-14/2 Обвинителот против Кордиќ и Чекрез, посетено на 1.9.2023.

затворани, а по затворањето биле подложени на брутален терор. Еден од сведоците во овој случај беше Кадир Ѓиѓиќ, наставник по Физика од Витез, кој беше уапсен од страна на членови на ХСО во април 1993 година. Двајца војници, Славен Краљевиќ и друг војник чие презиме, како што подоцна дознал, било Крижанац, влегле во станот и го однеле зад зградата во локално кафуле, каде што ги чекал Дарко Краљевиќ, командантот на ХСО. По наредба на Краљевиќ, Дициќ бил префрлен во киното, каде што бил сместен во подрумот на зградата заедно со, како што самиот вели самиот тој, многу соседи Бошњаци.[59] Еден од сведоците пред Судот бил и Мирсад Ахмиќ, кој се криел во подрумот на зградата кога тројца членови на ХСО влегле во него. Ахмиќ бил изнесен од зградата со друга група луѓе, а хрватските сили го информирале дека е во нивен интерес да заминат со нив, бидејќи постоела можност некои други војници кои дошле од линијата да бидат изиритирани од некоја причина и да им наштетат. Оттаму, со комбе биле однесени во зградата на СДК, каде што биле приведени заедно со група бошњачки цивили кои веќе биле таму.[60]

Друг пример каде што јасно може да се види како луѓето, претежно цивили, биле заробувани за време на војната е подрачјето на општина Фоча.[61] Овој процес, кој е претставен во низа предмети пред Хашкиот трибунал, јасно покажува како бил извршен самиот чин на заробување и врз која основа. Месеци пред почетокот на конфликтот во Фоча, започнало вооружувањето на босанските Срби и босанските муслимани. Кога преговорите не успеале, на Радио Фоча била емитувана снимка од изјава на локалниот високо позициониран политичар, Мирослав Станиќ, дека „босанските Срби повеќе не можат да живеат со своите соседи босански муслимани, дека повеќе не можат да бидат будени наутро од оџата од џамијата и дека населението, босанските Срби, е во опасност да биде масакрирано“. По заземањето на Фоча од страна на босанските Срби, биле воведени ограничувања

[59] „Кадир Ѓиѓиќ“, Glas Žrtava, посетено на 15.04.2024.
[60] „Мирсад Ахмиќ, Витез“, посетено на 15.04.2024.
[61] Општина Фоча се наоѓа во Босна и Херцеговина, близу до границата со Србија и Црна Гора. По заземањето на градот и неговата околина од страна на српската војска во април 1992 година, следеше широко распространето уништување на имоти, убиства и терор врз несрпското население што живееше на тие простори.

за несрпското население. Низ цела Фоча биле извршени масовни апсења на мажи, несрпски цивили, претежно муслимани. Несрбите биле апсени низ целата општина. Босанските муслимански мажи биле собирани на улица, одделени од жените и децата и од жителите на босанските Срби. Други биле апсени во нивните станови или во домовите на пријатели и роднини, земани од нивните работни места или влечени од болничките кревети, а потоа затворени во неколку затворни установи. За време на нивните апсења и транспорт до затворните установи, српските војници навредливо ги нарекувале „балии“, ги пцуеле и тепале, при што дополнително психолошки ги малтретирале заробениците.[62]




Цртеж од сведок на судењето во Крнојелац на кој е прикажан затворскиот центар во КП Дом Фоча, Босна и Херцеговина[63]

[62] Обвинителот против Радован Караџиќ (Пресуда), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016, посетено на 16.04.2024.

[63] Злосторства и истраги, ОН, МКСЈ.

Во резимето на пресудата на Драган Зеленовиќ - предметот „Фоча“ (IT-96-23/2), еден од осудените за злосторства на подрачјето на таа општина го наведува следново:

> „...Мажите и жените биле одвојувани и префрлани во разни затворски установи, каде што биле подложени на понижувачко и деградирачко постапување. По долго заробеништво, заробените биле депортирани или присилно преселени во Црна Гора или на места под контрола на Владата на Босна и Херцеговина. Како резултат на овој напад врз цивилното население во Фоча и околните општини, исклучително голем број муслимански цивили биле протерани од овој регион.“[64]

Само врз основа на горенаведениот извадок од резимето, јасно се гледа намерата на српските сили во општина Фоча: прво да го затворат, а потоа и да го протераат несрпското население од ова подрачје. Ова е илустрирано и со сведочењето на Сведокот 50, чиј идентитет е заштитен, која наведува како таа и членовите на нејзиното семејство биле заробени, а потоа низ што морала да помине за време на нејзиното заробеништво. Сведокот, која живеела во близина на Фоча, била принудена да се крие со своето семејство во шумата, од страв дека српските сили би можеле да им наштетат. Сепак, на почетокот на јули 1992 година, кога нејзиното село било нападнато, таа и нејзиното семејство биле заробени и однесени во мотелот „Бук Биела“. Додека била заробена во гореспоменатиот хотел, таа повеќепати била злоупотребувана и силувана. Подоцна била префрлена на друга локација, во Средношколскиот центар во Фоча, каде што одела на училиште во 1992 година. За жал за неа, измачувањето продолжило и тука, првенствено затоа што била припадничка на друга вера. Како што изјави за време на нејзиното сведочење, војниците што ја силувале ѝ ги кажувале истите работи: „Вие муслиманките, вие забулените, ќе ви покажеме вам.“ Кога во судницата била прашана како се чувствувала, сведокот рекла: „Нема зборови на овој свет што можат да ги опишат моите чувства. Тоа е најлошото нешто што ми се случило.“[65]

[64] МКСЈ, Резиме на пресудата за казната на Драган Зеленовиќ, 4.4. 2007, посетено на 5.1.2024.
[65] Сведок 50, ОН, МКСЈ, посетено на 4.1.2024.

Потврда за овие настани гледаме и во сведочењето на Сведокот 87, која опишува настани од истиот период, кога избувнал конфликтот во Фоча. Нејзиното семејство, исто така, се криело во шумата сè додека српските војници не ги пронашле во јули 1992 година. Таа пред МКСЈ го изјавила следново:

> „'Никој не знаеше по кој пат да одиме, во кој правец. Кога првиот човек беше застрелан односно ранет, нè фати вистинска паника.' Додека луѓето се обидуваа да побегнат, се појавија српски војници во камуфлажни униформи, кои трчаа по нив и на крајот ги опколија. Војниците почнаа да ги тепаат мажите, прашувајќи ги каде го скриле оружјето. Сведокот вели 'тие [војниците] ги одвоија мажите од жените и децата […] Нè изведоа од шумата на една пољана. Не беше далеку. Таму нè построија и нè прашаа дали имаме злато, [и] пари.' Додека жените и децата се движеле низ пољаната, слушнале пукање. Претпоставиле дека мажите, кои претходно биле одвоени од остатокот од групата, биле убиени. Оваа претпоставка се покажала како точна бидејќи сведокот никогаш повеќе не го видела својот татко после ова. Од таа пољана, оваа група била однесена во хотелска зграда во Мешаи (мешан српско-муслимански дел на Трошањ), место познато како Бук Биела…“[66]

Слични наводи може да се видат во пресудата во случајот „Фоча“ (IT-96-23 и 23/1), во која се опишани злосторствата извршени од поранешните припадници на војската на босанските Срби Драгољуб Кунарац, Радомир Ковач и Зоран Вуковиќ на територијата на општина Фоча. Една од карактеристиките на кампањата за етничко чистење на цивилното население во таа општина беше противправното затворање:

> „Муслимани, мажи и жени, беа собрани во селата во околината на Фоча, па дури и во селата во соседните општини Калиновик и Гацко. Мажите беа одвоени од жените и децата […] Тоа беше заробеништво без никакво оправдување.“[67]

[66] Сведок 87, ОН, МКСЈ, посетено на 10.1.2024.
[67] Податоци за предметот „Фоча“, IT-96-23 и 23/1 Обвинителот против Кунарац, Коваќ и Кучовиќ, посетено на 5.1.2024.

## Услови во логорите

Условите во логорите основани за време на војните во 1990-те во поранешна Југославија најчесто беа неподносливи. Злоупотребата, изгладнувањето, недостатокот на вода и измачувањето на затворениците беа дел од нивното секојдневие. Голем број сведоци опишаа пред Судот како лично биле сведоци или неретко и самите биле жртви на суровост и разни форми на насилство, а покрај тоа биле лишени од медицинска нега или од просторија за хигиена и спиење. Логорите беа преполни, а заробениците беа држени под постојан психолошки притисок поради „атмосферата на терор“ што преовладувала.

Кога почнаа да се шират гласини за постоењето на логорот, претседателот на Република Српска, Радован Караџиќ, дозволи група меѓународни новинари да одат во градот Приедор за да ги истражат наводите. Во таа прилика, екипата на телевизијата „ITN“ ги праша затворениците што се случува во логорот, колку долго поминале таму, од каде доаѓаат, дали биле злоупотребувани и слично. Додека некои затвореници беа спремни да одговорат на овие прашања, други изјавија: „Ви благодариме што се обидувате да ни помогнете, но ве молиме немојте да ни ја влошувате положбата“.[68]

Еден од оние кои сведочеа пред судот за ужасните услови во логорите во општина Приедор беше д-р Идриз Мерџаниќ, кој ги опиша условите во логорот Трнополе во случајот против Миломир Стакиќ. Тој опиша како луѓето спиеле на подот и како управата на логорот не им давала храна. Тој наведе дека извесно време храната им ја доставувале локални Срби, од кои многумина биле негови пациенти кои доаѓале кај него на прегледи, па дури и во клиниката во логорот што тој ја водел. Мерџаниќ, исто така, изјави дека во логорот имало малку вода, но бидејќи била жолтеникава и очигледно не многу чиста, не ја користеле, а набрзо воопшто немало вода, па луѓето не можеле да се перат или пресоблекуваат. Мерџаниќ, исто така, наведува дека „имало тоалети во училишната зграда, но

[68] МКСЈ, Етничкото чистење во Приедор, посетено на 8.1.2024.

набрзо се наполниле. Во амбулантата воопшто немало тоалети, па се организирале да копаат септички јами во близина на училишната зграда“.[69]




Фотографија од еден заробеник во логорот Трнополе направена од лекарот кој работел во амбулантата во логорот.

За условите за живот во логорите сведочи и пресудата на Судскиот совет во случајот „Приедор“ (IT-94-1) Душко Тадиќ, во која се наведува следново:

> „За време на нивното заробеништво, жените и мажите затвореници биле подложени на тешко злоупотребување, вклучувајќи и тепања, сексуално злоупотребување, мачење и погубувања. Тие биле подложени на понижувачко психолошко малтретирање со тоа што биле принудени да плукаат по муслиманското знаме, да пеат српски националистички песни или да креваат три прста како знак на српски поздрав. Затворениците во Омарска често и подолг период биле лишени од вода за пиење, која дури и не била погодна за човечка употреба. па тие се разболувале од неа. Имало многу малку тоалети;

[69] Др. Идриз Мерџаниќ, ОН, МКСЈ, посетено на 15.4.2024.

затворениците морале да чекаат со часови за да им биде дозволено да ги користат, понекогаш ризикувајќи да бидат тепани ако самостојно побарале да одат. Затворениците честопати биле принудени да вршат и голема и мала нужда во собите во кои престојувале. Немало услови за перење, па мажите и нивната облека наскоро биле валкани. Кожните заболувања биле чести, како и акутната дијареја и дизентеријата. Во текот на летните месеци, пренатрупаните простории биле задушливи. Чуварите честопати не дозволувале прозорците да се отворат во преполните соби или барале од затворениците да им ги дадат сите работи што успеале да ги задржат како цена за отворање на прозорецот или за пластичен бокал со вода.“[70] За беззаконието што владеело во овие логори сведочи и веќе споменатиот Емир Бегановиќ, кој самиот го доживеа мачењето што се одвивало во логорот Омарска. Како што изјави за време на своето сведочење: „Нѐ тепаа, психолошки нѐ малтретираа, нѐ изгладнуваа и нѐ оставаа жедни […] Едноставно, тоа е невозможно да се опише […] Понекогаш чуварите влегуваа во собите полни со заробеници и случајно тепаа секого до кого можеа да дојдат…“[71]

Боб Рајд, заменик-шеф на Истражниот оддел на Обвинителството на МКСЈ, изјави: „Утврдивме дека логорот Омарска бил еден од најбруталните и најсуровите логори што постоеле за време на војните во поранешна Југославија.“[72]

---

[70] Податоци за предметот „Приедор“, IT-94-1 Обвинителот против Душко Тадиќ, 5.9.2023.
[71] Емир Бегановиќ, ОН, МКСЈ, посетено на 3.9.2023. Види го и следниов извор.
[72] МКСЈ, Приближување на МКСЈ кон заедниците во БиХ – Приедор,посетено на 2.9.2023.




Логорот Омарска

„Затворениците добиваат многу малку храна, која често е расипана, а речиси и воопшто не добиваат вода. Практично нема тоалети и тие мора да ги извршуваат своите природни потреби во кофи, или често дури и во аголот на собата или на подот. Болните или повредените затвореници добиваат едвај некаква или никаква грижа. Општо земено, сите овие мажи се слаби, ослабени, а додатно и подепресивни затоа што живеат во постојана клима на насилство и страв. Не знаат кога ќе биде прозвано нивното име. Но, тие знаат дека кога ќе бидат повикани, нема да биде толку за да бидат испрашани, туку за да бидат претепани […] Жените не беа претепувани, но, барем дел од нив беа злоупотребувани, а некои други или истите беа и силувани. Со други зборови, нема ниту едно место во кругот на логорот Омарска каде што заробеникот би можел да се чувствува безбедно или едноставно да се надева дека никој нема да го удри или да го подложи на некаков облик на насилство […] Еден татко е претепан до смрт пред очите на својот син. Мажите врескаат од болка,

ѕидовите и подовите се испрскани со крв. Мажите што се враќаат живи имаат отворени рани, не можат да стојат исправено, тие се во несвест. Труповите што ги изнесуваат имаат отворени рани на черепот, скршени зглобови, пресечени грла. Некои од жртвите конечно се докрајчени со куршум.“

Вака судијата Алмиро Родригез ги сумираше наодите на Судскиот совет во предметот Обвинителот против Квочка и останатите, опишувајќи ги условите во логорот Омарска.[73] Логорот Омарска беше основан кон крајот на мај 1992 година и затворен кон крајот на август 1992 година. За помалку од три месеци, повеќе од 3 334 затвореници поминаа низ логорот.[74]

Условите во логорот Сушица во близина на Власеница во Босна и Херцеговина беа особено сурови. Од мај до октомври 1992 година, 8000 несрпски цивили, првенствено муслимани од Власеница и околните села, поминаа низ овој логор во Источна Босна. Логорот го водеа српските сили под команда на Драган Николиќ, познат како Јенки, а се состоеше од две главни згради и една помала куќа, сместен во шумата, изолиран и далеку од сè до каде што можеа да стигнат вресоците и плачот на затворениците.

[73] МКСЈ, Резиме на пресудата во предметот IT-98-30/1 Обвинителот против Квочка и останатите, 2.11.2001, посетено на 16.4.2024.
[74] МКСЈ, Етничкото чистење во Приедор, посетено на 8.1.2024.




Логорот Сушица

Како што е наведено во пресудата во предметот Обвинителот против Драган Николиќ, во хангар со димензии 50 на 30 метри, „затворени биле мажи, жени и деца, па дури и цели семејства […] Во секое време, во хангарот обично имало од 300 до 500 луѓе. Зградата била пренатрупана со луѓе, а условите за живот биле за секаква осуда.“[75]

Условите беа буквално такви што „заробениците беа збиени заедно, така што секој од нив имаше приближно еден квадратен метар за седење“.[76] Ужаснувачките услови можеа да се видат во затворскиот логор на земјоделскиот посед во селото Лапушник, во централниот дел на Косово, каде што членовите на Ослободителната војска на Косово (ОВК) држеа заробени цивили - косовски Албанци, Срби и Роми,

[75] Соопштение за јавноста: Пресуда во предметот Обвинителот против Драган Николиќ: Драган Николиќ осуден на 23 години затвор, посетено на 29.8.2023.
[76] Сведочење на Хабиба Хаџиќ, ОН, МКСЈ, посетено на 29.8.2023.

помеѓу мај и крајот на јули 1998 година. Утврдено е дека луѓето во логорот биле држени во нехумани услови, што вклучувало спиење на бетонски подови, изгладнување и врзување за ѕидови за да не можат да се помрднат од таа положба. Затворениците биле принудени да вршат нужда пред останатите, а и покрај фактот дека многу од нив имале скршеници или внатрешни повреди, не им била укажана никаква медицинска помош, иако во селото имало лекар и амбулантно возило кое го користеле припадници на ОВК. Покрај тоа, утврдени се низа други злосторства што се случиле во овој логор во текот на споменатиот период.[77]

## Нечовечно и сурово постапување во логорите

Освен тоа што условите во логорите беа ужасни, како што веќе беше наведено, за жал тие беа само дел од маките низ кои поминаа затворениците. На Судот му беа презентирани низа докази за суровиот третман во логорите, во неколку предмети кои јасно покажуваат како затворениците биле мачени, сексуално злоупотребувани и претепувани. Еден од оние што биле заробени во општина Приедор за време на војната бил Мехмед Алиќ, 69-годишен земјоделец од селото Камичани. Алиќ и неговото семејство се упатиле кон Козарац за да се предадат на српските сили. Колони луѓе се движеле низ тоа место со намера да се предадат. Вооружени српски сили ги чекале таму и им наредиле на сите да излезат од автобусите. Им ги одзеле сите лични работи, ги одделиле муслиманските мажи од жените и ги качиле во автобусите. Г-дин Алиќ завршил во логорот Трнополе, а неговиот син Емир бил убиен во логорот Омарска. На Мехмед, кој претходно бил затворен во логор за време на Втората светска војна, особено му паднало тешко тоа што бил затворен и злоупотребуван од луѓе што ги познавал лично и кои биле негови пријатели и соседи пред војната. Неговите искуства од овој логор најдобро се опишани со овие негови зборови: „Беа соблечени голи, а телата им беа црни од тепање. Не изгледаа како луѓе.“ По таа сцена, г-дин Алиќ изјавил дека два дена не

[77] МКСЈ, Податоци за предметот (IT-03-66) Обвинителот против Лимај и останатите, посетено на 4.1.2024.

можел да проба дури ни на парче леб. „Никогаш не би можел ни да помислам дека луѓе можат да им направат такво нешто […] на други луѓе.“ [78]

Едно од највпечатливите сведоштва пред Судот за суровиот третман во логорот Сушица го даде Хабиба Хаџиќ, која сведочеше во предметот против Драган Николиќ:

> „Спиев меѓу моите деца, во хангарот, долу. Спиевме повеќе на бетонот, а понекогаш ни дозволуваа и на штиците. Но, кога Драган Николиќ се лути, тој не ни дава ни штици, ги фрла штиците […] Понекогаш беше [толку] полно со народ што не можеше ниту да седнеш, а понекогаш можеше и да се заспие […] За време на мојот престој, додека бев во логорот Сушица, Мевлудин Хатиниќ беше претепуван и умре, Дурмо – исто – и тој беше претепуван и умре, Асим Зилџиќ беше претепуван и кога се симнав долу, кога бевме наредени во тоалетот, го видов на носилка, […] му беше извадено окото на Асим Зилџиќ.“[79]

Како што г-ѓа Хаџиќ понатаму наведе во своето сведочење, затворениците имале право само на еден оброк дневно, додека таа лично била принудена да ги извршува сите задачи кои ќе ѝ биле зададени од Николиќ.[80] За злосторствата во логорот Сушица, главниот командант на логорот, Драган Николиќ, беше осуден на 20 години затвор, а повеќето од злосторствата наведени во пресудата се поврзани со суров третман на затворениците во логорот, вклучувајќи убиства, силувања и претепувања на затвореници. Покрај Николиќ, уште пет лица беа осудени за злосторствата извршени во логорот Сушица, а казните се движеле во распон од 11 години до доживотен затвор. Детали за преостанатите предмети поврзани со логорот Сушица може да се најдат на овде.

Уште еден од логорите воспоставен во текот на војната на просторот на Босна и Херцеговина е логорот Челебиќи. Логорот го држеле босанските муслимански и хрватски сили, а заробените цивили биле Срби. Основан е во 1992 година, во општина Коњиц, по операциите на силите на босанските Хрвати и муслимани на

[78] Мехмед Алиќ, МКСЈ, посетено на 29.12.2023
[79] Кампот Сушица, 29.9.2019.
[80] Ibid.

тоа подрачје, и работел на местото на поранешниот објект на Југословенската народна армија (ЈНА).



Доказен предмет на кој се гледаат Србите од подрачјето на Коњица затворени во логорот Челебиќи

Обемот на злосторствата извршени во овој логор најдобро може да се види во предметот „Логорот Челебиќи“ (IT-96-21) Муциќ и останатите. Како што е наведено во пресудата на Судскиот совет, „за време на нивниот престој во овој логор, заробениците биле убивани, мачени, сексуално злоупотребувани, тепани и на друг начин подложени на суров и нечовечки третман“.[81] За злосторствата извршени во периодот помеѓу април и декември 1992 година, командантот на логорот Челебиќи, Здравко Муциќ, беше осуден врз основа на кривична одговорност на претпоставен на девет години затвор, за толерирање на намерно нанесување на големо страдање или тешки повреди, противправно затворање на цивили, намерно

[81] МКСЈ, Податоци за предметот „Логорот Челебиќи“ (IT-96-21) Муциќ и останатите, посетено на 2.9.2023

убивање, мачење и нечовечко постапување (како тешки повреди на Женевските конвенции). Неговиот заменик, а потоа и командант на логорот, Хазим Делиќ, беше осуден на 18 години, додека еден од стражарите на логорот, Есад Ланџо, беше осуден на 15 години затвор, и двајцата како сторители на тепања, убиства и други злосторства против заробениците во Челебиќи. Еден од оние што поминале низ логорот Челебиќи и од прва рака го доживеале нечовечкиот и суров третман е претходно споменатиот Недељко Драганиќ, кој сведочеше пред Судот и ги опиша ужасите во логорот. Драганиќ изјави дека заробениците биле подложени на постојана тортура и дека Есад Ланџо, за кого самиот изјави дека го познавал од пред војната, бил на чело на ова. Во една прилика, Ланџо го одвел во хангар и му рекол да седне потпрен на ѕидот со скрстени нозе, а потоа му истурил нешто за кое Драганиќ претпоставил дека е шпиритус или бензин, а потоа му ги запалил обете нозе. Како што изјави Драганиќ пред Судот:

> „’Не ми дозволи да го изгаснам сѐ додека огнот не се изгасна сам […] Ми изгореа панталоните, имав изгореници на двете нозе’. Кога побарал медицинска помош, заменик-командантот на логорот, Хазим Делиќ, одговорил: ‘Не ти треба тоа […] Нема да потраеш уште долго.’“[82]

Друг сведок на злосторствата во овој логор беше Гроздана Ќеќез, која исто така сведочеше на судењето против Муциќ и другите, а чиј сопруг беше убиен додека таа беше во логорот. Како што наведе во своето сведочење, таа била жртва на злоупотреба и силување од страна на стражарите, но и од страна на заменик-командантот на логорот, Хазим Делиќ.

> „Не можев да сфатам што ќе ми се случи […] Зар е можно на крајот на 20 век некој да си дозволи себеси такви глупости? Јас сум жена која живееше само за еден човек и бев негова цел живот, и мислам дека во тој момент се одвојував од сопственото тело […] Психички и физички бев целосно исцрпена. Те убиваат психички.“[83]

[82] Недељко Драганиќ, МКСЈ, посетено на 2.9.2023
[83] Гордана Ќеќез, МКСЈ, пристапено на 3.3.2023.

Судењето во предметот „Челебиќи“ се смета за пресвртница во меѓународното право, бидејќи тоа беше прв пат суд да го прогласи силувањето за форма на мачење и обвинет да прогласи за виновен врз основа на тоа. Како што заклучи Судскиот совет во својата пресуда во случајот против Муциќ и останатите. „неоспорно е дека делото силување може да се смета за мачење според обичајното право“.[84] Покрај измачувањето, сексуалната злоупотреба и тепањето на заробениците во логорите, постојат многу примери за кршење на човековите права, вклучувајќи ограничувања на слободата на движење, домашен притвор, забрана за активности, земање цивили како заложници и користење цивили како живи штитови и други форми на злоупотреба. Општо е прифатено дека копањето ровови и користењето заложници и живи штитови претставуваат тешки повреди на Женевските конвенции од 1949 година и како такви веќе се кривични дела според меѓународното обичајно право и, особено, според Статутот на Хашкиот трибунал.[85] Исто така, во меѓународното хуманитарно право постои општа забрана за принудна или недоброволна работа во вооружени конфликти. И покрај тоа што постојат одредби во Женевските конвенции кои ги предвидуваат околностите во кои цивилите можат да бидат испратени на работа, цивилите не смеат да се користат за задачи како што се „изградба на тврдини, ровови или воздухопловни бази“, ниту пак принудната работа смее да им служи на стратешките или тактичките интереси на војската.[86]

И покрај тоа, заробениците биле принудени да копаат ровови на фронтовските линии, во услови кои биле опасни по живот, бидејќи неретко биле изложени на дејство на спротивната воена страна. Покрај тоа, многу од нив биле користени како живи штитови. Во предметот Обвинителот против Прлиќ и останатите, ХСО биле гонети за своите злосторства, вклучително и за употребата на муслимански заробеници како живи штитови, со тоа што биле принудени да одат напред помеѓу позициите на ХСО и Армијата на Босна и Херцеговина. Во некои случаи, на

[84] Главни достигнувања, МКСЈ, посетено на 15.4.2024.
[85] Статут на МКСЈ; член 2(д): „присилување на воени заробеници или цивили да служат во единиците на непријателската сила“ и член 2(ж): „земање на цивили за заложници“.
[86] Обвинителот против Благој Симиќ, Мирослав Тадиќ и Симе Зариќ (Пресуда пред Првостепениот совет), IT-95-9-T, МКСЈ 17.10.2003, пристапено на 2.9.2023.

муслиманските заробеници им биле давани дрвени пушки или биле маскирани како војници на ХСО, така што, гледано од позициите на Армијата на БиХ, тие би изгледале како хрватски војници. Секако, како и со копањето ровови, и тука нивните животи биле загрозени.

Сведоците пред Хашкиот трибунал јасно покажаа како затворениците биле користени како живи штитови и како биле принудени да извршуваат разни работни задачи, честопати и на самиот фронт. Во едно од своите сведоштва, Ибрахим Шариќ, босански муслиман од Мостар, ги опиша условите и настаните што се одиграле во логорот Хелиодром, кој бил основан од ХСО во текот на 1992 година. Покрај постојаната принудна работа, како што наведува сведокот Шариќ, еден од затворениците во Хелиодром, Мухарем Будиќ, загинал на фронтовската линија додека бил користен како жив штит од страна на силите на ХВО.[87] Сличен третман кон затворениците може да се види во сведочењето на заштитениот сведок CV во претходно споменатиот предмет Прлиќ и останатите, кој наведува дека за време на неговото заробеништво во Хелиодром повеќепати бил принуден да работи на фронтовската линија со војската на босанските Срби, каде копал ровови за единиците на ХСО. Исто така, во неговото сведочење, тој изјави дека еден од војниците на ХСО го користел како „жив штит“ додека истиот војник пукал кон одбранбените линии на Армијата на БиХ.[88]

Предметот „Босански Шамац“ (IT-95-9) Обвинителот против Благоје Симиќ, Мирослав Тадиќ и Симо Зариќ, е уште еден јасен пример за горенаведените злосторства. Во тој предмет беше утврдено дека Симиќ, како највисок цивилен функционер во општина Босански Шамац, заедно со Тадиќ и Зариќ, кои ги држеа највисоките воени позиции во областа, извршиле низа злосторства против цивили. Судскиот совет оцени дека цивилите кои морале секој ден да се пријавуваат пред Пензионерскиот дом, како и заробените цивили, врз дискриминаторска основа биле принудени да копаат ровови, да градат бункери, да носат вреќи со песок или железнички прагови за изградба на ровови и утврдувања на фронтовската линија,

[87] Сведочење на Ибрахим Шариќ, „Хелидром“, YouTube, 5.5.2021.
[88] Сведочење на ЦВ, „Хелидром“, YouTube, 5.5.2021.

но и биле под надзор на вооружени стражари, кои ги тепале и пукале во оние кои се обидувале да побегнат. Исто така, оцени дека несрпските цивили биле подложени на понижувачка принудна работа, што вклучувало и принудно да ги ограбуваат куќите на несрпските цивили – луѓе кои ги познавале добро и многу ги почитувале. Исто така, недвосмислено е утврдено дека Симиќ не презел мерки во рамките на своите овластувања за да ја спречи практиката на користењето на цивили за копање на ровови и други опасни воени задачи.[89] Исто така, Тадиќ знаел:

> „дека затворениците во Босански Шамац кои подоцна биле раселени не биле Срби по националност и дека тој знаел за нивните апсења, затворања и суровото и нехумано постапување кон нив во објектите во Босански Шамац.“[90]

Исто така, во претходно споменатиот предмет „Лашванска долина“ (IT-95-17) беше утврдено дека обвинетиот, Мирослав Брало, извршил низа злосторства во Лашванската долина, вклучувајќи и:

> „’нечовечно постапување кон босанските муслимански цивили, кои беа користени како работници за копање на ровови околу селото Кратине и како „живи штитови“ за заштита на силите на ХСО од снајперски оган.“[91] Во пресудата е утврдено дека: ‘од 21 април до 10 мај 1993 година, Брало бил одговорното лице за копањето на ровови во селото Кратине и неговата околина. Во овој период, босанските муслимански затвореници биле принудени да копаат ровови под команда на Брало и други, во тешки временски услови и со ограничена храна и одмор. Брало и другите припадници на „Џокерите“ ги спречиле овие затвореници да избегаат и ги принудиле да практикуваат еден католички верски обред. Освен тоа, босанските муслимански затвореници биле користени како „живи штитови“ против снајперски оган од страна на Армијата на Босна и Херцеговина против силите на ХСО. Брало бил свесен за фактот дека затворениците под негова контрола

[89] МКСЈ, „Соопштение за јавноста: Пресуда во предметот Обвинителот против Благој Симиќ, Мирослав Тадиќ и Симе Зариќ“, 17.10.2003, посетено на 2.9.2023.
[90] МКСЈ, Податоци за предметот „Босански Шамац“ (IT-95-9) Симиќ и останатите, посетено на 2.9.2023.
[91] МКСЈ, Податоци за предметот „Лавшанска долина (IT-95-17) Мирослав Брало, посетено на 1.9.2023.

можеле да бидат повредени или да ги изгубат животите како резултат на тоа.’“[92]

Слични наводи може да се најдат и во предметот „Лашванска долина“ (IT-95-14/2) Кордиќ и Черкез, каде што недвосмислено е утврдено дека Марио Черкез бил одговорен за третманот на заробениците кои:

„биле принудени да копаат ровови и биле користени како заложници и човечки штитови. Некои од оние кои биле принудени да копаат ровови не се вратиле… Понекогаш на заробениците им се заканувале со секири и биле принудени да работат дење и ноќе“.[93]

[92] Обвинителот против Мирослав Брало (Пресуда на Првостепениот совет за утврдување на казната), IT-95-17-S, МКСЈ, 7.12.2005, посетено на 3.9.2023.
[93]МКСЈ, Податоци за предметот „Лашванска долина“ (IT-95-14/2) Кордиќ и Черкез, посетено на 3.9.2023.

# Сексуално наслиство

## Вовед

Сексуалното насилство е форма на насилство што вклучува силување и други видови сексуален напад извршен врз девојчиња, момчиња, жени и мажи. Овој вид на насилство остава трајни и бројни последици што влијаат на психолошкото и физичкото здравје на жртвата. Низ историјата, во вооружените конфликти, силувањето и другите форми на сексуално насилство биле сеприсутни, широко распространети, но се сметале за составен дел на војната и нејзина природна последица. Иако масовни силувања и други форми на сексуално насилство се случиле за време на двете големи светски војни, на судењата за воени злосторства во Нирнберг (1945-1946) и Токио (1946-1948), обвинувањата за сексуално насилство едвај биле спомената. Значаен чекор во ставањето крај на неказнивоста беа Женевските конвенции (1949), кои содржат специфична одредба со која се забранува сексуалното насилство и конкретно се однесуваат на жените: „Жените ќе бидат особено заштитени од секаков напад на својата чест, а особено од силување, принудување на проституција или од секаков вид на непристоен напад“.[94] Иако бројни држави и нивните влади ги ратификуваа Женевските конвенции, злосторствата со сексуално насилство продолжија да ги придружуваат вооружените конфликти низ целиот свет.

Војните во поранешна Југославија (1991-2001) беа обележани со бројни злосторства, вклучително и злосторства со сексуално насилство. Токму извештаите и медиумските наводи за сексуално насилство беа еден од клучните поводи за основањето на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Во 1992 година, Обединетите нации ѝ дадоа мандат на Комисијата од експерти на лице место да испитува, истражува и документира наводи за сериозни кршења на меѓународното хуманитарно право во форма на злосторства на сексуално

[94] Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКМК), IV Женевска конвенција за заштита на цивилни лица за време на војна, 75 UNTS 287, 12.8.1949, [Во понатамошниот текст IV Женевска конвенција] Член 27

насилство на територијата на поранешна Југославија.[95] Во извештајот на Комисијата од експерти, меѓу другото, се наведува дека: „Обемот на силувањата на жени беше многу голем бидејќи тие поминуваа неказнето, бидејќи војниците и претставниците на властите знаеја дека нема да се преземат никакви чекори против силувањето и дека никој нема да го чуе плачот на овие жени."[96] Во 1998 година, МКС го усвои Римскиот статут,[97] кој го дефинираше сексуалното насилство како злосторство против човештвото што вклучува мачење, силување, сексуално ропство, присилна проституција, присилна бременост, присилна стерилизација или какво било друго дејствие на сексуално насилство споредливо во сериозноста кое е извршено во рамките на систематски напад врз цивилното население. За МКСЈ беше од исклучителна важност да обезбеди заштита на интегритетот на жртвите и сведоците на сексуално насилство. За време на сослушувањето на сведоците и жртвите, МКСЈ обезбеди заштита и психолошка поддршка на сведоците и жртвите на сексуално насилство со цел да одговори на нивните специфични потреби, поради што воведе иновативни процедури кои станаа составен дел од современото меѓународно кривично правосудство.[98]

Во голем број пресуди кои претставуваа пресвртница, МКСЈ го унапреди развојот на меѓународната правда во областа на родово-базираните злосторства преку тоа што овозможи кривично гонење на сексуалното насилство како воено злосторство, злосторство против човештвото и геноцид. Меѓу значајните предмети пред МКСЈ се: Душко Тадиќ (IT-94-1) – како прво меѓународно судење за воени злосторства кое вклучува обвиненија за сексуално насилство и прво судење воопшто за сексуално насилство врз мажи; Муциќ и останатите (IT-96-21) – како судење кое означуваше пресвртница во меѓународната правда преку утврдување на силувањето како форма на мачење, тешка повреда на Женевските конвенции и кршење на законите и обичаите на војување; Фурунџија (IT-95-17/1) – како прв

[95] Совет на безбедност на ОН, Извештај на Комисијата на експерти на ОН, S/1994/674, 27.5.1994
[96] Судија Флоренс Мумба, Потпретседателка на МКСЈ во периодот од 1999-2001, Крај на неказнивоста: Сексуалното насилство пред Трибуналот, 4:15-4:20.
[97] Генерално собрание на ОН, Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (со последниот амандман од 2010), ISBN No. 92-9227-227-6, 17.7.1998, членови 7, 8, 42, 43, 54, 68.
[98] МКСЈ, Правила за постапката и доказите, Изменет и дополнет на 7.8.2015, IT/32/Rev.50, Правило 96.

предмет пред МКСЈ кој се фокусираше целосно на обвиненија за сексуално насилство; Кунарац и останатите (IT-96-23 и 23/1) – како втор предмет пред МКСЈ кој се занимава исклучиво со обвиненија за сексуално насилство, тој даде значаен придонес во меѓународното кривично право бидејќи го прошири опсегот на делата што претставуваат поробување како злосторство против човештвото така што тој ќе вклучува и сексуалното ропство и ја воспостави врската помеѓу родовите злосторства и обичајното право; и Крстиќ (IT-98-33) – како предмет кој ја покажа врската помеѓу силувањето и етничкото чистење, кое во контекст на злосторствата во Сребреница во јули 1995 година беше поврзано со геноцидот.

Во 2015 година, Генералното собрание на ООН, со посебна резолуција[99], го прогласи 19 јуни за Меѓународен ден за борба против сексуалното насилство во војна со цел подигнување на свеста за потребата од ставање крај на сексуалното насилство поврзано со вооружени конфликти и да се охрабри меѓународната заедница да се солидализира и да им оддаде почит на жртвите на сексуално насилство во војна низ целиот свет, вклучувајќи девојчиња, момчиња, жени и мажи.

## Цели на учењето

- Стекнување основни знаења за злосторствата на сексуално насилство врз девојчиња и жени, момчиња и мажи, во војните од 90-те во поранешна Југославија;
- Разбирање на поимот на кривичното дело сексуално насилство преку предметите на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија;
- Разбирање на важноста на историската улога на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија во истрагите, гонењата и пресудите за кривичното дело сексуално насилство во војните од 1990-те во поранешна Југославија;
- Развивање на разбирање на сексуалното насилство како средство, односно алатка на политиката на етничко чистење што служеше за деморализација,

[99] Совет на безбедност на ОН, Резолуција 2242, S/RES/2242, 13.10.2015.

понижување и уништување за време на вооруженоит конфликт во поранешна Југославија.

## Сексуално насилство врз децата

Иако сексуалното насилство е најчесто насочено против жените, сепак, за време на вооружени конфликти, децата се исто така жртви на сексуално насилство. Сексуалното насилство врз децата во војна е помалку позната, речиси невидлива форма на насилство поради недоволното пријавување на злосторствата. Со оглед на одредени културни ограничувања, патријархално општество, срам и страв од осуда од околината, малку е веројатно дека децата ќе пријават дека биле сексуално злоупотребени. Кога зборуваме за сторителите на злосторства врз девојчиња, во повеќето случаи тоа се постари мажи. Кога жртвата на сексуално насилство е момче, во повеќето случаи сторителот на кривичното дело е друг маж, постар од жртвата. Силувањето и другите форми на сексуално насилство врз децата се сериозни прекршувања на меѓународното право за човекови права и можат да бидат тешки прекршувања на меѓународното хуманитарно право.[100] Во меѓународното хуманитарно право постојат бројни правила кои ги штитат децата од штетните последици на вооружените конфликти. Овие правила не се групирани на едно место, туку се наоѓаат во голем број договори од областа на меѓународното хуманитарно право и тоа во: Женевските конвенции од 1949 година и нивните дополнителни Протоколи I и II од 1977 година,[101] како и во Резолуцијата 1882 на Советот за безбедност на ООН од 2009 година.[102]

[100] Сексуално насилство врз деца, Шест тешки повреди против децата во вооружен конфликт: Правна основа, Канцеларија на специјалниот претставник на Генералниот секретар за деца и вооружени конфликти, 2013, стр.16-17.

[101] Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКЦК), Дополнителен протокол кон Женевските конвенции од 12 август 1949 година, кој се однесува на заштита на жртвите во меѓународни вооружени судири (Протокол I), 1125 UNTS 3, 8.6.1977, [Во понатамошниот текст Протокол I] Дел IV Цивилно население, Оддел III Постапка со лицата во власт на страната во судир, Глава II Мерки во корист на жените и децата.

[102] Шест тешки прекршувања против децата во текот на вооружен судир: 1) Регрутирање и употреба на деца; 2) Убивање или осакатување на деца; 3) Сексуално насилство врз деца; 4) Напади врз училишта или болници; 5) Киднапирање на деца и 6) Одбивање на хуманитарен пристап, Совет на безбедност на ОН, Резолуција 1882, S/RES/1882, 4.8.2009.

МКСЈ, кој одигра историска улога во кривичното гонење на сексуалното насилство извршено во војните на просторот на поранешна Југославија, не беше нужно специфичен за возраста на жртвата, ниту пак конкретно се бавеше со насилството врз децата. Доказите и сведоштвата во предметите опишуваат како децата биле намерно мети на сексуално насилство, мачење, прогонства, присилно преместување, убиства и истребување, меѓу другите злосторства.[103] Во предметите Фурунџија IT-95-17/1 (1999) и Кунарац и останатите IT-96-23 и 23/1 (2000), за првпат во својата историја МКСЈ осуди поединци само врз основа на обвиненија за сексуално насилство врз девојчиња и жени.

**ФОЧА**

Сведок FWS-87 (15 и пол години)[104]

Градот Фоча (Босна и Херцеговина) во меѓународното право е синоним за масовните злосторства на сексуално насилство врз девојчиња, млади девојки и жени за време на војната во Босна и Херцеговина. Во општина Фоча има голем број места каде што жени, млади девојки и девојчиња биле затворани и изложени на разни форми на сексуално насилство, некои од нив на возраст од 12-13 години.[105] Сексуалното насилство го извршиле припадници на редовните воени единици на армијата на босанските Срби, доброволци од Србија и Црна Гора, а меѓу сторителите на злосторствата биле и локални цивили. Сведоштвата на преживеаните жртви и сведоците на настаните укажуваат дека жените, девојчињата и младите девојки биле изложени на најразлични форми на сексуално насилство, од силување (вагинално, орално, анално), до принудување да танцуваат

[103] Онлајн изложба: Децата во вооружените судири, Докази од архивата на меѓународните кривични судови, ОН, МРМКС

[104] Сведочење на Сведокот FWS 87, 4 и 5 април и 23 октомври 2000 во предметот Обвинителот против Драгољуб Кунарац, Зоран Вуковиќ и Радомир Ковач.

[105] Онлајн изложба, Деца во вооружените конфликти: докази од архивите на меѓународните кривични трибунали, ОН, МРМКС. Албумот „Фотографии од Фоча, Фото галерија“ содржи фотографии направени за време на истражната мисија на Обвинителството во Фоча во јуни 1996 година. Оваа фото галерија ја користело Обвинителството за време на сведочењето на сведокот FWS-87 и други сведоци за идентификување на местата на злосторствата и релевантните локации во Фоча. Предмет IT-96-23 & IT-96-23/1 Кунарац и останатите.

пред силувачите со оружје вперено во нив и до тоа дел од нив да бидат држени во сексуално ропство и на крајот продадени како робинки.

Штом регуларните единици на армијата на босанските Срби и доброволните единици од Србија и Црна Гора ја заседоа Фоча на 16 или 17 април 1992 година, а околните села до средината на јули 1992 година, воената полиција, придружувана од нелокални војници, започна да ги тероризира и апси цивилите: муслимани и Хрвати. Мажите беа одвоени од жените и заробени во разни затворски установи на подолги или пократки временски периоди. Додека мажите беа затворени во Казнено-поправниот дом Фоча, муслиманските жени, девојчиња и млади девојки беа затворени во куќи, станови и мотели и во градот Фоча и во околните села или во затворски центри како што се Бук Биела, гимназијата во Фоча и Спортската сала „Партизан“.[106]

На 3 јули 1992 година, поранешните работнички бараки во населбата Бук Биела се претворени во локален воен штаб и касарна за војници и паравоени формации на босанските Срби. Бараките во Бук Биела служеле и како привремени објекти каде што биле држени и испрашувани цивили - жени, девојчиња и млади девојки, како и постари лица кои биле заробени во селата во општина Фоча. Истиот ден, биле уапсени 60 муслиманки на различна возраст од селата Трошња и Мешаја. Додека биле држени во Бук Биела неколку часа, муслиманските цивили прво биле построени покрај реката Дрина под вооружена стража и цело време биле понижувани и им се заканувале со силување и смрт. Обвинетите пред МКСЈ Гојко Јанковиќ,[107] Јанко Јањиќ,[108] Драган Зеленовиќ[109] и Зоран Вуковиќ[110] ги испрашувале

[106] Обвинителот против Драган Гаговиќ, Гојко Јанковиќ, Јанко Јањиќ, Радомир Ковач, Зоран Вуковиќ, Драган Зеленовиќ, Драгољуб Кунарац и Радован Станковиќ, (Обвинение), IT-96-23-1, МКСЈ, Основни податоци

[107] МКСЈ, Фактите за Фоча, Поглед од Хаг.

[108] Јанко Јањиќ, познат и како „Тута“, од татко Милорад, роден е на 17 јуни 1957 година во Милевина, општина Фоча, постојано живеел во Фоча, на улица „Моше Пијаде“ бр. 6. Пред нападот на босанските Срби во Фоча во април 1992 година, тој бил автомеханичар и невработен. Јанко Јањиќ станал еден од заменик-командантите на воената полиција и водач на паравоените сили во Фоча. Учествувал во нападот врз Фоча и околните села, како и во апсењето на цивили. Обвинителот против Драган Гаговиќ, Гојко Јанковиќ, Јанко Јанјиќ, Радомир Ковач, Зоран Вуковиќ, Драган Зеленовиќ, Драгољуб Кунарц и Радован Станковиќ (Обвинение), IT-96-23-I, МКСЈ, Обвинети, Став 2.3.

[109] Зеленовиќ, IT-96-23/2, ОН, МКСЈ.

[110] IT-96-23 и 23/1 Кунарац и останатите, ОН, МКСЈ.

жените со цел да ги откријат скривниците на мажи и оружје во селата, заканувајќи им се на жените со убиство и сексуална злоупотреба доколку лажат. Јанко Јањиќ, Драган Зеленовиќ и други војници под контрола на Гојко Јанковиќ, за време и/или веднаш по испрашувањето, групно силувале неколку жени[111] за кои се сомневале дека лажат.

Меѓу силуваните жени беше и сведокот FWS-87 од селото Трошња, која имаше петнаесет и пол години во моментот на силувањето, а беше силувана од Драган Зеленовиќ и уште тројца неидентификувани мажи – војници.[112] Сведокот FWS-87 е една од дваесетте жени кои сведочеа пред МКСЈ во случајот Кунарац и останатите (IT-96-23 и 23/1) во врска со обвиненијата против Драгољуб Кунарац за силување, мачење, поробување и повреди на личното достоинство на жените извршени во Фоча во 1992 година. Таа сведочеше пред МКСЈ дека била заробена 9 месеци на различни локации во Фоча и дека била силувана повеќе пати, често во ист ден, и држена во сексуално ропство. За време на нејзиното сведочење, сведокот FWS-87 зборуваше за самоубиствени мисли што ги имала во текот на деветте месеци сексуална злоупотреба.

[111] За овој настан, види во Обвинението во предметот Обвинителот против Гаговиќ и останатите IT-96-23-1, точки 1-12, Мачење и силување во Бук Биела, 5.1. до 5.4. Пасусите 5.4 до 5.7 даваат детали за некои од овие сексуални злоупотреби што се случиле на и/или околу 3 јули 1992 година.
[112] Обвинителот против Драган Гаговиќ, Гојко Јанковиќ, Јанко Јанјиќ, Радомир Ковач, Зоран Вуковиќ, Драган Зеленовиќ, Драгољуб Кунарц и Радован Станковиќ (Обвинение), IT-96-23-I, МКСЈ, Точки 1-12, Мачење и силување во Бук Биела, Фоча, параграф 5.5, стр. 6.



Куќата на Караман во Миљевина, Босна и Херцеговина. Објектот во кој била заробена сведокот FWS-87.[113]

Сексуално насилство врз девојчиња се вршело во училниците на гимназијата во Фоча; во спортската сала „Партизан“; во стан во станбената зграда (облакодер) „Лепа Брена“ во центарот на Фоча; во напуштената куќа на еден муслимански полицаец во Горно Поле,[114] во хотелот „Зеленгора“ и во други објекти. Од овие објекти, девојчињата биле изнесувани во групи и носени со автомобил на други локации каде што биле сексуално злоупотребувани, силувани, но биле и принудувани да извршуваат разни домашни работи. Еден таков објект била куќата на Караман, во близина на Фоча, управувана од Радован Станковиќ, член на баталјонот Милевина на Тактичката бригада Фоча на Војската на Република Српска (ВРС), со помош на уште двајца членови на ВРС, Неѓо Самарџиќ и Никола Брчиќ. Жени и девојки биле донесени во оваа куќа од спортската сала „Партизан“ и училиштето во Калиновик, за таму да бидат силувани и злоупотребувани од српски војници, меѓу кои од Драгољуб Кунарац, Драган Зеленовиќ, Гојко Јанковиќ и други.

[113] Доказен предмет на Обвинителството на МКСЈ 00407357, 5. Karaman's House F, Foca photo album Exhibit P18 Prosecution, IT-97-25 Krnojelac.
[114] Обвинителот против Драган Гаговиќ, Гојко Јанковиќ, Јанко Јанјиќ, Радомир Ковач, Зоран Вуковиќ, Драган Зеленовиќ, Драгољуб Кунарц и Радован Станковиќ (Обвинение), IT-96-23-I, МКСЈ, точки 13-28, параграф 6.10, страна 9, Мачење и силување во гимназијата во Фоча.

Одредени жени биле заробени во овој објект неколку месеци. Драган Зеленовиќ, Гојко Јанковиќ и Јанко Јањиќ ја однеле сведокот ФВС-87 од куќата на Караман во стан во сопственост на Радомир Ковач во облакодерот Лепа Брена. Во овој стан, жените биле принудени да работат домашни задачи и биле подложени на сексуално насилство. Во една прилика, сведокот ФВС-87 била принудена да се соблече и да танцува гола на маса со други заробеници, додека Радомир Ковач гледал, вперувајќи пиштол во неа:

> „[Тој] ме натера да се соблечам, да се качам на масата и да танцувам на музиката. Седеше на креветот со пиштол вперен во мене.“ На прашањето како се чувствувала во тој момент, таа изјави: „Бев исплашена. Се чувствував засрамена.“[115]

Кон крајот на февруари 1993 година, Радомир Ковач ги продал сведокот FWS-87 и уште една жена за 500 марки на двајца неидентификувани црногорски војници. Тие ги однеле во Црна Гора, во Никшиќ, а потоа во Подгорица, каде што сведокот била силувана и принудена да работи како келнерка во кафулиња. Таа успеала да избега околу 5 април 1993 година.[116] Драгољуб Кунарац и Радомир Ковач беа прогласени за виновни, меѓу другото, за лично силување на сведокот FWS-87. За време на судењето, Радомир Ковач се бранел велејќи дека сведокот FWS-87 била во романтична врска со него. Судиите го отфрлиле ова целосно и ја окарактеризирале нивната врска како „заснована на суров опортунизам од страна на Ковач, постојана злоупотреба и доминација врз девојката која во тоа време имала само околу петнаесет години“.[117]

Сведок FWS-50

Заштитениот сведок FWS-50 беше од селото Мешаи и сведочеше пред МКСЈ во случајот Кунарац и останатите (IT-96-23 и 23/1), на 29 и 30 март 2000 година.

[115] Сведокот FWS 87 на 4 и 5 април и 23 октомври 2000 во предметот против Драгољуб Кунарац, Зоран Вуковиќ и Радомир Ковач.
[116] Сведочење на Сведокот FWS-87, параграф 75.
[117] Сведокот FWS 87 на 4 и 5 април и 23 октомври 2000 во предметот против Драгољуб Кунарац, Зоран Вуковиќ и Радомир Ковач.

Имала 16 години кога била заробена заедно со нејзината мајка, двајцата браќа и сестра ѝ. Таа била орално силувана од Зоран Вуковиќ додека била во една од бараките во Бук Биела. Кога била однесена во гимназијата во Фоча, втората вечер, била силувана од непознат војник. По 11 дена, таа била префрлена во спортската сала „Партизан“, од каде што била однесена на различни локации и силувана од поголем број војници, вклучително и од Зоран Вуковиќ и Драгољуб Кунарац. Сведокот не можеше да го наведе точниот број на силувања што ги доживеала, ниту точниот број на луѓе што ја силувале.

Во предметот на МКСЈ „Фоча“ Крнојелац (IT-97-25), Кунарац и останатите (IT–96–23 &23/1) и Зеленовиќ (IT-96-23/2): Драгољуб Кунарац беше прогласен за виновен и осуден на 28 години затвор; пред Судот на БиХ, во случај проследен од МКСЈ, Гојко Јанковиќ беше осуден на 34 години затвор за, меѓу другото, злосторства против човештвото и кршење на законите и обичаите на војување, вклучувајќи тортура и силување; Драган Зеленовиќ се изјасни за виновен пред МКСЈ и беше осуден на 15 години затвор за злосторства кои вклучуваа силување и мачење (злосторства против човештвото и кршење на законите и обичаите на војување) на територијата на општина Фоча; Зоран Вуковиќ беше осуден од МКСЈ врз основа на индивидуална кривична одговорност на 12 години затвор за мачење и силување; пред Судот на Босна и Херцеговина во случај проследен од МКСЈ, во 2007, година Радован Станковиќ беше осуден со правосилна пресуда за злосторства против човештвото: поробување, лишување од физичка слобода спротивно на основните правила на меѓународното право, и мачење и силување, на затворска казна од 20 години; Радомир Ковач, еден од заменик-командантите на воената полиција на ВРС и водач на паравоените сили во градот Фоча, беше осуден на 20 години затвор од МКСЈ.

## Сексуално наслиство врз жените

Иако и момчињата и мажите биле жртви, огромното мнозинство од жртвите на сексуално насилство во војните во 1990-те во поранешна Југославија биле жени.

Сторителите на систематскиот организиран криминал на сексуално насилство врз жените биле припадници на војската, полицијата, паравоените формации и локалните цивили кои припаѓале на различни етнички групи. Силувањето на жените било средство односно оружје на политиката на етничко чистење кое служело за деморализација, понижување и уништување. Извештајот на Комисијата на експерти на ООН, 1994 година,[118] врз основа на доказите собрани на терен, ги презентирал моделите на силување што се применувале врз жените: 1) сексуални злосторства врз жени во врска со грабежи и заплашувања на целната етничка група; 2) силувања во врска со воени операции; 3) силувања во логори, затвори, места за притвор; 4) силувања извршени со цел тероризирање и понижување на жртвата, честопати како дел од политиката на етничко чистење и 5) силување на жени единствено со цел сексуална забава.[119]

Во зависност од формата на сексуално насилство, злосторството сексуално насилство врз жените најчесто се одвивало во затворена средина, почнувајќи од логори, па сè до разни места за затворање како што се станбени згради, домови на културата, спортски објекти, училишни згради итн. Во логорите и затворските установи каде што жените биле затворени, тие биле одвоени од мажите и биле држени, како и мажите, во нехумани услови проследени со физичко и психолошко насилство, атмосфера на страв и несигурност. Атмосферата на страв и несигурност била зајакнета со можноста за силување, а се создавала за време на апсењето и после него, поради односот на припадниците на полицијата и војската кон жените. Имено, често се случувало жените да бидат изложени на закани за сексуално насилство веднаш по апсењето, што дополнително ги погодувало заробените. Кога станува збор за жените, тие биле избирани според возраста. При изборот, силувачите избирале помлади жени, но биле евидентирани и случаи на сексуална злоупотреба на жени до 70 години. Жените биле избирани случајно и силувани во текот на ноќта; оние кои се спротивставувале на силувањето биле убивани на лице место, често пред други затвореници; силувањата биле извршувани во присуство на други затвореници, често во присуство на членови на семејството, вклучувајќи и

[118] Совет на безбедност на ОН, Извештај на Комисијата на експерти на ОН, S/1994/674, 27.5.1994
[119] Ibid, „Rape and other forms of sexual assault“, параграфи 232-253, стр.55.

деца. Силувањето служело за создавање на атмосфера на терор меѓу затвореничките. Мајките на мали деца често биле силувани пред своите деца и им се закanувале со смрт на децата доколку не се покорат на силувањето. Поради општествената стигма – дури и во мирно време – силувањето, вклучително и силувањето на жени, е меѓу најмалку пријавуваните злосторства, што е една од причините зошто дури и денес нема прецизни податоци за бројот на жени силувани за време на војните.

## Приедор

Во општина Приедор[120] во текот на пролетта и летото 1992 година, беа извршени најсериозните и најгрозоморни злосторства откако српските политички, воени и полициски сили ја презедоа контролата врз градот и ги отстранија босанските Хрвати и муслимани од одговорните позиции во општината. Во мај 1992 година беше основан логорот Трнополе,[121] каде што заробениците беа претежно деца, жени и постари лица, босански муслимани и Хрвати, кои систематски беа подложени на сексуално насилство, особено младите девојки и жени. Сулејман Бешлиќ сведочеше пред МКСЈ, наведувајќи дека „најзагрозени беа младите девојки на возраст од 16 до 19 години. Во текот на ноќите, групи војници влегуваа во логорот, ги вадеа своите жртви од нивните домови и ги силуваа“.[122] Логорот имал амбуланта во која работел лекарот-затвореник д-р Идриз Мерџаниќ, и неколку болничари кои им пружале медицинска помош на затворениците, вклучително и на силуваните жени. Пред МКСЈ, д-р Мерџаниќ сведочеше во случаите против Радован Караџиќ, Ратко Младиќ и Миломир Стакиќ. Тој рече дека во текот на ноќта, тој и неговите колеги можеле да видат од прозорецот на амбулантата мажи како

[120] Повеќе за злосторствата во Приедор пред Судот може да се најде во *Outreach* материјалот на МКСЈ, кој го опишува откривањето на логорот и започнувањето на процесот што доведе до формирање на првиот меѓународен кривичен суд по Втората светска војна, како и судскиот епилог на злосторствата извршени во Приедор.
[121] Приближување на МКСЈ до локалните заедници во Босна и Херцеговина, Транскрипт од Конференцијата во Приедор, МКСЈ, 2005, стр.15.
[122] Сведочење на поранешен затвореник од Трнополе во Обвинителот против Душко Тадиќ – Дуле (Пресуда на Првостепениот совет), IT-94-1-T, МКСЈ, 7.5.1997. стр.66, параграф 175, фуснота 9.

одат кон собите каде што биле заробени жени. Силувачите држеле запалени батериски лампи во рацете со кои ги осветлувале жените и на овој начин ги избирале оние што им се допаѓале. По силувањето, некои жени дошле во амбулантата и побарале помош. Д-р Мерџаниќ успеал да испрати неколку од нив на гинеколошки преглед во болницата во Приедор за да се утврди дека биле силувани, што подоцна било потврдено. Покрај д-р Мерџаниќ, пред МКСЈ сведочел и болничарот Васиф Гутиќ за помошта што им ја дал на младите девојки кои биле силувани во логорот Трнополе. Тој ги примал, лекувал и разговарал со младите девојки кои биле силувани - од кои најмладата имала 12 години.[123]

Во логорот Омарска претежно биле затворани претежно мажи, но таму беа заробени и неколку десетици жени. Тие биле сместени во две соби на првиот кат од административната зграда на рудникот Омарска. Речиси сите заробеници во логорот биле мачени за време на испрашувањата, кои се спроведувале во зградата во која се наоѓале канцелариските простории на управата на логорот. Канцелариските простории на управата на логорот биле места каде што затворенничките беа заплашувани со обиди за силување, а „ноќе, тие рутински биле повикувани од своите соби и силувани. Еден сведок рече дека била вадена и силувана петпати и дека била тепана по секое силување“.[124] Жените кои сведочеа пред Судот опишаа како чуварите повикувале одредени заробенички секоја вечер, кои се враќале по неколку часа плачејќи и со модринки, но никому не кажувале што им се случило. Злата Цикота, која сведочеше пред МКСЈ во случајот Квочка (IT-98-30/1), исто така поминала низ тортура за време на испрашувањето. Заштитените сведоци „Ј“ и „У“ сведочеа за сексуалното насилство – силување што го доживеале во логорот Омарска – во случајот Квочка (IT-98-30/1). Сведокот „Ј“[125] му раскажа на Судот како била силувана од Недељко Грабовац, познат по прекарот Капетан.

> „Ми рече дека му се допаѓам, дека сум негов тип жена, во кој аспект му се допаѓам. И почна да ме допира, по моите полови органи. Реков, всушност го

[123] Сведочење на Васиф Гутиќ, во Обвинителот против Душко Тадиќ – Дуле (Пресуда на Првостепениот совет), IT-94-1-T, МКСЈ, 7.5.1997, параграф 175, фуснота 9.
[124] Ibid. стр.62, параграф 165.
[125] Сведок „Ј“, Приедор, Glas Žrtava, REKOM mreža pomirenja.

молев, тоа беше молба да ме пушти, дека се чувствувам многу лошо, дека не ми е добро, дека ми се повраќа.“[126] На прашањето на обвинителот дали го пријавила злоупотребувањето кај командантите на логорот, сведокот „Ј“ одговори дека не го сторила тоа, бидејќи била убедена „дека никој нема да ѝ верува и дека, после тоа, ќе поминела уште полошо“.

Во логорот Кератерм, босанска муслиманка од Приедор – заштитен сведок „У“,[127] била силувана. Ја силувал стражарот Недељко Тимарац.

„По пристигнувањето во Кератерм, стражарот ме одведе во една соба и ми нареди да стојам на маса. Почна да ме тепа и ми нареди да се соблечам. Потоа ме силуваше. Подоцна, влегоа и други мажи и тие исто ме силуваа. Утрото се разбудив во локва крв. Подоцна, други жени ми кажаа дека првиот стражар бил Недељко Тимарац.“[128]

## Челебиќи

Покрај поголемиот број мажи во логорот Челебиќи, заробени биле и жени и постари лица од српска етничка припадност од страна на босански Хрвати и муслимани. Во периодот од април до декември 1992 година, заробениците во логорот биле жртви на сурово и нечовечко постапување. Неколку жени, заробенички во логорот Челебиќи, биле силувани и сексуално злоупотребени. Заробеничките од логорот, босанските Србинки Гроздана Ќеќез и Милојка Антиќ, покрај тоа што биле изложени на постојани закани, заплашување и изгладнување, биле силувани повеќе пати. Пред МСКЈ е досудено дека силувањата ги извршил заменик-командантот на логорот Хазим Делиќ. Тој ги силувал заробеничките за време на испрашувањата, во административната и приемната зграда, под закана со оружје и во униформа, така што, покрај нивните физички повреди, тие биле и во постојан страв од идно силување и смрт. Гроздана Ќеќез сведочела пред МКСЈ на

[126] Ibid.
[127] Сведок „У“, Приедор, Glas Žrtava, REKOM mreža pomirenja.
[128] Ibid.

17 и 18 март 1997 година во предметот против Здравко Муциќ, Хазим Делиќ, Есад Ланџа и Зејнил Делалиќ велејќи: „Не можев да разберам што ќе ми се случи. Зар е можно на крајот на 20 век некој да си дозволи себеси такви глупости?“ Милојка Антиќ била затворена во логорот Челебиќи три месеци и во тој период била силувана трипати од Хазим Делиќ:

> „И третпат бев силувана од него. Се борев, се мачев, едноставно не можев ништо да направам. Тој ми впери пушка – ќе те убијам. Реков – Убиј ме. Не можев ништо да спречам. И тогаш бев силувана.“[129]

МКСЈ во предметот „Челебиќи“ (IT-96-21) Муциќ и останатите ги прогласи обвинетите за виновни за тешки повреди на Женевските конвенции и го осуди Здравко Муциќ на девет години затвор, Хазим Делиќ на 18 години затвор, а Есад Ланџа на 15 години затвор. Оваа пресуда претставува пресвртница во меѓународното право – суд за првпат заклучи дека силувањето е форма на мачење и ги осуди обвинетите врз таа основа.

## ЛАШВАНСКА ДОЛИНА

Во предметот „Лашванска долина“ IT-95-17/1 Анто Фурунџија,[130] со пресудата се утврди дека гледањето тешка сексуална злоупотреба односно присуството на набљудувач му предизвикува на силуваното лице сериозна психолошка повреда што може да се квалификува како мачење. Анто Фурунџија беше активен борец на силите на босанските Хрвати и учествуваше во воени акции насочени против муслиманската заедница во подрачјето на Лашванската долина. Меѓу другото, тој учествуваше во нападот и протерувањето на муслиманите од нивните домови во селото Ахмиќи.[131] Анто Фурунџија беше осуден за мачење, помагање и поддржување на повреди на личното достоинство, што претставуваат воени злосторства, и затоа што не презел ништо за да ги спречи или оневозможни делата

[129] МКСЈ, Податоци за предметот: „Челебиќи“, IT-96-21 Обвинителот против Муциќ и останатите, МКСЈ.
[130] Ахмиќи, Glas žrtava, Rekom Mreža pomirenja
[131] „Ахмиќи, 48 часа пепел и крв“, СЕНС Центар.

што се случиле во негово присуство, за што беше прогласен за виновен за помагање и поттикнување на повреди на личното достоинство, вклучително и силување. Фурунџија беше осуден на десет години затвор за кривичното дело мачење и осум години за повреди на личното достоинство. Казните ги отслужи истовремено.

## Дретељ

Во еден од хангарите на логорот Дретељ[132], околу 80 жени биле заробени и подложени на силување и други форми на сексуално насилство. Пред Судот на Босна и Херцеговина, во предметот Иван Зеленика и останатите, заштитениот сведок А,[133] босанска Србинка, сведочеше, меѓу другото, и за силувањето на 70-годишната старицата Анѓа Војиновиќ или „баба Анѓа". Самата сведок А била силувана неколкупати од Иван Мандиќ[134] и сведочела за ова пред Судот на БиХ.[135]

## Косово

За време на воздушните напади на НАТО врз Сојузна Република Југославија (СРЈ), вклучително и на Косово, кои започнаа на 24 март 1999 година, беше водена распространета кампања на насилство врз албанското цивилно население во Косово, спроведена од страна на Војската на Југославија (ВЈ) и полициските сили на Министерството за внатрешни работи (МВР) под контрола на властите на СРЈ и Србија. За време на кампањата на насилство, косовските Албанци беа масовно малтретирани, тепани, убивани, сексуално злоупотребувани и ограбувани со цел да ги напуштат своите домови и на тој начин да се обезбеди трајна српска контрола врз територијата на Косово. Беа регистрирани бројни случаи на сексуално насилство врз девојчиња и жени, за што сведочат документите од судењата водени

[132] TV Justice Magazine I Episode 28: Detention Camp Dretelj -- Place of Untold Crime.
[133] S1 1 K 009124 16 Крж Зеленик Иван и останатите, пресуда, Суд на Босна и Херцеговина, 22.9.2016, стр.215, фуснота 886. Исто, Силувањето на Сведок А, Glas žrtava, REKOM Mreža pomirenja
[134] Ibid. Податоци за Иван Мандиќ, стр.7
[135] Ibid. Силувањето на Сведок А, стр. 169-174, фусноти 684-708.

пред МКСЈ во врска со сексуалните злосторства извршени во општините на Косово во пролетта 1999 година. Дека силувањето и сексуалното насилство биле составен дел од кампањата покажа извештајот од 1999 година на меѓународната организација Human Rights Watch, во кој, меѓу другото, беше нагласено:

> „Силувањата на косовските Албанки не беа ретки и изолирани дела извршени од припадници на Војската на Југославија и српската полиција, туку попрво би се рекло дека беа средство за тероризирање на цивилното население, изнудување пари од семејствата и принудување на луѓето да ги напуштат своите домови. Во својот извештај, Human Rights Watch нагласи дека пронајде веродостојни докази за деведесет и шест случаи на сексуална злоупотреба од страна на југословенските војници, припадниците на српската полиција и паравоените сили за време на бомбардирањето на НАТО, а вистинскиот број е секако многу поголем. Во принцип, силувањата може да се поделат во три категории: силувања во домовите на жените, силувања за време на бегство и силувања во заробеништво. Во првата категорија, припадниците на безбедносните сили влегувале во приватни домови и силувале жени во присуство на членови на семејството, во дворот или во соседната соба. Во втората категорија, припадниците на Војската на Југославија, српската полиција или паравоените формации запирале, ограбувале и им се закanувале на привремено раселените лица кои лутале пеш или се возеле на трактори. Доколку семејството немало пари, членовите на безбедносните сили им се заканувале дека ќе им ги земат ќерките и ќе ги силуваат, што некогаш се случувало и покрај тоа што семејствата давале пари. Третата категорија вклучува силувања во привремените затвори, како што се напуштени куќи и штали.“[136]

Жени и млади девојки од албанска националност биле подложени на сексуално насилство за време на кампањата за масовно протерување на албанските цивили од Косово во пролетта 1999 година од страна на припадниците

[136] Human Rights Watch, Women's human rights (World Report 2000), Violence against Women in Conflict, 1999.

на армијата на СРЈ и српската полиција низ целото Косово, вклучувајќи ги Приштина/Prishtinë, Призрен, Ќирез/Qirez (општина Србица/Skenderaj), Косовска Митровица, Mitrovicë и Дечане/Deçan.

Ќирез/Qirez[137]

Кон средината на април 1999 година, припадници на Војската на Југославија донеле 27 жени и деца во селото Ќирез/ Qirez и ги предале на група војници. Од групата заробеници, тие насилно одвоиле неколку девојки и млади жени, од кои некои биле бремени (од четврт до осми месец). Жените и девојките биле принудени на вагинални односи и биле сексуално злоупотребувани на други начини. За овие настани пред МКСЈ сведочела Џевахире Рахмани, косовска Албанка од Дубовец/Duboc, во предметот Шаиновиќ и останатите (IT – 05-87), како и заштитениот Сведок К-24, косовска Албанка од Кожица/Kozhicë. Советот на МКСЈ во случајот Шаиновиќ и останатите (IT – 05-87) заклучи дека во Ќирез/Qirez, за време на напад врз жителите на таа општина, најмалку четири жени – косовски Албанки биле подложени на сексуално насилство, со што се загрозил нивниот физички интегритет, што пак претставувало тешка повреда на нивното лично достоинство.

Приштина/Prishtinë

Протерувањето на косовските Албанци од страна на припадниците на Војската на Југославија и Србија, кое започна во екот на воздушното бомбардирање на НАТО, исто така принуди илјадници жители на Приштина да ги напуштат своите домови и да одат на територијата на Македонија. За време на кампањата на присилните иселувања, припадниците на воените и полициските сили на СРЈ/Србија сексуално злоупотребувале жени и девојчиња – косовски Албанки, со

[137] Повеќе за сексуалното злоупотребување во Ќирез/Qirez: Обвинителот против Милан Милутиновиќ, Никола Шаиновиќ Драгољуб Оjданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ и Сретен Лукиќ, (Пресуда, том II од IV), IT-05-87-T, МКСЈ, 26.2.2009, стр. 225-230.

намера да го забрзаат процесот на протерување на албанските цивили од територијата на Косово.[138] Сексуалната злоупотреба на косовските Албанки се одвивала во нивните домови, но тие биле носени и во други објекти, а биле злоупотребувани и додека биле во бегство. Така, за време на операцијата на прогонство, една девојка – косовска Албанка, била изнесена од конвојот што се движел кон Приштина/Prishtinë и била сексуално злоупотребена од припадници на српските сили, по што била вратена во конвојот.[139] Друга девојка – косовска Албанка била протерана од Приштина/Prishtinë со членовите на нејзиното семејство кон крајот на март 1999 година. Некое време, семејството било во селото Граштица/Grashticë, само за повторно да се врати во Приштина/Prishtinë со надеж дека таму ќе биде безбедно. Откако се вратиле дома во Приштина/Prishtinë, едно утро во мај 1999 година, припадници на српската полиција насилно ја извадиле девојката од куќата и ја однеле во хотелот „Божур". Во хотелската соба, таа била силувана од српски полицаец, по што била вратена дома. Жртвата продолжила да биде малтретирана од истиот полицаец во следните денови, сѐ додека семејството и жртвата не избегале во Македонија од страв од понатамошно сексуално злоупотребување.[140]

## Дечани/Deçan

На 28 март 1999 година, припадници на Армијата на СРЈ и српската полиција влегле во селото Белег/Belegu, дел од територијата на општина Дечани. Куќите биле под стража на припадници на војската и полицијата.[141] Во текот на ноќта на 29 март 1999 година, припадници на војската и полициските сили на СРЈ/Србија извеле пет жени и девојки од една куќа и ги однеле во друга зграда.[142] Жените биле

[138] Ibid. стр. 317, параграф 889, фуснота 364; Обвинителот против Шаиновиќ и останатите (Пресуда на Жалбениот совет), IT-05-87-A, МКСЈ, 24.1.2014, стр.224, параграф 580.

[139] Обвинителот против Ѓорѓевиќ (Пресуда на Жалбениот совет, том I), ICTY-05-87/1-A, МКСЈ, 27.1.2014, параграфи 857-859, 897, 926-927,929.

[140] Ibid.

[141] „Општина Дечани", Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ (Пресуда на Првостепениот совет, том I), IT-05-87/1-T, МКСЈ, 23.2.2011, стр. 430-431, параграфи 1142-1149.

[142] Конкретните настани се случиле помеѓу 28 и 30 март 1999 година во селото Белег/Belegu, Обвинителот против Милан Милутиновиќ, Никола Шаиновиќ Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ,

избрани од војници со помош на батериски лампи, нудејќи им цигари. Две жени биле вратени веднаш, додека три биле задржани. Тие биле однесени во блиска, изгорена куќа која војниците ја користеле како база. Еден војник ја однел една од девојките во купатило без прозорци и врати, ја соблекол и ја силувал. Девојката врескала, па војникот ѝ ставил крпа на устата и ѝ се заканувал. За време на силувањето, полицаец чувал стража на вратата и повремено светел со батериска лампа за да види што се случува. Кога војникот што ја силувал девојката си заминал, полицаецот ѝ удрил шлаканица, а таа се онесвестила. Потоа пристигнале втор, трет и четврти војник во зелени камуфлажни униформи и секој од нив ја силувал неа. После тоа, полицаец што зборувал албански ѝ рекол на девојката да им каже на другите дека чистела. Во текот на ноќта, се слушнале вресоците на другите две девојки кои војниците ги одвеле.[143] Тројца сведоци сведочеле за овој настан пред МКСЈ: Мехмет Мазрекај, старешина на селото и учител од Дреновац; сведокот К58, косовска Албанка, домаќинка од истото село и сведокот К20, млада косовска Албанка која била сексуално нападната ноќта на 29 март 1999 година.[144] На 30 март 1999 година, околу 08:00 или 09:00 часот, полицаец, кого сведокот К20 го опишала како „командант“, им рекол да го напуштат селото и да одат во Албанија. Сведокот К58 изјавила дека на жените им било кажано: „Одете во Албанија. Го баравте НАТО“. Прогонетите селани, принудени на заминување, биле организирани во конвој, предводен од три оклопни транспортери, а на десет постари мажи им било дозволено да одат со конвојот за да можат да возат трактори. Сепак, 40-50 мажи (вклучувајќи некои од Дреновац и Слуп) биле задржани и оттогаш никој не слушнал ништо за нив.[145]

---

Владимир Лазаревиќ и Сретен Лукиќ, (Пресуда, том II од IV), IT-05-87-T МКСЈ, 26.2.2009, стр.23, параграф 52.

[143] „Општина Дечани“, Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ (Пресуда на Првостепениот совет, том I), IT-05-87/1-T, МКСЈ, 23.2.2011, стр. 430-431, параграфи 1150-1151.

[144] Случувањата во општина „Дечани“ на крајот на март 1999, Обвинителот против Милан Милутиновиќ, Никола Шаиновиќ Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ и Сретен Лукиќ, (Пресуда, том II од IV), IT-05-87-T МКСЈ, 26.2.2009, стр.23, параграф 52.

[145] Ibid. стр.30, параграф 65.

За злосторства извршени на Косово во пролетта 1999 година,[146] МКСЈ осуди шест високи српски функционери на затворски казни од 14 до 22 години. Осудените лица биле Никола Шаиновиќ, Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Властимир Ѓорѓевиќ. Милутин Милутиновиќ бил ослободен од обвинението за злосторствата извршени во косовските општини, додека обвинетиот Слободан Милошевиќ починал пред крајот на судењето.

## Дукаѓин/Dukagjin[147]

МКСЈ ги обвини Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахи Брахимај врз основа на индивидуална кривична одговорност за планирање, поттикнување, наредување, извршување или на друг начин помагање и поддржување на извршувањето на злосторства од 1 март 1998 година до 30 септември 1998 година на територијата на Косово во поранешна Југославија. Според обвинението, неговата цел била да се воспостави целосна контрола од страна на Ослободителната војска на Косово (ОВК) врз нејзината Оперативна зона Дукаѓин/Dukagjin преку напаѓање и прогонување на одредени сегменти на локалното цивилно население, то ест преку противправно отстранување на српски цивили од тоа подрачје и преку насилно сузбивање на каква било фактичка или претпоставена соработка меѓу албански или ромски цивили и Срби. Нивната злосторничка цел вклучувала заплашување, киднапирање, затворање, тепање, мачење, убиства, но и силување на цивили.[148]

Обвинетите Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахи Брахимај, во предметот Харадинај и останатите (IT-0484), беа обвинети за злосторства против човештвото и кршење на законите или обичаите на војување, вклучително и за силување. Како што се тврди во обвинението, Идриз Балај силувал жена од ромско/египќанско потекло од општина Дечани (заштитен сведок 61) и го мачел и сурово постапувал

[146] Се сеќаваме на злосторството на Косово, МРМКС, Програма за информирање за заедниците погодени од конфликтите.
[147] Оперативната зона ОВК Дукаѓин/Dukagjin ги опфаќала општините Пеќ/Peja, Дечани, Ѓаковица/Gjakova и делови од општините Исток/Istog и Клина/Klinë.
[148] Второ судење на Трибуналот на припадниците на ОВК „Гангстери во униформи“ или „чесни борци за слобода“, Sense TV, од 0:33 до 9:50, 3.9.2007.

со нејзиниот сопруг во седиштето на ОВК во Ржниќ/Irzniq во летото 1998 година.[149] Рамуш Харадинај и Идриз Балај беа ослободени од МКСЈ од сите точки од обвинението, додека Лахи Брахимај беше прогласен за виновен за две точки од обвинението за сурово постапување и мачење во логорот Јабланица и осуден на шест години затвор.[150] Во пресудата на Жалбениот совет, судиите ги истакнаа „значајните тешкотии“ со кои се соочија за време на постапката со сведоците и со добивањето докази за време на судењето.

> „Во текот на судењето, Судскиот совет имаше значителни тешкотии да го обезбеди сведочењето на голем број сведоци […]. Многу сведоци го наведоа стравот како значајна причина заради која не сакаа да му се обратат на Судскиот совет и да сведочат. Судскиот совет стекна силен впечаток дека судењето се водеше во атмосфера во која сведоците не се чувствуваа безбедно.“[151]

## Сексуално насилство врз мажите

И покрај преовладувачкото мислење дека сексуалното насилство за време на војна првенствено е насочено против жените, овој облик на криминал историски се извршувал и против мажи, но во голема мера останал невидлив. Причините за невидливоста на сексуалното насилство врз мажите се повеќеслојни, а главната е непријавувањето на злосторството од страна на жртвата.[152] Иако последиците од силувањето се слични како кај жените, машките жртви имаат тенденција да покажат

[149] Силување на Сведокот 61 и сурово постапување и тортура врз Сведоците 1 и 61, Обвинителот против Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахија Брахимај (Пресуда на Првостепениот совет), IT-04-84-T, МКСЈ, 3.4.2008, стр. 252-259, фусноти 459-469.
[150] Обвинителот против Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахи Брахимај: пресуда на Првостепениот совет, IT-04-84-T, МКСЈ, 3.4.2008, пресуда на Жалбениот совет, IT-04-84-A, МКСЈ, 19.7.2010 и пресуда од повторената постапка, IT-04-84bis-T, МКСЈ, 29.11.2012.
[151] Обвинителот против Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахи Брахимај (Пресуда на Жалбениот совет),IT-04-84-A, МКСЈ, 19.7.2010, 3. Анализа, стр. 16, параграф 34.
[152] „Неволноста на машките жртви да зборуваат за своите искуства понекогаш е последица на перцепцијата за машкоста во нивните заедници, каде што машкоста се смета за неспоива со статусот на жртва на сексуално насилство.“ Гонење на кривични дела со сексуално насилство под надлежност на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ), поглавје 5, дел Б, стр.122, фуснота 12.

уште поголема неволност да го пријават своето страдање. Ваквите злосторства се гонети во Хаг, што доведе до нивна поголема видливост во општествата во поранешна Југославија, а судењата покажаа дека овој облик на насилство не е маргинален феномен. Еден од првите документи што го споменуваат сексуалното насилство врз мажите е извештајот на организацијата Amnesty International:

> „Постојат многу извештаи за злоупотреби и мачење во Кератерм, кои најчесто се случуваат навечер или ноќе, вклучително и тепања. Поранешните заробеници ги изнесоа следниве тврдења: меѓу другото, дека групи мажи биле принудени да пеат српски песни и биле претепани; дека мажите биле принудени да вршат сексуални дејствија едни со други; дека барем во една прилика чуварите пукале со оружјето над главите на заробениците во една од салите [...]“[153]

Извештајот на Комисијата на експерти на ОН за поранешна Југославија[154] влијаеше врз создавањето на правната рамка на МКСЈ, а големи надежи во врска со злосторствата со сексуално насилство беа положени врз работата на Обвинителството на МКСЈ,[155] што вклучуваше истрага за сексуалното насилство, вклучително и врз мажите. За време на истрагата, Комисијата интервјуираше мажи кои беа жртви на сексуално насилство и на тој начин го документираше овој вид кривично дело, наведувајќи различни форми на машко сексуално осакатување: принудување мажи да силуваат жени, принудување мажи да вршат сексуални дејствија со други мажи, орално и анално силување на мажи, принудна голотија на мажи, закани за принуден секс со трупови и други форми на сексуално насилство. Поголемиот дел од кривичните дела поврзани со сексуално насилство извршени врз момчиња и мажи биле извршени од други мажи.

[153] Amnesty International, Bosnia-Herzegovina: Gross abuses of basic human rights, 22.10.1992, EUR 63/001/1992, стр.38.

[154] Совет на безбедност на ОН, Извештај на Комисијата на експерти на ОН, S/1994/674, 27.5.1994

[155] „Обвинителството препозна дека сексуалното насилство може да се изврши и врз мажи и врз жени и дека одговорноста за сексуалните злосторства треба да се утврди без оглед на полот на жртвата“, Гонење на кривични дела со сексуално насилство под надлежност на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ), поглавје 4, дел 5, стр. 102, фуснота 142.

## Логорите во Приедор

Напорите на МКСЈ да ја утврди вистината за злосторствата извршени за време на конфликтите во поранешна Југославија, исто така, доведоа до гонење на злосторства поврзани со сексуално насилство врз мажи. Судењето на поранешниот претседател на локалниот комитет на Српската демократска партија на Козарац, Душко Тадиќ, во предметот Тадиќ (IT-94-1), влезе во историјата на неколку начини. Имено, ова судење не само што е првото меѓународно судење за воени злосторства по судењата во Нирнберг и Токио, туку е и првото судење кое вклучува обвиненија за сексуално насилство. Во овој конкретен случај, обвиненијата се однесуваат на сексуално осакатување, не на жени, туку на мажи. Судењето на Душко Тадиќ, исто така, ја докажа огромната застапеност на кривичното дело сексуално насилство врз машки затвореници во логорите.

Откако ја презедоа контролата врз областа Приедор (во пролетта 1992 година), српските воени и полициски сили ги основаа логорите Омарска, Кератерм и Трнополе, каде што затворија илјадници босански муслимани и Хрвати. Воспоставувањето на логорите беше резултат на намерна дискриминација врз несрпското население и дел од планот за протерување на несрпското население од општина Приедор. Мажите главно беа однесени во логорите Кератерм и Омарска, а жените и децата во логорот Трнополе. За време на нивното заробеништво, заробениците, и жените и мажите, беа подложени на тешки злоупотреби кои вклучувале тепање, сексуално злоупотребување, мачење и погубување. За време на еден инцидент во логорот Омарска, еден од заробениците бил принуден да ги одгризе тестисите на друг заробеник.

> „Откако Г и Сведокот Х биле принудени да го влечат телото на Јасмин Хрниќ низ хангарот, им било наредено да скокнат во каналот, а потоа Фикрет Харамбашиќ, гол и крвав од ударите, бил принуден да скокне во каналот. На Сведокот Х му било наредено да му го лиже голиот задник, а на Г да му го цица пенисот, а потоа да му ги одгризе тестисите. За тоа време, група мажи во униформа стоеле околу каналот, набљудувајќи и викајќи да гризе посилно. Потоа сите тројца морале да излезат од каналот, а на сведокот Х му се

заканиле дека ќе му ги извадат обете очи со нож ако не ја држи устата на Харамбашиќ затворена за да не вреска. Потоа Г бил натеран да легне меѓу голите нозе на Харамбашиќ и да го удира по гениталиите и да му ги одгризе, додека тој се оттргнувал. Потоа, Г му одгризал еден од тестисите на Харамбашиќ и го плукнал, по што му било кажано дека може да си замине.“[156]

Во мај 1997 година,[157] Судскиот совет го прогласи Тадиќ за виновен и го осуди на 20 години затвор за сурово постапување (кршење на законите или обичаите на војување) и нечовечни дела (злосторство против човештвото) за неговата улога во овој и други инциденти. Две години подоцна во жалбената постапка, Душко Тадиќ беше дополнително осуден за тешки повреди на Женевските конвенции: нечовечно постапување и намерно нанесување на големо страдање или сериозни повреди на телото или здравјето.

Сексуалното насилство врз мажите беше особено распространето во логорот Кератерм, кој беше основан околу 23 мај 1992 година и беше под команда на Душко Сикирица. Околу 4000 луѓе, претежно мажи, босански муслимани и Хрвати, поминаа низ логорот и беа подложени на разни форми на сексуално насилство. МКСЈ покрена обвинение на 21 јули 1995 година. Меѓу 13-те обвинети за злосторства извршени во логорот Кератерм беа командантот на логорот, чуварите и другите кои влегуваа во логорот и беа вклучени во најсериозните инциденти како убиства, тепања, мачења, силувања, сексуални злоупотреби и заробеништво во нечовечки услови. Душко Сикирица се изјасни за виновен за прогонство како злосторство против човештвото и убиство и беше осуден на 15 години затвор, Дамир Дошен се изјасни за виновен како соучесник во злосторството тепање на заробените босански муслимани и Хрвати и беше осуден на 5 години затвор. Драган Колунџија се изјасни за виновен за соучесник во кривичното дело тепање на заробеници – босански муслимани и Хрвати – и беше осуден на 5 години затвор. Фикрет Хидиќ сведочеше пред МКСЈ за сексуалната злоупотреба на која бил подложен во логорот Кератерм во текот на летото 1992 година, опишувајќи како бил

[156] Обвинителот против Душко Тадиќ (Мислење и пресуда за казната), IT-94-1-T, МКСЈ, 14.7.1997, стр. 12-13, параграф 21.
[157] Обвинителот против Душко Тадиќ (Мислење и пресуда за казната), IT-94-1-T, МКСЈ, 14.7.1997.

принуден да има сексуален чин со друг затвореник, под закана од стражарите и удари со полициска палка.

### ЧЕЛЕБИЌИ

Мажите беа подложени на сексуално насилство и во логорот Челебиќи. Така, стражарот Есад Ланџо ги принудил браќата Весељко и Васо Ѓорѓиќ, босански Срби од околината на Коњиќ, на меѓусебен орален секс во хангарот бр. 6 од логорот Челебиќи пред очите на другите заробеници.[158] Есад Ланџо се изјасни за виновен пред МКСЈ за суровото постапување со нив. Во предметот „Логорот Челебиќи“ (IT-95-10/1) Муциќ и останатите, МКСЈ го осуди заменик-командантот на логорот Хазим Делиќ на 18 години затвор, командантот на логорот Здравко Муциќ на девет години затвор, а стражарот Есад Ланџо на 15 години затвор за кршење на законите и обичаите на војување, што опфаќа и силување како мачење.[159]

### ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО ЧЕЛОПЕК

Откако српските сили го нападнаа Зворник на 8 април 1992 година, босански муслимани и муслиманки беа уапсени и затворени на неколку локации во општината, како што се Домот на културата во Челопек, земјоделскиот посед Економија и објектот познат како Ѓузина куќа. Во овие објекти, заробениците беа тепани и сексуално злоупотребувани. Така, Домот на културата во Челопек беше претворен во затворски центар кога на 8 април 1992 година, српската полиција и паравоените формации го нападнаа и го заседоа самиот град Зворник и околните села.[160] Во периодот меѓу 9 и 27 јуни 1992 година, најмалку 30 заробеници биле убиени во, тогаш затворскиот објект, Дом на културата во Челопек, додека други биле тепани, а во една прилика татковци и синови биле принудени сексуално да се злоупотребуваат меѓусебно во присуство на други заробеници. Сведокот ST088

[158] Васа Ѓорѓиќ, Челебиќи, 7.7.1997, Glas žrtava, REKOM Mreža pomirenja.
[159] Соопштение за јавноста: Пресуда за казната во предметот „Челебиќи“, ОН, МКСЈ, 9.10.2001.
[160] Домот на култура во Челопек, Glas žrtava, REKOM Mreža pomirenja.

сведочеше пред МКСЈ[161] за настан што се случил на 11 јуни 1992 година на муслиманскиот празник Бајрам. Душан Вучковиќ, познат како Репиќ, член на паравоената група „Жолти оси“, дошол во Домот на културата и ги принудил сите приведени да се соблечат. Заедно со членот на паравоената група „Пиварски“ од Краљево, Дарко Јанковиќ, познат како Пуфта, на сцената изнел неколку пара на татковци и синови и ги принудувал на меѓусебен орален секс. На тој ден Душан Вучковиќ - Репиќ ги убил Дамир Алија, Хасан Атлиќ, Салих Хаџиавдиќ, Химзо Куршумовиќ и Абдулазиз Тухчиќ. Во исто време, Дарко Јанковиќ – Пуфта ги убил Заим Пезеровиќ, Хасан Атлиќ и Сакиб Капиџиќ бодејќи ги со нож и сечејќи ги по вратот.

Инцидентите на сексуално насилство врз мажи се разгледувани и во други предмети пред Трибуналот, вклучително и: Чешиќ (IT-95-10/1), „Босански Шамац“ (IT-95-9/1) Тодоровиќ и „Босански Шамац“ IT-95-9 Симиќ, Миќо Станишиќ (IT-04-79) и „Краина“ (IT-99-36/2) Жупљанин.

## Логорот Дретељ

Во логорот Дретељ, кој го држеле припадници на Хрватските одбранбени сили (ХОС), неколку стотици српски заробеници, вклучувајќи до 200 мажи и до 80 жени, биле заробени во периодот од 2 до 13 август 1992 година. Тие биле држени во посебни хангари, во нечовечки услови, и врз нив биле применувани разни форми на насилство, вклучително и сексуално насилство врз мажи. Ова насилство вклучувало присилна голотија, присилен орален сексуален однос и други видови сексуално понижување. Во овој логор е извршено кривичното дело сексуално насилство врз маж, во кое сторител била жена. Илија Домазет сведочеше пред Судот на Босна и Херцеговина во случајот Иван Зеленика и останатите. Илија Домазет потоа го опиша сексуалното мачење на кое бил подложен за време на испрашувањето од страна на припадниците на Хрватските одбранбени сили (ХОС)

[161] Изјава на Сведокот ST088, доказен предмет P02189 во Обвинителот против Миќо Станишиќ и Стојан Жипљанин (Пресуда на Првостепениот совет том I), IT-08-91-T, МКСЈ, 27.3.2013, стр. 518-521.

во просториите на воената амбуланта во тој град. „По пристигнувањето, тој бил одведен кај Иван Зеленика на испрашување, каде што бил принуден да се соблече гол. Зеленика го тепал со гумена палка и го клоцал во пределот на бубрезите. Следниот ден, тој бил префрлен во Дретељ, каде што продолжило неговото секојдневно мачење и тепање, од што се здобил со тешки телесни повреди.“[162] Со одлука на Судот на БиХ, Иван Зеленика е осуден на 6 години затвор за злосторства против човештвото врз жртвите од српска националност заробени во логорот Дретељ.

Марина Грубишиќ-Фејзиќ[163] била членка на ХОС и служела како чувар во логорот Дретељ. Таа учествувала во систематската злоупотреба затвореници од српска националност, физички напаѓајќи ги затворениците, вклучувајќи ги Бранко Ковачевиќ, Драган Рудан и сведокот „Б“. Таа учествувала и во претепувањето на Божо Балабан, како резултат на што тој починал истата ноќ,[164] а заедно со други припадници на ХОС ги принудила Миле Белобаба и сведокот Ц на меѓусебен орален секс.[165] Миле Белобаба сведочеше за овој инцидент пред Судот за воени злосторства на БиХ, кога раскажа дека

> „во една прилика обвинетата дошла до прозорецот од машкиот хангар, во придружба на стражар со прекар „Шапа“ и тие му наредиле нему и на сведокот „Ц“ да имаат орален секс меѓусебно, додека стоеле пред нив и го набљудувале наведеното низ прозорецот, потсмевајќи им се. Сите мажи присутни во хангарот исто така го гледале наведеното, вклучувајќи ги Миливој Кружевиќ и Драган Рудан, кои ги потврдиле фактичките наводи на сведокот Миле Белобаба во своите сведоштва.“[166]

Судот за воени злосторства на БиХ ја осуди Марина Грубишиќ-Фејзиќ на 5 години затвор.

[162] Илија Домазет, Логор „Дретељ“, Glas žrtava, REKOM Mreža pomirenja.
[163] Податоци за Марина Грубишиќ-Фејзиќ во предметот S1 1 K 009124 16, Крж Зеленик Иван и останатите, пресуда, Суд на Босна и Херцеговина, 22.9.2016, стр.7.
[164] Ibid, стр.18.
[165] Ibid, стр.9.
[166] Ibid, стр.180, фуснота 737.

# Војникот во војната

Војните го обележуваат човештвото уште од неговото создавање, додека војниците отсекогаш биле главните експоненти на војните. Постојано присутни низ целата човечка историја, служејќи како чувари, освојувачи, заштитници на држави, нации и цивилизации, улогата на војниците значително еволуирала со текот на времето, следејќи ја променливата природа на војувањето, технологијата, но и еволуцијата на човечкото општество и општествените вредности. Од древните војници кои ги брaнеле своите градови-држави до современите професионалци кои служат во сложени глобални конфликти, војниците се прилагодиле на своето време.

Трагата на концептот на војник може да се најде уште во античките цивилизации, каде што војниците играле клучни улоги во општествата. Во античките цивилизации како што се античките Египет, Грција и Рим, војниците честопати имале привилегиран статус во општеството. Сепак, дури и во античките цивилизации постоеле некои рудиментарни обичаи на војување. Во античка Индија, концептот на „ Dharma Yudh“ (праведна војна) го нагласувал етичкото водење на војните и избегнувањето на повреди на неборците. Слично на тоа, античките кинески воени текстови како што е „Уметноста на војувањето“ на Сун Цу вклучувале принципи на војување. Витешкиот кодекс на однесување што се појавил во средновековна Европа ги нагласувал доблестите како што се храброста, лојалноста и заштитата на слабите, што влијаело на начинот на кој се воделе војните. Обичаите на војување значително еволуирале од античките кодекси на однесување до денешниот комплексен систем на меѓународно хуманитарно право (порано нарекувано меѓународно воено право). Овие обичаи ги одразуваат напорите на човештвото да ги ублажи ужасите од вооружените конфликти и да ги заштити правата и достоинството на сите поединци погодени од војната. Сепак, и понатаму остануваат предизвици во спроведувањето на овие закони во современите конфликти.

Конвенциите за војниците и војувањето обично се однесуваат на меѓународни договори и договори што воспоставуваат правила и стандарди што го регулираат постапувањето со војниците за време на вооружени конфликти. Најистакнати во овој поглед се Женевските конвенции (1949) и IV Хашка конвенција (1907). Женевските конвенции, збир од четири меѓународни договори, се насочени кон заштита на ранетите и болните војници, нивниот третман во заробеништво и заштитата на цивилите за време на вооружени конфликти. Хашките конвенции се серија меѓународни договори и декларации што се фокусираат на регулирање на водењето на војните. За разлика од Женевските конвенции, кои првенствено се занимаваат со заштита на поединците, Хашките конвенции се занимаваат со средствата и методите на војување, како и со правилата и обичаите на војување. Заедно, овие конвенции го формираат камен-темелникот на меѓународното хуманитарно право. Заедно, тие се стремат да го намалат страдањето и уништувањето предизвикано од војната, а воедно да ги почитуваат основните човекови права и принципот на хуманост. Прекршувањата на овие конвенции можат да резултираат со гонење на воени злосторства пред меѓународните судови.

Војните од деведесетите на територијата на поранешна Југославија беа обележани со бројни злосторства, етничко чистење и дејствија на екстремно насилство. Војниците од двете страни на фронтот беа во срцето на овие конфликти, а многумина се соочија со одговорност за своите постапки пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). Надлежноста на самиот МКСЈ е јасно дефинирана во член 1 од Статутот на МКСЈ, во кој се наведува: „Меѓународниот суд е овластен кривично да ги гони лицата одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 год. врз основа на одредбите на овој Статут.“

Војните од деведесетите на територијата на поранешна Југославија беа темно поглавје во европската историја, обележано со учеството на војници кои честопати немаа друг избор освен да учествуваат. Војниците кои учествуваа во југословенските војни и извршија злосторства не беа имуни од кривично гонење за своите постапки. МКСЈ имаше задача да ги гони лицата одговорни за сериозни

кршења на меѓународното хуманитарно право за време на југословенските војни од 1990-те. МКСЈ одигра клучна улога во повикувањето на одговорност на поединците за своите постапки, изведувајќи ги пред лицето на правдата оние кои извршиле воени злосторства, геноцид и злосторства против човештвото.[167] Како што се одвиваа судењата пред МКСЈ, тие ги изнесоа на виделина сите ужаси од војната и искуствата на војниците затекнати во вкрстениот оган на сложената воена динамика. Постапките пред судот понудија единствена перспектива за сложеноста на вооружениот конфликт, земајќи ги предвид индивидуалните искуства на војниците кои стоеја пред судот. Нивните сведоштва во некои случаи ги открија внатрешните превирања што ги доживеале, растргнати помеѓу лојалноста кон своите претпоставени и внатрешната борба да ја одржат својата човечност спроти злосторствата. МКСЈ немаше за цел само да ги гони лицата на власт, туку и да го разбере командниот синџир што влијаел врз постапките на војниците.

Влијанието на МКСЈ се прошири надвор од судницата, обликувајќи го развојот на меѓународното право и концептот на индивидуална кривична одговорност за воени дејствија, поттикнувајќи разбирање за човечките жртви на војната и важноста на одговорноста. Неговата јуриспруденција постави преседани за идните судови, зајакнувајќи ја пораката дека војниците не можат да се кријат зад наредбите или незнаењето кога се одговорни за гнасни злосторства.[168] Со тоа, мисијата на судот отиде подалеку од само потрага по правдата. Наследството на МКСЈ продолжува да влијае врз постигнувањето правда во конфликтните зони низ целиот свет, особено во сегашните конфликти во Украина, Сирија и Јемен, нагласувајќи дека оние кои ќе извршат сериозни прекршувања на меѓународното право ќе бидат одговорни, без оглед на нивниот воен статус или припадност.

## Цели на учењето

- Подигнување на свеста за одговорноста на војниците за време на војна;

[167] Мандат и кривични дела во надлежност на МКСЈ, ОН, МКСЈ.
[168] Diane F. Orentlicher, That Someone Guilty Be Punished: the Impact of the ICTY in Bosnia, Open Society Justice Initiative 2010, стр. 11.

- Препознавање на последиците од непочитување на правилата на војување и потребата од нивно казнување и
- Согледување на влијанието на моралот на војникот врз неговото однесување за време на војна.

## Заповедникот во војната

Еден од клучните концепти што се појавија низ јуриспруденцијата на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) е дефинираната разлика помеѓу индивидуална и командна одговорност. Имено, индивидуалната одговорност опфаќа директно извршување на кривични дела, како и нивно планирање, наредување, извршување, помагање и поттикнување.[169] Од друга страна, командната одговорност се однесува на одговорноста на претпоставените за кривични дела извршени од нивните подредени. Поточно, командната одговорност подразбира кривично дело на командантот што произлегува од неговото непостапување односно од неговото пропуштање да спречи или казни кривични дела извршени од неговите подредени, дури и ако претпоставениот не ги наредил директно тие дела. Ова е јасно очигледно во член 7 (3) од Статутот на МКСЈ:

> „Фактот дека кои било од наведените дела во членовите од 2 до 5 од овај Статут извршени од лице на пониска позиција не го ослободува неговиот претпоставен од кривична одговорност ако претпоставениот знаел или имал причина да знае дека лицето на пониска позиција се подготвува да изврши такви дела или веќе ги извршило, а претпоставениот не презел неопходни и разумни мерки да ги спречи таквите дела или да ги казни извршителите.“

Исто така, ако сторителот е осуден според индивидуална одговорност според член 7(1), не е потребно кумулативно да се утврди и командна одговорност според

[169] Статут на МКСЈ, член 7(1).

член 7(3). Но во спротивно, доколку индивидуалната одговорност не може да се утврди, тогаш се пристапува кон можноста за утврдување командна одговорност.

Командната одговорност се однесува на клучното прашање: дали претпоставените можат да бидат одговорни за постапките на своите подредени, особено во случаи кога тие не учествувале директно во извршувањето на воените злосторства, ниту пак ги наредиле злосторствата, туку биле на позиција на власт? МКСЈ воспоставува рамка за повикување на одговорност на командантите за злосторства извршени од војници под нивна команда, ако знаеле или требало да знаат за незаконските дејствија и не презеле соодветни мерки за да ги спречат злосторствата или да ги казнат на сторителите.

Одговорот на ова прашање е јасно даден во документ од 1988 година издаден од Југословенската народна армија (ЈНА) насловен како „Прописи за примена на правилата на меѓународното воено право во вооружените сили на СФРЈ“:

> Член 20: „Секое лице – воено или цивилно – кое ќе ги прекрши или нареди да се прекршат правилата на военото право ќе биде лично одговорно за прекршувањето. Незнаењето на одредбите на правилата военото право не ја исклучува одговорноста на оние кои ги прекршиле тие одредби.“
>
> Член 21: „Воениот старешина е лично одговорен за прекршувањата на правилата на военото право ако знаел или можел да знае дека неговите подредени или други единици или поединци се подготвуваат да извршат такви прекршувања и, во време кога сè уште било можно да се спречи нивното извршување, не презел мерки за спречување на таквите прекршувања. Воениот командант кој знае дека се извршени прекршувања на правилата на военото право и не покренува дисциплинска или кривична постапка против прекршителот или, ако не е надлежен да покрене постапка, не го пријави прекршителот кај надлежниот воен старешина, исто така е лично одговорен.“[170]

[170] Propisi o primeni pravila medjunarodnog ratnog prava u oružanim snagama SFRJ, Službeni vojni list br. 7, 28.4.1988.

МКСЈ гонеше и осуди многу војници за нивните улоги во југословенските војни. Овие судења испратија силна порака дека поединците можат да бидат одговорни за своите постапки за време на војна, дури и во услови на сложени конфликти.

## Ратко Младиќ

Еден од предметите што привлече значително внимание од јавноста во работата на МКСЈ е секако предметот на Ратко Младиќ, поранешен командант на Главниот штаб на Војската на Република Српска (ВРС). Како некогашен офицер на ЈНА, па оттука сигурно запознаен со меѓународните конвенции за војување, Ратко Младиќ покажал изразена суровост, ладнокрвност и недостаток на емпатија, особено кон несрпското цивилно население, за време на војната во Босна и Херцеговина. Тој беше обвинет за учество во четири здружени злосторнички потфати. Првиот се однесува на геноцид и други злосторства извршени од силите на босанските Срби во неколку општини во БиХ во текот на 1992 година. Вториот, кој се однесува на тероризирање на граѓаните на Сараево преку снајперски и артилериски напади за време на речиси четиригодишната опсада на градот. Тој беше обвинет и за геноцид и други злосторства извршени под негова команда во Сребреница, каде што беа заробени и ликвидирани речиси 8000 мажи и момчиња, а жени и деца беа присилно преселени. Конечно, обвинението го товареше за земање војници на ООН како заложници.

Обвинението го товареше Младиќ со индивидуална кривична одговорност, согласно член 7(1) од Статутот, за неговото учество во планирањето и извршувањето на злосторствата. Алтернативно, тој беше обвинет за командна одговорност, согласно член 7(3) од Статутот на МКСЈ, поради фактот што знаел или имал причина да знае дека силите под негова ефективна контрола се подготвуваат да извршат или веќе извршиле злосторства, а тој не презел мерки за да го спречи извршувањето на злосторствата или да ги казни сторителите на тие злосторства.

По утврдувањето на вината, Ратко Младиќ беше осуден за индивидуална кривична одговорност за неговото учество во секој од четирите здружени злосторнички потфати и му беше изречена доживотна затворска казна.

## Расим Делиќ

Случајот на Расим Делиќ ја покажува важноста на улогата на највисоките воени офицери во спречувањето на извршувањето на злосторства и во казнувањето на сторителите. Расим Делиќ, како командант на Генералштабот, имал општа надлежност и одговорност за функционирањето на Армијата на Босна и Херцеговина (АБиХ). Делиќ имал воена команда над силите на АБиХ и оттаму бил одговорен за делата на своите подредени според член 7(3) од Статутот на МКСЈ. Обвинението го товареше со убиство, сурово постапување и силување (кршење на законите или обичаите на војување, член 3) врз основа на кривична одговорност на претпоставен. Врз основа на ова, тој беше осуден за кршење на законите или обичаите на војување според член 3 од Статутот за сурово постапување во врска со настаните во Ливаде и логорот Каменица во јули и август 1995 година.

Делиќ беше прогласен за виновен од мнозинството судии на Судскиот совет бидејќи не ги презел неопходните и разумни мерки за да ги спречи злосторствата и да ги казни сторителите на кривичните дела на сурово постапување од одредот „Ел Муџахид". Поточно, Делиќ беше прогласен за одговорен за злосторства извршени во селото Ливаде и во логорот Каменица, во општина Завидовиќи, централна Босна, во јули и август 1995 година. Во конкретните случаи, 12 заробени припадници на Војската на Република Српска (ВРС) биле подложени на различни форми на злоупотреби, вклучително и тешки тепања и електрошокови.[171] Во образложението на пресудата, Судскиот совет го утврди следново:

> „(i) во 1995 година, постоел однос на претпоставено-подреден помеѓу Расим Делиќ и сторителите на злосторствата во Ливаде, Кестен и базата во

[171] Соопштение за јавноста: Расим Делиќ осуден на три години затвор за сурово постапување, ОН, МКСЈ, 15.9.2008.

Каменица, кои биле членови на ОЕМ; (ii) постоела причина Расим Делиќ да знае дека припадниците на ОЕМ се подготвувале да извршат или веќе го извршиле кривичното дело сурово постапување против војниците на ВРС заробени во Ливаде и базата во Каменица во јули и август 1995 година, но таа причина не била поврзана со злосторствата извршени во Кестен и базата во Каменица во септември 1995 година; и (iii) Расим Делиќ не презел неопходни и разумни мерки за за да ги спречи и казни сторителите на гореспоменатото кривично дело.“[172]

Расим Делиќ беше осуден на 3 години затвор врз основа на командна одговорност.

### Младен Налетиќ – Тута

Младен Налетиќ – Тута е основач и командант на „Затвореничкиот баталјон“ на босанските Хрвати, единица од околу 200 до 300 војници стационирана околу Мостар во југоисточна Босна и Херцеговина. Како политички емигрант од 1968 година и повратник во Хрватска во 1990 година, тој првично дејствувал на територијата на Хрватска, но во 1991 година, со „Затвореничкиот баталјон“, ги префрлил своите операции на територијата на Босна и Херцеговина.

Младен Налетилиќ - Тута беше обвинет за вкупно 17 точки за злосторства против човештвото, тешки повреди на Женевските конвенции и прекршувања на законите или обичаите на војување.

Хашкото обвинителство го обвини дека е главен извршител на кампањата на насилство врз бошњачкото население во Мостар, Јабланица, Чапљина и други општини во Херцеговина во текот на 1993 и 1994 година. Како што се наведува во обвинението, целта на оваа кампања била да се воспостави контрола врз овие општини и или да се протера локалното бошњачко население, или да се принуди да ја прифати хрватската власт. Средствата што се користеле за постигнување на

[172] Обвинителот против Расим Делиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-04-83-T, МКСЈ, 15.9.2008, параграф 557.

оваа цел, според обвинението, биле: убиства, тепања, мачења, масовни протерувања, уништување на културното и верското наследство, пљачкосувања, лишување од основните граѓански и човекови права, затворање на Бошњаците и употреба на заробениците за принудна работа и како живи штитови. Според обвинението, како резултат на ова десетици илјади Бошњаци биле принудени да ги напуштат Мостар, Јабланица и другите општини, со што се „елиминирала традиционалната етничка разновидност“ на тој дел од Херцеговина.[173]

Налетилиќ извршил мачења, суров третман и намерно нанесување големи страдања во неколку наврати: во Дољани, во Институтот за тутун во Мостар и во затворскиот центар Хелиодром, западно од Мостар. На пример, во една прилика, Налетилиќ лично тепал млад човек кој се презивал Жилиќ по гениталиите и лицето, а потоа им дозволил на неговите луѓе да продолжат да го тепаат; во друга прилика, Налетилиќ мачел 16-годишен заробеник, заканувајќи се дека ќе го убие ако не даде информации.

Судскиот совет ја донесе својата пресуда и го осуди Налетилиќ за голем број злосторства врз основа на индивидуална кривична одговорност, додека за други злосторства беше осуден врз основа на кривична одговорност на претпоставен или командна одговорност. Меѓу кривичните дела за кои беше осуден се: мачење; намерно предизвикување големо страдање или сериозни повреди на телото или здравјето; незаконско раселување на цивили (тешки повреди на Женевските конвенции); противправна работа; безобзирно уништување кое не е оправдано со воена потреба; пљачкање на јавен или приватен имот (кршење на законите или обичаите на војување); прогонства врз политичка, расна или верска основа; мачење (злосторства против човештвото).[174] Меѓу другото, Судскиот совет во својата пресуда наведе:

> „Советот веќе утврди дека во Мостар по нападот на 9 мај 1993 година е извршено пљачкосување и дека овој чин бил дел од широко распространет и

[173] Мостарската кампања на насилство и етничко чистење, SENSE Centar za tranzicijsku pravdu, 9.8,1999.
[174] Податоци за предметот IT-98-34 Обвинителот против Налетиќ и Мартиновиќ, ОН, МКСЈ.

систематски напад врз муслиманското население. Младен Налетилиќ беше прогласен за одговорен според командна одговорност за пљачкосувањето во Мостар како кршење на законите и обичаите на војување.“[175]

Младен Налетилиќ - Тута беше осуден на 20 години затвор по судењето.

## Станислав Галиќ

Станислав Галиќ беше командант на Сараевско- романискиот корпус (СРК), во рамките на Војската на Република Српска (ВРС). До септември 1992 година, Сараевско-романискиот корпус на ВРС практично го опколи Сараево. Станислав Галиќ беше командант на СРК од септември 1992 година до август 1994 година. Директната командна одговорност и свесните дејствија против цивилното население и објектите на градот Сараево се главните обвиненија против Галиќ за кршење на меѓународното хуманитарно право.

> „Топографијата на Сараево, со неговите ридови и облакодери, им овозможувала на припадниците на СРК одличен поглед од местото каде што пукале кон цивилите во градот. Некои локации во Сараево станале озлогласени снајперски позиции“, се наведува во обвинението.

Обвинението против Галиќ се однесуваше на злосторства против човештвото со цел тероризирање на цивилното население. Воедно, тој беше обвинет дека имал директна контрола врз дејствијата на единицата што ја командувал и дека бил свесен за размерот на извршените злосторства. Бидејќи практично бил на самиот врв на командниот синџир, неговата одговорност е директна и неспорна. Доказната постапка недвосмислено покажа дека нападите врз цивилите во Сараево биле извршени според утврден образец:

> „Сведоштвата што ги слушнавме за нападите врз сараевските цивили покажуваат дека тие биле извршени по образец“ и дека „пукањето врз

[175] Обвинителот против Младен Налетиќ - Тута и Винко Мартиновиќ – Штела (Пресуда на Првостепениот совет), IT-98-34-T, МКСЈ, 31.3.2003, параграф 701.

цивилите било дел од планот на Галичкиот корпус“, рече Марк Иреjс, кој го водеше обвинителскиот тим на судењето за злосторствата во Сараево. „Фактот дека имало пукање по случаен избор низ градот, во различни прилики за време на војната, го признаа самиот Галиќ и неговите подредени во Корпусот, како и неговите претпоставени во главниот штаб, првенствено Ратко Младиќ“, рече Аjреjс, кој ги наведе овие информации како противтежа на тврдењата на одбраната на Галиќ дека обвинетиот не бил свесен дека во Сараево се убиваат цивили.[176]

Во врска со улогата на обвинетиот како претпоставен, Обвинителството тврдеше дека Галиќ ја злоупотребил својата позиција во хиерархијата, што ги направило неговите злосторства посериозни. Особено го истакна фактот дека „наместо да ја користи својата претпоставена позиција како професионален офицер за да обезбеди дека сите воени активности се спроведуваат на законски начин [и] дека законите и обичаите на војувањето се почитуваат во борба, тој издавал наредби да се врши спротивното“. Првостепениот и Жалбениот совет се согласија дека Галиќ постојано ја прекршувал јавната должност својствена за неговата многу висока позиција и со тоа ја злоупотребувал својата позиција во хиерархијата.[177]

Првостепениот совет, со мнозинска одлука, го прогласи обвинетиот за „виновен за наредување да се извршат злосторствата докажани на судењето“ според член 7(1) од Статутот на МКСЈ од 1993 година; па оттука „не сметаше дека е потребно да одлучи дали [обвинетиот] е кумулативно виновен според член 7(3) од Статутот“.[178]

Станислав Галиќ беше осуден на доживотен затвор.

[176] Завршни зборови на судењето на Станислав Галиќ, SENSE Centar za tranzicijsku pravdu, 6.5.2003.
[177] Обвинителот против Станислав Галиќ, (Пресуда на Жалбениот совет), IT-98-29-A МКСЈ, 30.11.2006, параграф 451.
[178] Обвинителот против Станислав Галиќ (Пресуда и мислење на Првостепениот совет), IT-98-29-T, МКСЈ, 5.12.2003, параграфи 749-750.

## Радислав Крстиќ

Радислав Крстиќ беше началник на штабот/заменик-командант на Дринскиот корпус на Војската на Република Српска (ВРС). Како командант на Дринскиот корпус на ВРС, Радислав Крстиќ беше одговорен за масовните убиства на заробените мажи босански муслимани од Сребреница. Советот за безбедност на Обединетите нации, во Резолуцијата 819, ја прогласи Сребреница за „заштитена зона“. Ова подразбираше целосен прекин на огнот и демилитаризација на енклавата, која беше надгледувана од УНПРОФОР. Обвинението го товареше Крстиќ за злосторства против човештвото, соучество во геноцид, прогонство, истребување и кршење на законите или обичаите на војување. Во пресудата во предметот на Крстиќ од 2004 година, Жалбениот совет на МКСЈ наведе:

> „[…] Г-дин Крстиќ знаел дека со тоа што дозволува да се користат ресурсите на Дринскиот корпус, тој дава значаен придонес кон погубувањето на босанските муслимански затвореници. Иако доказите сугерираат дека Радислав Крстиќ не бил поддржувач на овој план, како командант на Дринскиот корпус, тој му дозволил на Главниот штаб да бара и да користи ресурси на Дринскиот корпус.“[179]

Радислав Крстиќ беше прогласен за виновен, врз основа на индивидуална кривична одговорност (член 7(1) од Статутот на Судот), за: помагање и поддржување на геноцид; помагање и поддржување на убиства (кршење на законите или обичаите на војување); истребување, прогонства (злосторства против човештвото) и убиство (кршење на законите или обичаите на војување).[180]

Затоа, Крстиќ беше ослободен од обвинението за геноцид како сторител, но беше прогласен за виновен како помагач и поттикнувач на геноцид. Радислав Крстиќ беше осуден на 35 години затвор.

[179] Соопштение за јавноста: Пресуда на Жалбениот совет во предметот Обвинителот против Радислав Крстиќ, ОН, МКСЈ, 19.4.2004.
[180] МКСЈ, Податоци за предметот IT-98-33 Радислав Крстиќ.

## Директни извршители на злосторствата

Одговорноста на војниците за време на војна се протега далеку надвор бојното поле. Војниците не се само чувари на безбедноста на нивната нација, туку имаат и длабока етичка и морална должност да ги заштитат животите и благосостојбата на цивилите, да го почитуваат меѓународното право и да ги почитуваат вредностите на човештвото. Тие мора да ги преземат сите можни мерки на претпазливост за да ја минимизираат штетата врз цивилите, да избегнуваат таргетирање на цивилната инфраструктура и да се воздржат од употреба на прекумерна сила.[181] Одржувањето на безбедноста и достоинството на оние кои не се директно вклучени во конфликтот е витална морална обврска на секој војник. Почитувањето на меѓународното хуманитарно право, вклучувајќи ги Женевските конвенции и Хашките конвенции, кои даваат упатства за водење на војните, е повеќе од должност на војникот. Овие правни рамки даваат упатства за постапувањето со воените заробеници, заштитата на ранетите и болните војници и хуман третман на цивилите.[182] Војниците се одговорни за познавање и почитување на овие правила и можат да бидат одговорни за нивно прекршување. Мачењето, суровото и нечовечното постапување се строго забранети според меѓународното право. Војниците мора да се придржуваат до овие принципи, без оглед на околностите, и да пријават какви било прекршувања на кои ќе посведочат. Од војниците честопати се бара да ги следат наредбите од нивните претпоставени. Меѓутоа, тие исто така ја носат одговорноста за отфрлање на противправните наредби. Доколку наредбата е спротивна на меѓународното право или е спротивна на совеста на војниците, тие имаат морална и правна должност да ја оспорат и да одбијат да ја извршат наредбата која претставува кривично дело.

Во потрагата по правда, МКСЈ се соочи со неколку значајни предизвици, особено кога станувaше збор за повикување на одговорност на поединечни војници. Докажувањето на директна одговорност за воени злосторства или злосторства против човештвото честопати беше комплицирано. Посебен предизвик беше таканаречената „Нирнбершка одбрана“, каде што обвинетите тврдеа дека само ги

[181] Протокол I, членови 50-58.
[182] Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКМК), III Женевска конвенција за постапување со воените заробеници, 75 UNTS 135, 12.8.1949 членови 12-16.

извршувале наредбите.[183] МКСЈ мораше да ја најде деликатната рамнотежа помеѓу признавањето на фактот дека војниците честопати се соочуваат со сериозни последици за непочитување на наредбите за време на војна и обезбедувањето дека оние што извршиле гнасни злосторства ќе бидат повикани на одговорност.

Многу војници соучествувале во овие војни неволно, додека други свесно учествувале во извршувањето на злосторствата и на тој начин станале предмет на интерес на МКСЈ. Преку своите пресуди и гонења, МКСЈ се обиде да ги повика овие лица на одговорност за нивните постапки, посебно нагласувајќи го принципот на индивидуална кривична одговорност. Член 7(4) од Статутот на МКСЈ јасно и недвосмислено зборува за индивидуалната кривична одговорност на војниците во војна:

> „Фактот дека обвинетото лице постапувало според наредбите на Владата или на претпоставениот не го ослободува од кривична одговорност, но може да се земе предвид за ублажување на казната ако Меѓународниот суд утврди дека така налага правдата.“

**Милан Лукиќ**

По потекло од областа Вишеград, Милан Лукиќ ја предводеше паравоената формација „Бели орли“ за време на конфликтот во Босна и Херцеговина. Оваа паравоена формација ќе биде запаметена по бројните убиства извршени првенствено врз муслиманското цивилно население во областа Вишеград.

Според обвинението, Милан Лукиќ лично извршил бројни убиства, вклучително и врз цивилното население, вклучувајќи деца, жени и стари лица, на многу сурови начини. Обвинението против Милан Лукиќ се однесува на злосторства против човештвото (сурово постапување, нечовечки дела, прогонства и истребување), извршени во областа Вишеград во текот на 1992 година.

[183] Судења на воените злосторници пред Нирнбершкиот воен трибунал според Законот бр. 10 на Контролниот совет, Нирнберг, октомври 1946 - април 1949 година.

Судскиот совет заклучи дека Милан Лукиќ одигра главна улога во настаните и на улица Пионирска и на Бикавац, во кои 53 лица биле живи изгорени во првиот случај, а 70 во вториот.

> „Според мислењето на Судскиот совет, пожарите на улица Пионирска и на Бикавац се најлошите примери за нехумани дела на еден човек против друг. Во историјата на човечката нечовечност, која е веќе предолга, жална и одвратна, пожарите на улицата Пионирска и на Бикавац заземаат истакнато место. На крајот на дваесеттиот век, обележани со војна и крвопролевање од колосални размери, овие ужасни настани се издвојуваат по гнасотијата на палењата, по очигледните предумисла и калкулирање што ги дефинираат, по начинот на кој жртвите биле водени, затворени и заклучени во тие две куќи од чиста бездушност и суровост, само за да се најдат целосно беспомошни во пеколот што потоа следел, по степенот на болка и страдање што жртвите го претрпеле додека гореле живи. Во овој чин на бришење на секоја трага од поединечните жртви, лежи невидена суровост што и тоа како ја зголемува сериозноста што им се припишува на овие злосторства.“[184]

Во пресудата во предметот од 2009 година, Судскиот совет на МКСЈ разгледа како одговорноста според член 7(1) од Статутот на МКСЈ од 1993 година се применува на кривичното дело убиство, наведувајќи:

> „*Mens rea*[185] која е потребна за извршување е обвинетиот да дејствувал со намера да го изврши кривичното дело или дека бил свесен за можноста или големата веројатност дека неговите постапки ќе резултираат со кривично дело“.[186]

Милан Лукиќ беше осуден на доживотен затвор.

[184] МКСЈ, Резиме на пресудата во предметот Обвинителот против Милан Лукиќ и Средоје Лукиќ, 20.7.2009.
[185] Казнено-правна намера
[186] Обвинителот против Милан Лукиќ и Средоје Лукиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-98-32/1-T, МКСЈ, 20.7.2009 година, параграф 900.

## Горан Јелисиќ

Горан Јелисиќ бил поранешен полицаец и босански Србин кој се нарекувал себеси „српски Адолф“ и признал дека неговата „мотивација и цел била да убива муслимани“. Случајот на Горан Јелисиќ како директен сторител на злосторство е пример за непочитување на правилата на војувањето и недостатокот на контрола врз сопствените постапки кои очигледно се резултат и на недостатокот на командна контрола врз поединците во воени услови. Постапката против Горан Јелисиќ опфаќаше бројни кривични дела што тој ги извршил за време на војната на територијата на општина Брчко во Босна и Херцеговина. Судскиот совет го ослободи од обвинението за геноцид, но го прогласи за виновен за кршење на законите и обичаите на војување, како и за злосторства против човештвото. Особено е впечатливо што обвинетиот покажал екстремна суровост и ладнокрвност за време на извршувањето на злосторствата, за што сведочат бројни сведоци на обвинителството:

> „Поранешните затвореници во логорот Лука во Брчко, кои хашкиот обвинител ги доведе како сведоци на судењето на Горан Јелисиќ, доследно го потврдуваат начинот на кој Јелисиќ убивал - ги вадел затворениците од зградите или хангарите на комплексот Лука, по што оние што останувале внатре слушале истрели од ‘скорпион’ со пригушувач, а потоа Јелисиќ се враќал внатре.“[187]

Горан Јелисиќ често се фалел дека дошол во Брчко за да убива муслимани. Речиси секој ден во мај 1992 година, тој често, со дозвола од чуварите на логорот, доаѓал во главниот хангар на логорот Лука каде што биле држени повеќето од заробениците, ги избирал за испрашување, а потоа ги тепал, а често и убивал, обично со два куршума во тилот од пиштол „скорпион“ со пригушувач. Психијатриските вештаци кои беа вклучени во самото судење јасно укажале на неговата нарушена личност, опортунистичка природа, како и антисоцијални и нарцистички квалитети што довеле до извршување на кривичните дела. Во

[187] Сведоштва за злосторствата на Јелисиќ, SENSE Centar za tranzicijsku pravdu, 2.2.1999.

резимето на пресудата на Судскиот совет, суровоста на Горан Јелисиќ беше особено истакната и опишана:

„Сведоците изјавија дека Горан Јелисиќ чувствувал задоволство поради позицијата што ја имал, дека таа му давала чувство на моќ, чувство дека располага со животот и смртта на заробениците и дека на одреден начин бил горд на бројот на жртви што ги погубил. Горан Јелисиќ наводно изјавил дека за да може да пие кафе секое утро, морал да убие дваесет до триесет луѓе. [...] Сепак, Судскиот совет мора да ја нагласи гнасната, ѕверска и садистичка природа на Вашето однесување. Судскиот совет смета дека презирот што го покажавте кон жртвите, вашиот ентузијазам со кој ги извршувавте злосторствата, нечовечноста на тие злосторства и вашата опасна природа за која сведочат вашите дела во овој случај, претставуваат исклучително отежнувачки околности што далеку ги надминуваат олеснителните околности. Злосторствата што ги извршивте Вие, Горан Јелисиќ, ја потресуваат совеста на човештвото. Судскиот совет е убеден дека преживеаните и нивните блиски роднини во себе носат неизмерно страдање и сеќавање на тие злокобни настани.“[188]

Горан Јелисиќ беше осуден на 40 години затвор.

## Есад Ланџо - Зенга

Есад Ланџо е поранешен чувар во логорот Челебиќи за време на војната во Босна и Херцеговина. Како чувар, Ланџо тепал, мачел и убивал српски затвореници. Есад Ланџо се нашол во екот на војната во Босна и Херцеговина на свои неполни 20 години. Како чувар во логорот Челебиќи во близина на Коњиц, тој извршил бројни злосторства. Есад Ланџо бил обвинет според член 7(1) од Статутот за намерно убиство, мачење и сурово постапување, како и намерно предизвикување големи страдања или сериозни повреди на телото или здравјето. Постојат бројни примери за суровото и садистичко однесување на Ланџо. Тој претепал заробеник на возраст

[188] МКСЈ, Резиме на пресудата на Судскиот совет во предметот Обвинителот против Горан Јелисиќ, 14.12.1999.

меѓу 60 и 70 години и му забил значка на Српската демократска партија во челото, по што тој набргу починал од повредите. Присилно му ја отворил устата на еден заробеник и му пикнал жешка клешта за да му го фати јазикот. Ставил гас-маска преку лицето на заробеникот и ја стегнал за да го оневозможи протокот на воздух. Ги горел рацете, нозете и бутовите на заробениците со жежок нож. Тој го принудил еден заробеник да прави склекови додека го клоцал и удирал со бејзбол палка. Ставил запален кибрит на гениталиите на друг заробеник.

Пресудата против Есад Ланџо наведува бројни кривични дела за кои е прогласен за виновен, но исто така нагласува дека распаѓањето на општеството и недостатокот на механизми за санкционирање на злосторствата во текот на војните не треба да се користат како изговор за избегнување на индивидуална одговорност на поединците за соодветно и морално однесување.

> „Иако ја отфрла неговата одбрана за намалена одговорност, Советот ја зеде предвид неговата млада возраст во времето во прашање и неговата подложност и незрелост, како и посебните црти на неговата личност и влијанието што вооружениот конфликт во неговиот роден град го имал врз него. Токму поради овие фактори, Советот изрече помалку строга казна отколку што би била потребна според тежината и суровоста на злосторствата што ги извршил. Меѓутоа, Судскиот совет не прифаќа дека Ланџо бил само инструмент на своите претпоставени и дека немал можност да дејствува по сопствена волја. Природата на неговите злосторства укажува на многу значајна вклученост на фантазијата и перверзното задоволство во нанесувањето на болка и страдање. Крајно е вознемирувачки да се види таква склоност кон насилство и непочитување на човечкиот живот и достоинство кај толку млада личност.“[189]

Самата пресуда јасно наведува дека поединецот не може да се повика на потребата од извршување на наредбите од своите претпоставени кога извршува

[189] МКСЈ, Изјава на Судскиот совет на објавувањето на пресудата во предметот Обвинителот против Делалиќ и останатите („Челебиќи“), 16.11.1998.

кривично дело, што беше најчестиот изговор што го даваа обвинетите. Сепак, соочен со неоспорни докази, Есад Ланџо ја призна својата вина.

„Лесно е да се негира сè додека не ги чуеш жртвите. Но, потоа ги слушаш и знаеш дека она што го кажуваат е вистина. Тоа беше како да будење од сон и сфаќање дека живеам во ужас [...] Потоа почна несоницата, гласовите и вресоците во мојата глава. [...] Судот ме спаси, ми даде нов живот. Таму ја добив целата помош што ми беше потребна“, вели тој за судот што го осуди на 15 години затвор. „Ни казната не ми беше проблем. Се сметав за виновен и сакав да бидам казнет“, рече Ланџо во своето прво подолго интервју за медиумите откако беше ослободен од затвор.

Есад Ланџо беше осуден на 15 години затвор.

## Војникот пред судот

Во својата работа, Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) се занимавал и со кривични институти како што е признавањето на вина. Ваквите изјави имаа значајно влијание врз проценката на индивидуалната кривична одговорност за злосторствата извршени за време на конфликтот, како и врз припишувањето на вината на различните страни вклучени во конфликтот. Во меѓународното кривично право, како и во домашните правни системи, лицата обвинети за кршење на меѓународното хуманитарно право се сметаат за невини сè додека нивната вина не биде докажана надвор од разумно сомнение.[190] Ова значи дека тие не се обврзани да ја признаат вината, а товарот на докажување лежи кај обвинителството. Презумпцијата на невиност, правото на молчење и правото на фер судење се основни гаранции што обезбедуваат поединците да бидат одговорни за кршење на меѓународното хуманитарно право на праведен и законит начин.[191] Иако признанијата на вина можат да ги поедностават постапките и да

[190] Совет на Европа, Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со протоколите бр. 11 и 14, 4.11.1950 година, член 6.
[191] Генерално собрание на ОН, Универзална декларазија за човековите права, 217 A (III), 217 A (III), 10.12.1948, членови 10 и 11.

доведат до побрзи решенија, тие мора да бидат доброволни, а не резултат на принуда.

МКСЈ одигра значајна улога во спроведувањето на принципот на индивидуална кривична одговорност за сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право. Тој ги сметаше поединците за одговорни за нивните дела за време на конфликтот, без оглед на нивната официјална позиција. Овој пристап значително придонесе кон признавање на личната вина и отфрлање на тврдењата дека злосторствата се извршени по наредба. Моралните принципи на секоја индивидуа, а особено на војниците во воените превирања, беа од најголема важност во однос на почитувањето или непочитувањето на правилата на војување. Овие морални принципи, исто така, дојдоа до израз за време на бројните судења. Во некои случаи, обвинетите доброволно ја признаа својата вина за одредени кривични дела. Ваквите признанија доведоа до поедноставен процес, намалување на казните или ги охрабрија другите обвинети да ги признаат своите злосторства и да помогнат во кривичното гонење на други. Во некои случаи, признанијата резултираа и со сведоштва на овие лица во други судски случаи. Некои обвинети го доживуваа признавањето на вина како начин на да изразат каење за своите постапки. Иако признанието на вина не водеше нужно до намалување на казната, тоа често се сметаше за олеснителна околност при нејзиното изрекување.

Важно е да се напомене дека секој случај пред МКСЈ беше уникатен, а судиите на Трибуналот ги оценуваа презентираните докази и аргументи со цел да донесат одлука за вина и казна. Целокупната работа на МКСЈ придонесе кон повикувањето на поединците на одговорност за нивните постапки, но исто така доведе до влијание врз пошироко признавање на колективната одговорност. Признавањето на вината имаше длабоко влијание врз помирувањето по конфликтот во регионот. Многу заедници на Балканот продолжуваат да се борат со наследството од конфликтите, вклучително и со тоа како да ја признаат својата улога во војните. Во овој поглед, пресудите на МКСЈ само потврдија дека моралот на војниците во војна не е само пропишана обврска според меѓународното право, туку и човечка обврска во целост.

## Дражен Ердемовиќ

Хрват по националност, Дражен Ердемовиќ припаѓал на неколку завојувани страни за време на војната во Босна и Херцеговина. Својата воена приказна ја започнал како припадник на ЈНА, а за време на војната бил припадник на Армијата на Босна и Херцеговина, ХСО и конечно на ВРС. Како припадник на Десеттиот диверзантски одред на ВРС, учествувал во стрелањето на повеќе од 1000 муслимани од Сребреница, а лично, според сопственото признание, убил околу 70 лица. Ердемовиќ беше обвинет пред МКСЈ врз основа на индивидуална кривична одговорност (член 7(1) од Статутот) за злосторства против човештвото и кршење на законите и обичаите на војување. Ердемовиќ е првиот од обвинетите што се изјасни за виновен за злосторствата извршени во Сребреница. На рочиштето за изрекување на пресудата, Ердемовиќ го изрази своето длабоко каење: „Само сакам да кажам дека ми е жал за сите жртви, не само за оние што беа убиени на таа фарма, ми е жал за сите жртви во поранешна Босна и Херцеговина, без оглед на нивната националност“.[192] Во исто време, Ердемовиќ ќе го образложи своето признание на вина со зборовите:

> „Почитуван суде, морав да го направам тоа. Ако одбиев да го направам тоа, ќе ме убиеја и мене со тие луѓе. Кога одбив да работам, ми рекоа: ‘Ако ти е жал, застани со нив и ќе те убиеме и тебе’. Не ми беше жал за себе, ми беше жал за моето семејство и моето... мојата сопруга и мојот син кој имаше девет месеци во тоа време и кој исто така ќе... ако не... ако одбиев да го направам тоа... Тоа е сè...што сакам...“[193]

Признанијата за вина можат да бидат исклучително важни за обезбедување дополнителни докази кои инаку не се достапни за судот и обвинителството. На судењето на генералот Радислав Крстиќ, на пример, Ердемовиќ сведочеше за сопствената улога во масовното погубување на босанските муслимани: „Тогаш Брано ни се обрати нам и рече дека сега ќе пристигнат автобуси со цивили од

[192] Извадок од изјавата за признавање на вина на Дражен Ердемовиќ, Дражен Ердемовиќ, ОН, МКСЈ.
[193] Транскрипт од аудио-снимката од првото појавување на Ердемовиќ пред Судот на 31.5.1996 година (IT-96-22-T, D248).

Сребреница. Јас и и [неколку] поединци почнавме да приговараме: 'Што треба ние да правиме тука?' Тој рече дека треба да ги стреламе овие луѓе."[194]

„При донесувањето на пресудата за Дражен Ердемовиќ, Судскиот совет ги зеде предвид како олеснителни околности неговата изразена грижа на совест, неговото признание на вина, неговата соработка со обвинителот, како и 'фактот дека тој сега не претставува опасност за околината и поправливиот карактер на неговата личност'".[195]

Судскиот совет, исто така, ги прифати како олеснителни околности младоста на обвинетиот, кој имал 23 години во времето на кривичното дело, и неговата ниска позиција во воената хиерархија на војската на босанските Срби. Дражен Ердемовиќ, откако ја призна вината, беше осуден прво на десет, а потоа во жалбената постапка, на конечна петгодишна затворска казна.

## Мирослав Брало

Мирослав Брало изврши низа ужасни злосторства во регионот на Лашванска долина во централна Босна во 1993 година и беше осуден за убиство на пет лица и помагање и поттикнување на убиството на 14 босански муслимански цивили, од кои девет биле деца. Тој бил член на „Џокерите", единица на Воената полиција на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО). Тој сурово силувал и мачел босанска муслиманка и ја држел како заробеничка приближно два месеци, за кое време таа била злоупотребувана по желба од страна на оние кои ја држеле заробена. Тој запалил многу куќи и поставил и детонирал експлозиви што ја уништиле долната џамија во Ахмиќи. Исто така, тој учествувал во нечовечкото постапување кон босанските муслимански цивили, кои биле користени како „живи штитови" за заштита на силите на ХВО од снајперски оган.

[194] Достигнувања на Меѓународниот суд во областа на правдата и правото, ОН, МКСЈ.
[195] Обвинителот против Драган Ердемовиќ (Пресуда на Жалбениот совет), IT-96-22-A, МКСЈ, 7.10.1997 година, стр. 7.

Обвинението против Мирослав Брало се однесуваше на индивидуална кривична одговорност (член 7(1) од Статутот) на МКСЈ, за тешки повреди на Женевските конвенции од 1949 година, прекршувања на законите или обичаите на војување и злосторства против човештвото. Соочен со неоспорни докази за неговите злосторства, Брало потпиша спогодба за признавање на вина и на фактичка основаност, како и свое лично извинување. Признавајќи ја својата вина, Брало ќе изјави:

> „Би сакал лично да им се извинам на сите жртви кои ги повредив и на сите членови на нивните семејства кои ги повредив со она што го сторив. Сакам да кажам дека искрено ми е жал за сите нивни страдања. Она што му го кажав на судот последниот пат беше она што навистина го мислев: виновен сум и длабоко се каам.“[196]

Судскиот совет заклучи дека Брало извршил ужасни злосторства за кои немало оправдување и дека за нив мора да биде осуден. Сепак, Судскиот совет сметаше дека е значајно што Мирослав Брало призна дека извршил злосторства за кои првично не беше обвинет и дека вложи напори да се искупи за своите злосторства ангажирајќи се во општествено корисна работа и помагајќи во лоцирањето на останките на некои од неговите жртви.

> „Секогаш знаев дека оваа делување е погрешно и дека сите ќе знаат дека е погрешно и дека не може за секое делување да има оправдување. Свесен сум дека се однесував лошо и го пишувам ова писмо со мои зборови. Нашите злосторства беа толку страшни – мислам и на останатите – ние секако продолживме и се обидовме да ги оправдаме. Јас дури се обидував да бидам горд и да верувам дека ова се дела на успешни војници. Денес се срамам од тоа, се срамам од моето однесување... Кога се најдов пред Трибуналот во ноември минатата година, веднаш знаев дека првото обвинение не зборува за сè. Сакав да ја кажам целата вистина за моите злосторства, иако знаев дека само јас го знам најлошото. Толку, но и уште повеќе, должам.“[197]

[196] Мирослав Брало, ОН, МКСЈ.
[197] Извадок од признавањето на вина на Мирослав Брало, 7.10.2005.

Мирослав Брало беше осуден на 20 години затвор откако ја призна вината.

### Момир Николиќ

Момир Николиќ, како помошник командант за безбедност и разузнавање на бригадата на ВРС Братунац, беше во срцето на злосторствата извршени по падот на Сребреница во јули 1995 година. Тој со ништо не се спротивстави на она што му беше претставено како план: да се депортираат муслиманските жени и деца, и да се одделат, заробат и на крајот да се убијат муслиманските мажи. Тој не направи ништо за да ги спречи тепањата, понижувањата и убиствата на иљадници босански муслимани и лично ја координираше ексхумацијата и повторното закопување на телата на жртвите, односно прикривањето на трагите на злосторствата. Тој ги тероризираше босанските муслимански цивили во Сребреница и Поточари, третирајќи ги сурово и нечовечно.

Обвинението против Момир Николиќ, врз основа на индивидуална кривична одговорност (член 7(1) од Статутот), се однесуваше кон злосторства против човештвото, геноцид, кршење на законите или обичаите на војување и присилно преместување на населението. При признавањето на вината, Николиќ ќе зборува за причините за својата одлука и во исто време ќе им се обрати на жртвите на неговите злосторства изразувајќи каење и грижа на совест:

> „Одлуката ја донесов самостојно, без никаков притисок, закана или убедување од моите адвокати или обвинителството, да се појавам пред овој чесен Суд и да признаам дека во Сребреница се случило злосторство во кое самиот учествував и за кое очекувам соодветна казна. Искрено сакам да го изразам пред овој Чесен суд и пред јавното мислење, а особено пред бошњачкото мислење, моето длабоко и искрено жалење и каење за злосторството што се случи и да им се извинам на жртвите, нивните семејства и бошњачкиот народ за моето учество во тоа злосторство.“[198]

[198] МКСЈ, Податоци за предметот „Сребреница“ IT-02-60/1 Обвинителот против Момир Николиќ.

Николиќ сведочеше во неколку случаи пред МКСЈ, како што се судењата на Ратко Младиќ, Радован Караџиќ, Здравко Толимир, Вујадин Поповиќ и други. Со своето сведочење тој придонесе кон расветлување на деталите од настаните во Сребреница. Тој ја опиша организацијата на масовните погубувања на речиси 8000 затвореници и последователните обиди за прикривање на злосторствата со копање масовни гробници. Тој ги објасни причините за своето признавање на вина со следниве зборови:

> „Со признавањето на вината, сакав да им помогнам на Судот и на Обвинителството да ја откријат целосната вистина и не да ги изложувам сведоците, жртвите на злосторството, нивните мајки, браќа и сестри на нови страдања и да не ги потсетувам на таа ужасна трагедија. Мислам, чесен Суде, дека моето признание претставува еден од значајните чекори кон градење доверба и заеднички живот во Босна и Херцеговина, а по ова признание и казната што ми следува, и кога ќе ја отслужам казната, моја желба е да се вратам во мојот роден град Братунац и да живеам таму со сите други народи во мир и слога, како пред избивањето на воените конфликти“.[199]

Момир Николиќ беше осуден на 20 години затвор откако ја призна вината.

## Дарио Кордиќ

Дарио Кордиќ беше еден од водечките политичари во заедницата на босанските Хрвати за време на војните во 90-те години. Иако немаше званична позиција во военото раководство на ХСО, Кордиќ во суштина беше политичар со де факто воени овластувања. Како таков, тој учествуваше во организирањето и наредувањето на воените злосторства против муслиманите во централна Босна, во подрачјето на Лавшанската долина.

Кордиќ беше осуден за кршење на законите и обичаите на војување, тешки повреди на Женевските конвенции и злосторства против човештвото. Судскиот

[199] Дел од изјавата за признавање вина на Момир Николиќ, 29.10.2003.

совет го осуди Кордиќ за планирање, поттикнување и наредување на злосторства, вклучително и: прогонства, противправни напади врз цивили и цивилни објекти, убиства, нехумани дела, затворање, безобѕирно уништување кое не е оправдано со воена нужда, пљачкосувања и уништување или намерно оштетување на верски и образовни институции. Овие кривични дела беа извршени во општините Травник, Витез, Бусовача и Кисељак. Судскиот совет констатираше дека Кордиќ одиграл значајна улога во наредувањето на нападот врз Ахмиќи во април 1993 година, во кој биле убиени повеќе од 100 босански муслимански цивили.[200] Судскиот совет, во своето образложение за пресудата, посебно ја истакнува улогата на Кордиќ:

> „Игравте важна улога во овие кривични дела. Како регионален политички лидер во централна Босна, со особено влијание во Лашванската долина, бевте вистински политички командант во областа каде што беа извршени најголемиот дел од овие злосторства.“[201]

За време на самото судење, Дарио Кордиќ ја негираше својата вина и не изрази никакво каење или грижа на совест. Одбраната на обвинетиот се состоеше од целосно негирање на наводите на обвинителството. Тој не само што ја оспори одговорноста за злосторствата за кои беше обвинет, туку го негираше и самото постоење на злосторствата или дека тие се случиле. Дарио Кордиќ беше осуден на 25 години затвор. Дарио Кордиќ беше условно ослободен во 2014 година, откако отслужи две третини од казната. Во август 2023 година, по повод годишнината од операцијата „Бура“, Дарио Кордиќ изјави во приватно видео кое стигна до медиумите: „Ме праша насамо дали затворот, војната, вредеа. Би го направил сето тоа повторно, секоја секунда вредеше. Вредеше секоја капка пот на моето лице, вредеше затоа што Бог нè благословува денес!“[202] Со тоа тој го потврди отсуството на чувство на вина за делата што ги сторил и за кои е правосилно осуден. Во оваа прилика, претседателката на Меѓународниот резидуален механизам за кривични

[200] Соопштение за јавноста: Пресуда на Жалбениот совет во предметот Обвинителот против Дарио Кордиќ и Марио Черкез, ОН, МКСЈ, 17.12.2004.
[201] Соопштение за јавноста: Пресуда на Судскиот совет III во предметот Кордиќ и Черкез, ОН, МКСЈ, 26.2.2001.
[202] Al Jazeera Balkans, „Ratni zločinac kaže da bi sve ponovio: Tužilaštvo BiH formiralo predmet“, 12.6.2023

трибунали (МРМКС), судијката Грасиела Гати Сантана, во извештајот до Советот за безбедност на ООН за работата на МРМКС, конкретно се осврна на:

> „загрижувачкиот тренд на одрекување на геноцидот, величење на воените злосторници и обидите за ревизија на историјата, па дури и провокативни изјави од осудени лица кои бесрамно признаваат дека би го сториле сето тоа повторно. Соочувајќи се со овие предизвици, еден од моите клучни приоритети е да го консолидирам, обезбедам и да го направам подостапно непроценливото наследство на ‘ad hoc’ судовите и Механизмот.“[203]

## Слободан Праљак

Слободан Праљак беше функционер во Министерството за одбрана на Република Хрватска за време на војната во Босна и Херцеговина, како и командант на Главниот штаб на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО). ХСО го држеше под опсада источниот дел на Мостар со мнозинско бошњачко население, што резултираше со смрт на бројни цивили, прекин на хуманитарната помош, оштетување или уништување на десет џамии и дигнување во воздух на историскиот Стар мост. Слободан Праљак, како командант на ХСО беше обвинет дека е директно и индиректно одговорен, како висок воен функционер, за вооружените сили кои извршија масовни воени злосторства против босанското муслиманско население во осум општини во Босна и Херцеговина. Улогата на Слободан Праљак во гореспоменатите настани е наведена и во неговата пресуда:

> „Праљак беше информиран дека припадниците на вооружените сили на ХСО го преселувале и заробувале муслиманското население на Прозор во периодот од јули до август 1993 година. Тој знаел дека ќе бидат извршени злосторства во општина Мостар, поконкретно, знаел за убиствата и уривањето на зградите во источен Мостар (вклучувајќи ги џамиите и Стариот мост) и

[203] Deutsche Welle, „Den Haag više nije nadležan za Daria Kordića“,17.6.2023.

ранувањата и нападите на членови на меѓународни организации. Тој ги овозможил убиствата на муслимани кои не припаѓале на вооружени сили, како и уништувањето на имотот во Ступни Дол во октомври 1993 година. Тој не направил никакви сериозни напори да стави крај на злосторствата извршени од вооружените сили на ХСО.“[204]

Слободан Праљак бил осуден на 20 години затвор.

За време на изрекувањето на пресудата на Жалбениот совет, со која беше потврдена неговата 20-годишна казна затвор, Слободан Праљак испи отров од шише во судницата и си го одзеде животот. Неговите последни зборови беа: „Слободан Праљак не е воен злосторник. Ја отфрлам оваа пресуда со контроверзии.“

Судијата Кармел Агиус, кој претседаваше со Жалбениот совет, подоцна го изјави следново во својство на претседател на Механизмот:

> „Нѐ има седум милијарди кои живееме на оваа планета, мислам дека 6,5 милијарди од нив не знаеја дека Слободан Праљак постои, а камоли дека е осуден за воени злосторства. Сега, од 7 милијарди луѓе, 6,5 милијарди од нив го видоа сето тоа на телевизија, го прочитаа во весниците и сега знаат кој беше Праљак, дека се самоубил и дека се самоубил откако судот потврди дека е воен злосторник. Тие 6,5 милијарди луѓе не знаеја ништо за настаните во кои беа вмешани босанските Хрвати, било како војници или како политичари, а сега знаат. Според мене, тоа беше доста контрапродуктивно, но не би сакал понатаму да коментирам за тоа бидејќи беше несреќен настан. Никој не го очекуваше и, се разбира, бев шокиран како и сите останати.“[205]

[204] МКСЈ, Податоци за предметот IT-04-74 Обвнителот против Прлиќ и останатите.
[205] N1, Интервју со судијата Кармел Агиус.

# Животот во војната

Многу често за време на часовите по историја, военият конфликт се претставува како настан што предизвикал политички или економски промени. Јасно е дека сложеноста на секоја војна и последиците што ги оставила зад себе не можат да се презентираат детално, меѓутоа, изоставувањето на контекстот со примери и видови на трауми што конфликтите ги оставиле врз населението на подрачјето каде што се случил конфликтот ги лишува учениците од разбирање на еден од најважните аспекти на секој конфликт, имено неговото влијание врз луѓето што учествуваат во војната или живеат во подрачјето погодено од војната. Со изучувањето на теми од 19-ти и 20-ти век, може да се избегне и таквиот пристап, а на учениците може да им се објаснат настаните што имаат јасно влијание врз сегашноста. Настаните од војната можат подобро да се објаснат и разберат во разговор со учениците, кои, во текот на разговорот, треба да развијат сопствено мислење, поглед или критички став во врска со страдањето и уништувањето за време на конфликтите од деведесеттите во една или повеќе од државите што произлегоа од распадот на поранешна Југославија.

Како и секој конфликт, војните во поранешна Југославија имаа свој политички, идеолошки и дипломатски вовед, тек и крај. Настаните што доведоа до избувнување на насилството, клучните воени операции, промените на територијата и договорите што ги завршија конфликтите, сепак, претставуваат само рамка на контекстот за подобро разбирање на распадот на Југославија. Меѓутоа, наследството од овие војни што денес ги оптоварува општествата во регионот не се однесува толку многу на промената на границите, колку на страдањето на цивилите, злосторствата извршени врз нив и демографските промени што ги донесе војната.

Ова поглавје има за цел да обезбеди нов увид во животите на луѓето, војниците и цивилите, за време на војната во поранешна Југославија. Познавањето на хуманитарното право е важно за да се разбере современото поимање на

конфликтите и гонењето и казнувањето на прекршителите на тоа право, што беше очигледно во работата на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија. Поглавјето, исто така, дава дополнителни перспективи за последиците од војната и како тие се одразуваат денес, речиси три децении по воспоставувањето на мир.

На самиот почеток, потребно е да се објасни еволуцијата на меѓународното хуманитарно право (МХП). Иако обидите за регулирање на однесувањето за време на вооружени конфликти постоеле со векови наназад, МХП се оформило кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Древните цивилизации развиле кодекси на однесување и обичаи на војување. Различните правила во античките индиски, кинески и грчки текстови давале одредени насоки за третманот на борците и цивилите. Витешкиот кодекс на средновековна Европа дополнително ги поставил темелите за идните аспекти на МХП, нагласувајќи ја заштитата на воените заробеници и ранетите.

Холандскиот хуманист и дипломат Хуго Гроциус често се смета за татко на современото меѓународно право.[206] Неговото дело од 1625 година „За правото на војната и мирот“ ги постави принципите на правилното однесување во војна. Паралелно, во овој период од европската историја, дипломатските договори меѓу европските сили почнаа почесто да се појавуваат, вклучувајќи одредби за третманот на затворениците и имотот за време на војна.[207] Сепак, дури во 19 век започна стандардизацијата и општото прифаќање на хуманитарниот поглед на воените конфликти. Меѓународната Женевска конференција од 1863 година беше основачката конференција на Црвениот крст и даде поттик за развојот на хуманитарното право на војната, отелотворено во Женевските конвенции од 1864, 1906, 1929 и 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година.[208]

Понатамошниот развој на МХП е поврзан со серија меѓународни конференции во Хаг. Тие резултираа со усвојување на Хашките конвенции од 1899 и 1907 година.

[206] The Oxford Handbook of the History of International Law; Edited by Bardo Fassbender, Anne Peters; Chapter 4. Hugo Grotius: The Making of a Founding Father of International Law; Oxford Handbooks in Law; Oct. 2012.
[207] Ibidem.
[208] Историски договори и документи, Меѓународен комитет на Црвениот крст; Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКЦК), Женевските конвенции од 12 август, 1949. [Во понатамошниот текст: Женевските конвенции].

Овие договори адресираа прашања како што се постапувањето со воените заробеници, заштитата на цивилите на окупираните територии и ограничувањата за употреба на одредено оружје. Последиците од Втората светска војна дадоа нов импулс за развојот на МХП, вклучувајќи ги и Женевските конвенции од 1949 година, кои ја проширија заштитата на ранетите, болните, бродоломците и воените заробеници, како и заштитата на цивилите за време на вооружени конфликти.[209] Во 1977 година беа усвоени два дополнителни протоколи за зајакнување на МХП. Протоколот I се занимава со заштитата на жртвите од меѓународни вооружени конфликти, додека Протоколот II се занимава со немеѓународни вооружени конфликти, термин што ги вклучува и граѓанските војни. Овие протоколи обезбедуваат поопфатни правила за водење на непријателствата и заштита на цивилите.[210] Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи ги утврдуваат правилата и принципите за заштита на цивилите и третманот на лицата кои не учествуваат во непријателствата за време на вооружените конфликти, а исто така вклучуваат и одредби поврзани со хуманитарната помош. Од друга страна, главниот меѓународен документ што обезбедува права и заштита на бегалците, вклучително и оние кои бегаат од војна и конфликт, е Конвенцијата на Обединетите нации за статусот на бегалците од 1951 година. Оваа конвенција, честопати нарекувана Конвенција за бегалците, го дефинира поимот бегалец и ги опишува правата на бегалците и законските обврски на државите кон нив.[211] Меѓународното хуманитарно право е едно од најголемите достигнувања на човештвото, а неговото кршење за време на вооружени конфликти претставува пораз не само за страната што го крши, туку и за сите цивилизациски човечки норми.

## Цели на учењето

- Учениците ќе можат да опишат каков е животот за време на војна преку анализа на различни извори;

[209] Ibidem.
[210] The Practical Guide to Humanitarian Law, Geneva Conventions of 1949 and Additional Protocols I and II of 1977, Doctors without Boarders.
[211] About UNHCR: The 1951 Refugee Convention, UNHCR.

- Учениците ќе можат да препознаат кои човекови права се кршат за време на војна и што им е ускратено на луѓето во нивниот секојдневен живот;
- Учениците ќе можат да ги разберат миграциите за време на војна и како тие влијаат врз животите на луѓето и
- Учениците ќе ја разберат важноста на хуманитарната и медицинската помош за време на воените дејствија.

## Животот под закана

Војната во поранешна Југославија првенствено беше обележана со големото страдање на цивилите. Иако најголемите злосторства против цивилното население се документирани и детално гонети, често се заборава дека луѓето живееле во тешки, честопати неподносливи услови за време на војните, дури и кога не биле жртви на злосторства. Во опустошените градови без основни услови за живот, мажите, жените и децата се обидувале да воспостават некаков привид на нормално функционирање, додека постојано биле загрозени, без разлика дали во градовите под опсада или во селата во близина на фронтовските линии. Во таква атмосфера на страв и неизвесност, честопати без струја, вода, гориво, храна или лекови, стотици илјади граѓани се обидувале со последни напори да преживеат и да го дочекаат крајот на војната. Тешко е да се опишат сите тешкотии и страдања на обичните граѓани, но преку сведоштвата во остатокот од ова поглавје ќе се обидеме да дадеме увид во тешкотиите и страдањата на кои цивилите биле изложени со години додека војната беснеела околу нив.

Нашата дополнителна цел е преку примери да покажеме како биле прекршени Женевските конвенции, т.е. правилата на војување до кои сите страни требало да се придржуваат. Гореспоменатите Женевски конвенции јасно предвидуваат дека „спрема лицата кои не учествуваат непосредно во непријателствата, подразбирајќи ги тука и припадниците на вооружените сили што го положиле оружјето и лицата неспособни за борба поради болест, рани, лишување од слобода, или од која и да било друга причина, ќе се постапи во секоја прилика човечно, без какво и да е

неповолно разликување засновано врз раса, боја на кожата, вера или убедување, пол, раѓање или имотна состојба, или на кое и да било друго слично мерило.“[212] За жал, сведоштвата ни кажуваат дека во конфликтите во поранешна Југославија, многумина не се придржувале до овие правила.

Мостар е најголемиот град во југоисточна Босна и Херцеговина, сместен на двата брега на реката Неретва. Според пописот на населението од 1991 година, во општина Мостар живееле 126 628 жители, од кои 34,6% биле муслимани, 33,9% Хрвати и 18,8% Срби, додека останатите се изјасниле главно како Југословени. До мај 1993 година, на западниот брег на Неретва имало населби со мнозинско хрватско население, со исклучок на Долно Маало каде што мнозинството биле муслимани, додека источно од Неретва имало населби со мнозинско муслиманско население. Поголемиот дел од српското население го напуштило Мостар или било протерано за време и по нападот на ЈНА врз јужниот дел од градот во април 1992 година. Во периодот мај-јуни 1992 година и јануари и мај 1993 година, во Мостар пристигнале нови бегалци, првенствено од бошњачка националност, така што вкупното население на градот се зголемило на 145 263.[213]

Од септември 1991 до јуни 1992 година, во општина Мостар, а особено во самиот град, се водеа бројни битки меѓу српските вооружени сили и здружените хрватско-муслимански сили кои предизвикаа големи инфраструктурни штети. Паралелно со овие конфликти, Хрватскиот совет за одбрана (ХСО) постепено ја презеде контролата врз општината и се обиде да ја „хрватизира“, што доведе до зголемување на тензиите меѓу Хрватите и муслиманите, кои го достигнаа врвот во пресрет на 9 мај 1993 година. Во 1992 година, властите на Херцег-Босна/ХСО започнаа кампања со цел воспоставување на контрола врз Мостар преку прогонство и дискриминација на муслиманското население.[214]

Од средината на 1992 до 1993 година, босанските муслимани, со ретки исклучоци, беа отпуштени од своите работни места во општинската и локалната

[212] Женевските конвенции, заеднички член 3.
[213] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Судскиот совет III, том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013, стр. 163.
[214] Ibid, стр.174.

самоуправа. Покрај тоа, хуманитарната помош беше дистрибуирана на начин што муслиманите беа обесправени. Општо земено, беше создадена атмосфера на дискриминација кон муслиманското население. Наскоро дојде до избувнување на конфликти меѓу ХСО и силите на босанските муслимани.[215] Од јуни 1993 до април 1994 година, ХСО го држеше под опсада источен Мостар. Во овој период, тој дел од градот, како и во западниот дел на Долно Маало, беа подложени на интензивно гранатирање и друго оружје.[216]

Детали за животот во Мостар за време на опсадата се опишани во првостепената пресуда на МКСЈ во предметот Прлиќ и останатите (IT-04-74-T). Меѓу другото, беше наведено дека ХСО напаѓал врз цивилите во градот додека тие си ги извршувале своите секојдневни обврски. Властите на босанските Хрвати ја користеле водата и изворите на вода како дел од нивната воена стратегија против бошњачкото население, па така источниот дел од градот честопати се соочувал со недостиг на вода за пиење. Додека барале вода за пиење, жителите на бошњачките делови на Мостар честопати биле изложени на снајперско или артилериско пукање.

Пресудата во предметот Прлиќ и останатите ги опишува обидите на граѓаните и наведува дека граѓаните на Мостар користеле извори на вода во блиската противпожарна станица, но тоа исто така носело значителни ризици. Еден сведок изјавил дека:

> „Снајперистите распоредени во зградата на Стаклената банка пукаа кон луѓето кои, откако зедоа вода од Противпожарната служба спроти зградата Развој помеѓу улицата Маршал Тито и Титовиот мост во Источен Мостар, одеа по улицата Але Чишиќ, која води од улицата Маршал Тито до улицата Браќа Лакишиќ, во населбата Мазољице во Источен Мостар.“[217]

[215] Ibid, стр.184.
[216] МКСЈ, Податоци за предметот IT-04-74 Обвинителот против Прлиќ и останатите.
[217] Обвинителот против Прилќ и останатите (Пресуда на Судскиот совет III, том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013, стр. 326.

Друг сведок, членот на UNCIVPOL, Лари Форбс,[218] додаде дека на пунктот за водоснабдување се формирале долги редици и дека луѓето морале да чекаат на места каде што биле изложени на снајперски пукотници од ХСО. Слично на тоа, заштитениот сведок DB2977 рече дека пожарникарите биле под снајперски пукотници додека полнеле цистерна наменета за дистрибуција на вода во населбата Текија. Така, неколку од нив, вклучувајќи ги Едо Достовиќ, Едо Сариќ и Алија Јакуповиќ, биле ранети или убиени на должност.

Ратко Пејановиќ беше исто така сведок на судењето на Прлиќ и останатите. Пејановиќ е Србин од Мостар кој беше командант на мостарската Доброволна противпожарна служба и командант на Единицата за цивилна заштита во периодот од 1991 до 1993 година.[219] Тој изјави дека на 1 август 1993 година, еден од неговите познаници, во обид да набави вода, бил погоден од снајперски истрел додека бил во близина на џамијата на плоштадот Мусала, недалеку од агенцијата „Путник“. Сведокот додаде дека неговата куќа била на 800 метри од седиштето на неговата противпожарна единица и дека, за да стигне на работа, морал да застане и до петпати, барајќи засолниште и заштита од снајперисти. Во извештајот на Мониторинг мисијата на Европската заедница (ММЕЗ) од 23 август 1993 година се наведува дека снајперистите на ХСО ги спречувале жителите на Источен Мостар да набават вода од реката Неретва.[220]

За визуелно запознавање со животот во Мостар за време на воените дејствија, може да се погледне документарниот филм од британскиот новинар и репортер на Би-Би-Си Џереми Боен од периодот на опсадата. Филмот „Незавршена работа“ дава преглед на уништувањето и тешкотиите со кои се соочиле граѓаните на Мостар. Прикажана е состојбата на инфраструктурата и како работеле болниците. Исто така, опишано е каков бил животот во услови на недостаток на храна и вода и

[218] Форбс беше член на цивилната полиција на Обединетите нации за време на хрватско-муслиманскиот конфликт во Босна (1993-94).
[219] Klix Vijesti. „Pejanović završio iskaz na suđenju "Prliću i drugima“, 5.5.2006. Подетално за сведочењето на Пејановиќ може да се прочита на страната на СЕНС центарот за транзициона правда.
[220] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Судскиот совет III, том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013, стр. 316.

како се одвивале процесите на протерување на луѓето. Исто така, го прикажува префрлањето на мртвите луѓе преку веќе прилично разурнатиот Стар мост, заедно со сите други ужаси што го одбележале воениот период во Мостар.

Сараево, главниот град на Босна и Херцеговина, се наоѓа во котлина и се протега во правец исток-запад долж бреговите на реката Миљацка. Сараево е опкружено со ридови и планини на југ и север, од кои има непречен и јасен поглед на градот. Во 1991 година, Сараево се состоеше од следниве десет општини: Стари Град, Центар, Ново Сараево, Нови Град, Вогошќа, Илиџа, Пале, Илијаш, Хаџиќи и Трново. Според пописот од 1991 година, Сараево имало население од 527 049 жители, од кои босанските муслимани сочинувале околу 49%, босанските Срби 30% и босанските Хрвати 7%. Пред конфликтот, Сараево бил најголемиот и најважен политички, културен, индустриски и трговски центар во Босна и Херцеговина. Жителите на Сараево се гордееле со етничката разновидност на својот град. Сараево било познато како мултинационален, мултиконфесионален град, со долга историја на верска и културна толеранција. Повеќето од урбаните области на Сараево биле етнички мешани.[221]

Кон крајот на март или почетокот на април 1992 година, силите на Југословенската народна армија (ЈНА) ја презедоа контролата врз аеродромот во Сараево и почнаа да го користат исклучиво за транспорт на членови на ЈНА и нивните семејства од Босна и Херцеговина. Во тоа време, тензиите во градот драматично се зголемија. На почетокот на април 1992 година, жителите на Сараево се собраа во голем број пред зградата на Собранието на мировни демонстрации. Меѓутоа, за време на овој протест, тие беа нападнати од снајперски пукотници, за кои се тврдеше дека дошле од правец на хотелот „Холидеј Ин“.[222] Од крајот на април 1992 година, започна нападот врз градот, со секојдневно гранатирање и борби на неговите територии. После тоа, околу Сараево беше воспоставена фронтовска линија, која беше долга помеѓу 42 и 64 километри, во зависност од

[221] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016, стр.1323-1324.
[222] Ibid. стр.1328.

периодот.[223] Воениот дописник на Би-Би-Си, Мартин Бел, сметаше дека ситуацијата во Сараево била ситуација на „целосна опсада“. „Многу мал број“ на места во Сараево беа „целосно безбедни“, а цивилното население страдаше од недостиг на храна, вода, гас и струја. Ирскиот офицер од ММЕЗ, Колм Дојл, изјави дека во април 1992 година, Сараево бил „практично град под опсада“ од страна на босанските Срби и дека владеела „збунетост“ бидејќи гранатирањето било извршено „однадвор“ и „слободата на движење била укината“.[224] Колм Дојл сведочел за своето искуство пред Хашкиот трибунал, како и во прилог за Радио Слободна Европа во кој дал детали за настаните во градот под опсада.

Кон средината на мај 1992 година, по неколку недели интензивни борби во градот, беа воспоставени фронтовските линии во Сараево. „Припадниците на српските нерегуларни единици“ целосно го опколија градот и го контролираа целиот сообраќај. Користејќи тешка артилерија и снајперски пушки обезбедени од ЈНА, тие редовно го гранатираа градот од околните ридови, вклучувајќи ги и цивилните области. Гранатирањето стана особено жестоко и масовно на 14 мај 1992 година, што го наведе Џон Вилсон, шефот на воените набљудувачи на ООН во Сараево, да заклучи дека тој ден врз градот паднале неколку илјади гранати.[225]

Изјавата и сведочењето на Пјерс Такер, британски офицер и помошник командант на УНПРОФОР, ги опишуваат обидите на цивилите да избегаат од општата немаштија во градот во овој период. Тогаш, стотици луѓе се обидувале да преминат преку аеродромот секоја вечер за да стигнат до сараевската населба Бутмир и планината Игман, но босанските Срби нишанеле кон нив, убивајќи ги или ранувајќи ги. Во просек, помеѓу пет и 30 луѓе биле ранети или убиени секоја вечер.[226] Снајперската активност била секојдневна појава, дури и за време на примирјата, и била особено изразена во централните делови на градот, на пример во делот познат како Мариндвор, каде што се наоѓала „Снајперската алеја“. Пукањето се вршело кон јавниот превоз и трамваите што работеле во периодот

[223] Ibid. стр.1337.
[224] Ibid. доказен предмет во судењето, стр. 1996.
[225] Доказен предмет во судењето на Радован Караџиќ бр. P1029.
[226] Доказен предмет бр. P4203 од судењето на Радован Караџиќ (Изјава на сведокот Пјерс Такер, 12.5.2010 година), параграфи 116–120.

кога имало електрична енергија, а снајперското пукање доаѓало од блиските делови на градот што биле под контрола на Сараевско-романискиот корпус (СРК). Потврдувајќи ги горенаведените информации за таргетирање на цивилите, вештакот за демографија, Ева Табеау, подготвила извештаи во кои ги анализирала смртните случаи на цивилите во Сараево. Таа заклучи дека во периодот од 1 април 1992 година до август 1994 година, во апсолутен минимум, 503 цивили биле убиени од снајперско пуквање или пукање од лесно оружје, додека други 2215 цивили биле ранети.[227]

## Ускратување на хуманитарната и медицинската помош

За време на опсадата на Сараево, покрај нападите врз цивилите и градските служби, честопати цел на нападите беа и болниците и медицинскиот персонал. Иако Женевската конвенција од 1864, повеќе од еден век пред почетокот на конфликтот во поранешна Југославија, го дефинираше правото на медицинските работници и обезбедувањето медицинска нега и на војниците и на цивилите, ова не ги спречи завојуваните сили да го загрозат обезбедувањето помош на цивилите на секој начин.

Првата Женевска конвенција посветува цела глава на ранетите и болните, а член 12 од конвенцијата наведува дека „Припадниците на вооружените сили и другите лица наведени во следниов член, што ќе бидат ранети или болни, ќе уживаат почитување и заштита во секоја прилика. Со нив човечно ќе постапува и ќе ги негува Страната во судирот во чија власт се наоѓаат, без какво и да било неповолно разликување засновано врз пол, раса, националност, вероисповед, политичко убедување, или врз кое и да било друго слично мерило. Строго е забранет секој обид за повреда на нивниот живот и нивната личност и, особено, нивното убивање или истребување, мачење, вршење над нив биолошки опити,

[227] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016 стр.1385; Доказен предмет бр. P4997 (Изјава на вештакот Ева Табеу).

намерно неукажување лекарска помош или нега, ниту пак создавање на такви услови кои нив би ги изложиле на зарази или инфекции.“[228]

Понатаму, Конвенцијата, во ново поглавје, посветува посебно внимание на медицинските единици и установи. Член 19 наведува дека „постојаните установи и подвижните санитетски единици на Санитетската служба не можат во ниту една прилика да бидат предмет на напад, туку Страните во судирот во секое време ќе ги почитуваат и заштитуваат“.[229] Меѓутоа, како и со другите аспекти од секојдневниот живот, болниците не беа поштедени за време на конфликтите во поранешна Југославија. Во пресудата за хуманитарните и безбедносните прашања во Мостар, се наведува следново:

> „Конечно, болницата во Источен Мостар, која исто така се наоѓала на улицата Маршал Тито, често била мета на артилериски напади и гранатирање од ХСО, вклучително и од септември 1993 до февруари 1994 година. Јован Рајков, хирург во болницата во Источен Мостар, и Едвард Вулиами изјавија дека на надворешните и внатрешните ѕидови на зградата можеле да се видат бројни дупки од куршуми од мал калибар и бројни места од удари од гранати, иако зградата била јасно препознатлива како болница.“[230]

Слична беше ситуацијата и во Сараево, кое беше под опсада речиси четири години, со постојано гранатирање и снајперски напади врз цивили. На судењето на Радован Караџиќ, Обвинителството тврдеше „дека, како дел од кампањата на снајперски напади и гранатирање на цивили во Сараево, српските сили ги напаѓале амбулантните возила и болници, убивајќи и ранувајќи персонал и пациенти“. Во поддршка на овие тврдења, Обвинителството ги повика лекарите кои работеле во Државната болница, болницата Кошево и болницата Добриња, и тие сведочеа за судбината на овие болници за време на војната. Покрај тоа, тие ја потврдија

[228] Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКМК), I Женевска конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните во вооружените сили во војна, 75 UNTS 31, 12.8.1949, [Во понатамошниот текст Прва Женевска конвенција], член 12.
[229] Ibid, член 19.
[230] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Првостепениот совет III, том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013.

веродостојноста на разни медицински документи поврзани со инцидентите кои беа приложени кон обвинението и дадоа општи информации за жртвите во Сараево.[231]

Описот на работењето на Државната болница во Сараево за време на самата опсада беше даден од сведоци – доктори, но одредени заклучоци беа извлечени и врз основа на собраните чаури и гранати што го погодија објектот.

Бакир Накаш, лекар во Државната болница во големиот комплекс на згради во центарот на Сараево, во своето сведочење изјави дека врз болницата бил отворен снајперски и минофрлачки оган од 13 мај 1992 година па натаму, иако симболот на Црвениот крст бил јасно видлив на нејзината јужна страна.

Според неговата проценка, од 1992 до 1995 година болницата била погодена со над 200 проектили; болницата била директно погодена, со дупки од куршуми со мал калибар и бројни удари од гранати, иако зградата била јасно препознатлива како болница.“[232]

Најжестокото гранатирање се случило веднаш откако ЈНА го напуштила Сараево, од 13 до 16 мај 1992 година, кога болницата била погодена со околу 40 гранати.[233] Тука треба да се напомене дека сведокот нагласува дека симболот на Црвениот крст бил видлив на зградата, бидејќи Женевската конвенција предвидува дека медицинските единици и установи „имаат право да го употребуваат карактеристичниот амблем со кој Конвенцијата дава заштита.“[234]

Друг лекар во Државната болница, Милан Мандиловиќ, потврди дека силите на босанските Срби ја гранатирале болницата со различен интензитет и дека врз неа било пукано од пешадиско и артилериско оружје. Бидејќи болницата се наоѓала во близина на Снајперската алеја, врз болницата бил отворен и снајперски оган, а повредени биле и болничкиот персонал и пациентите. Речиси 85 до 90 проценти од

[231] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016.
[232] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016, Сведочење на др. Бакир Накаш, Државна болница во Сараево, стр. 1834.
[233] Ibidem.
[234] Прва Женевска конвенција, член 44.

проектилите ја погодиле јужната страна од зградата на Државната болница. Како резултат на тоа, предниот дел од Државната болница, на јужната страна, не бил користен од 1992 до 1995 година.[235]

Двете клучни организации одговорни за да се обезбеди спроведување на меѓународното хуманитарно право и да се обезбеди помош на цивилите за време на војната во поранешна Југославија беа Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) и УНПРОФОР. МКЦК[236] одигра значајна хуманитарна улога за време на војните во поранешна Југославија од 1991 до 2001 година, активно учествувајќи во обезбедувањето хуманитарна помош за цивилите погодени од конфликтите во Југославија. Нејзините членови работеа во болници, организираа дистрибуција на храна и медицинска помош и ја олеснија размената на воени заробеници. Примарната мисија на МКЦК беше да ги заштити и им помогне на цивилите погодени од вооружените конфликти. Тие работеа на тоа да обезбедат цивилите, вклучително и ранливите популации како што се бегалците и затворениците, да добијат заштита и да можат да ги задоволат основните потреби. Една од клучните улоги на МКЦК за време на југословенските војни беше да ги посетува и обиколува затворениците држени од различните страни во конфликтот, вклучително и воените заробеници и цивилните заробеници.Тие ги следеа условите во затворите, се залагаа за хуман третман и ја олеснуваа комуникацијата меѓу затворениците и нивните семејства.

Сведокот Маринко Шимуновиќ сведочеше за системот на дистрибуција на хуманитарна помош во Западен Мостар, во кој беше вклучен и Црвениот крст. Станува збор за канцеларија на локална хуманитарна организација чија задача беше да им помага на луѓето што се нашле во воената зона. Овој дел од градот беше поделен на локални заедници од 1992 година за да се олесни дистрибуцијата на хуманитарна помош. Во секоја локална заедница имаше по еден претставник на општинската самоуправа, еден претставник на мостарскиот Црвен крст и други хуманитарни организации и еден претставник на Центарот за социјална работа во

[235] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016.
[236] Bosnia-Herzegovina: 25 years dedicated to humanity, ICRC, 21.9.2017.

Мостар. За да добијат хуманитарна помош, корисниците требаше да пополнат соодветен формулар во локалната заедница. По проверка на податоците, Центарот за социјална работа издаваше семејни картички што им овозможуваа да добиваат хуманитарна помош.[237]

За жал, ова не спречи одредени злоупотреби во процесот на дистрибуција на хуманитарната помош. Така, заштитениот сведок Б.Б. споменува дека кон средината на јули 1993 година, муслиманите од селото Градска во близина на Мостар, кои биле вработени во Љубушки, биле отпуштени. Исто така, тој тврди дека локалниот Црвен крст одбил да им дистрибуира хуманитарна помош и дека ноќе, војниците на ХСО ги ограбувале куќите на муслиманите во тоа село.[238]

Во пресудата против Радован Караџиќ (IT-95-5/18-T) дадени се дополнителни детали за животот во Сараево под опсада, кој бил дополнително усложнет од недостатокот на електрична енергија и вода, како и од спречувањето на испораката на хуманитарна помош. Во пресудата се наведува:

> „Најтешкиот период бил од крајот на јули до почетокот на септември 1993 година, кога Државната болница немала ни вода, ни струја, ни гас. Бројот на членови на болничкиот персонал бил значително намален и единствениот начин болницата да се справи со големата побарувачка за здравствена заштита бил да прима само пациенти чии животи биле во опасност поради болест или повреда.“[239]

Сведоците на обвинителството изјавија дека токму овие дејствија им отежнале на УНПРОФОР, УНХЦР и другите хуманитарни организации во доставувањето на хуманитарна помош во Сараево. УНПРОФОР[240] е кратенка за „UN Protection Force“

---

[237] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Првостепениот совет III том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013, стр.166.
[238] Ibidem, str. 479.
[239] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016, стр.1835; доказ P1525, изјава на сведокот, параграф 42.
[240] УНПРОФОР е основана во февруари 1992 година од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации како одговор на ескалацијата на конфликтите и насилството на територијата на поранешна Југославија. Мисијата имаше неколку клучни цели. Примарната цел на УНПРОФОР беше да ги заштити цивилите и да им обезбеди хуманитарна помош на оние погодени од конфликтите.

(прев. Силите за заштита на ОН), што беше мировна мисија на Обединетите нации распоредена во поранешна Југославија во текот на 90-те.

Ентони Банбери бил службеник за цивилни прашања на УНПРОФОР во Сараево од март 1994 до мај 1995 година, а подоцна и помошник на специјалниот претставник на Генералниот секретар на ООН во Босна и Херцеговина. Во своето сведочење, тој изјавил дека босанските Срби имале „целосна контрола“ врз конвоите на ООН и дека барањата за премин на конвоите биле постојано одбивани и покрај мислењето на УНПРОФОР. Босанските Срби наведувале низа различни причини за блокирање на конвоите, од кои ниту една не била прифатлива за УНПРОФОР.[241] Покрај ова, ја имаме и изјавата на Дејвид Харланд, службеник за цивилни прашања на УНПРОФОР, а подоцна и политички советник на командантот на Командата на УНПРОФОР за Босна и Херцеговина во Сараево. Харланд изјавил дека босанските Срби „никогаш не сакале јасно да воспостават едноставен систем што ќе им овозможи слобода на движење [на ОН]“, туку наместо тоа ги ограбувале и пукале кон возилата на ОН и го малтретирале персоналот на ОН во конвоите.[242]

Ускратувањето на хуманитарна и медицинска помош не беше ограничено само на овие два примери. За жал, тешко е да се најде епизода од конфликтите на територијата на поранешна Југославија каде што не е злоупотребена некоја форма на хуманитарна помош. Ситуацијата честопати достигнуваше точка на работ на хуманитарна катастрофа. Дополнително, не смееме да заборавиме дека хуманитарните работници и мировните трупи беа изложени на малтретирање и напади, а неколку десетици од нив ја платија својата должност со своите животи.

Ова вклучуваше следење на примирјата, олеснување на испораката на хуманитарна помош и воспоставување безбедни зони за раселените лица.

[241] Обвинителот против Радован Караџиќ (Јавна редактирана верзија од пресудата на Првостепениот совет том III), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016, стр.1856.

[242] Ibidem.

## Протерување/раселување на населението

Покрај големото страдање на цивилите во воените злосторства и градовите и населбите под опсада, една од најголемите трагедии што ја снајде територијата на поранешна Југославија беше масовното раселување на населението. Бегалските колони и камповите за време на конфликтот во деведесеттите години беа секојдневна појава. Траумата од напуштањето на сопствениот дом одбележа стотици илјади животи. Во следниот текст ќе покажеме како цивилите не бегале само од воените настани. Исто така, постоеше намера на завојуваните страни да користат разни притисоци за да ги избркаат своите неодамнешни соседи и сограѓани од други националности.

Во изјавата на сведокот Енвер Јусуфовиќ на судењето Прлиќ и останатите (IT-04-74-T) во врска со веќе споменатите воени настани во Мостар, се наведуваат деталите за акцијата на ХСО насочена кон намерно протерување на муслиманите од еден дел од градот. За време на иселувањето на муслиманите од Западен Мостар во август 1993 година, биле извршени кражби и заплашувања и биле упатувани закани. Така, од бројни докази произлегува дека војниците на ХСО ги конфискувале клучевите од становите и ги запоседнувале становите од кои станарите претходно биле иселени.

Исто така, сведокот Мурис Мариќ опиша како војник на ХСО по име Паво Крезиќ го натерал да излезе од станот во Западен Мостар со закана со пиштол во првата половина на август 1993 година, а потоа тој самиот се вселил во тој стан. Во текот на август 1993 година, војниците на ХСО им наредиле и на муслиманите кои биле принудени да ги напуштат своите домови да ги предадат и своите вредни предмети - или сами ги одземале.[243]

Покрај индивидуалните закани и насилството што ги натерало цивилите да ги напуштат своите домови, имало и организирано преселување на населението. За таа цел, силите на ХСО организирале логор. Во јуни или јули 1992 година, ХСО го

[243] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Првостепениот совет III, том II), IT-04-74-T, МКСЈ, 29.5.2013, стр. 234.

ставил под своја контрола поранешниот воен комплекс на ЈНА познат како Хелидром, кој се наоѓа јужно од градот Мостар, со намера да го користи како касарна. Сепак, тој наскоро бил пренаменет.

Така беше организирано и заминувањето на заробениците од Хелиодром во Хрватска, имено на островот Обоњан или во Центарот за бегалци Гашинци, од приближно 17 јули 1993 година до ноември 1993 година. Во пресудата на Трибуналот имаме интересен приказ на организацијата и методите што биле користени за иселување на населението.

> „Од вкупните докази, се чини дека од приближно од 17 јули до ноември 1993 година, 'властите на ХСО' им понудиле на заробениците во Хелидром да ги ослободат под услов заробениците да се согласат да ја напуштат Босна и Херцеговина и да одат во трета земја преку Хрватска. Откако го потпишале 'формуларот' на Канцеларијата за прогонети и бегалци ХЗ ХБ, во кој ја навеле земјата во која ќе одат, заробениците кои имале гарантно писмо биле ослободени од Хелидром за да се вратат во своите домови, било во Мостар или во Љубушки, каде што имале помеѓу триесет минути и три часа да ги спакуваат своите работи и да ги соберат своите семејства пред да бидат однесени во Хрватска со автобус. Протераните и заробениците биле однесени на островот Обоњан или во Центарот за бегалци Гашинци во Хрватска".[244]

Едно од најголемите движења на населението за време на војните во поранешна Југославија се случи на Косово во 1999 година, кога речиси 800 000 луѓе беа протерани во Албанија, Македонија и Црна Гора. Според Обвинителството, во процесот на овие протерувања, силите под команда на Милошевиќ убиле стотици косовски Албанци, ги мачеле физички и психички, малтретирале стотици други и сексуално нападнале многу Албанки, што подоцна било потврдено со пресуди. Исто така, пресудите на МКСЈ заклучиле дека овие сили намерно уништувале културни и верски објекти, како и дека уништувале и ограбувале имот на косовските Албанци. Бројни сведоци на обвинителството сведочеа дека српските и југословенските сили

[244] Ibid, стр. 445-446, доказни предмети бр. P09502 и P10124.

гранатирале албански села, потоа влегувале во нив, го малтретирале и го пљачкосувале населението, честопати и убивале дел од него, а остатокот го депортирале во Албанија и Македонија.[245]

Клучните причини што влијаеле врз раселувањето на толку многу цивили се наведени, меѓу другото, во пресудата против Властимир Ѓорѓевиќ (IT-05-87/1-A).[246] Иако судот го препознава фактот дека други фактори, како што се бомбардирањето на НАТО и борбите меѓу српските сили и Ослободителната војска на Косово (ОВК), предизвикале одредена загриженост кај некои косовски Албанци, главниот и одлучувачки фактор за нивното заминување од своите домови и, во бројни случаи, од самото Косово, била намерната кампања на насилство и терор што ја спроведувале српските сили врз цивилното население од албанска националност.[247]

Пресудата дава детален опис на екстремните методи што ги користеле српските сили за да принудат што е можно повеќе цивили да избегаат.

> „По првичното гранатирање извршено од страна на ВЈ, српските сили, во многу случаи конкретно идентификувани како сили на МВР, потоа ќе стапат во допир со населението и ќе ги одвојат мажите од жените и децата, ќе им наредат на жените и децата да одат во Албанија, а потоа ќе ги убијат сите мажи, обично најчесто така што прво ќе ги поделат во помали групи и ќе ја одведат секоја поединечна група на некое затскриено место. Бројни мештани и раселени лица кои биле очевидци на нанесувањето на голема штета и грабеж на имотите, како и на убиствата извршени од српските сили, доброволно ги напуштиле своите гратчиња, села или градови во голем број од страв за сопствениот живот и благосостојба“.[248]

---

[245] Случај на Обвинителството – Косово, ОН, МКСЈ.
[246] Од 1 јуни 1997 до 30 јануари 2001 година, Властимир Ѓорѓевиќ беше помошник-министер за внатрешни работи (МВР) на Србија и началник на Ресорот за јавна безбедност (РЈБ) на МВР; одговорен за сите единици и персонал на РЈБ во Србија, вклучително и на Косово, во периодот од 1 јануари до 20 јуни 1999 година. Извор: Податоци за предметот (IT-05-87/1) Властимир Ѓорѓевиќ, МКСЈ.
[247] Ibidem.
[248] Ibidem.

Како дополнителен доказ за систематското прогонување на населението се зема фактот дека документите биле конфискувани од населението. Во истата пресуда се наведува дека „во овој поглед, значаен факт е што во повеќето случаи личните документи и регистарските таблички биле конфискувани од косовските Албанци кога ги напуштале границите на Косово. Овие заплени ги вршела српската полиција и ВЈ.“[249] Одземањето и уништувањето на документите биле извршени со цел да се спречи враќањето на протераните Албанци во Косово.

Постојат различни сведоштва за судбината на раселените лица од поранешна Југославија, но тука ќе спомeнеме некои што говорат за очигледната намера на државата да исели дел од своето население. Во исказот на судењето на Властимир Ѓорѓевиќ, сведокот Бајрам Букалиу, кој дотогаш работел како благајник на железничката станица во Урошевац, ги сподели своите спомени во врска со иселувањето на луѓето од Урошевац.

> „Кога се качивме во возот, имаше десет патнички вагони, а кондуктерите земаа пари од луѓето во нив. Еден патнички вагон има околу 100 седишта, но беше преполн и луѓето стоеја. Околу 1500 луѓе се качија во Урошевац. Возот тргна од Урошевац во околу 8:15 часот и пристигна на граничниот премин „Генерал Јанковиќ“ меѓу Косово и Македонија околу 9:00 часот. Кога застана, нè задржаа околу четири часа, но никому не му беше дозволено да слезе, само на постарите лица и децата ако сакаа да наполнат вода. Видов полициски и воени сили од двете страни на шините. Патничкиот вагон во кој се наоѓав беше во близина на канцеларијата на шефот на станицата, Вукашин /презиме непознато/, Србин, исто така наречен Вуле, кого го познавав од работата на железницата.“ Тој излезе од возот, отиде во неговата канцеларија и го праша зошто ги запреле таму. „Одговори дека Македонците не сакаат овие луѓе да ја преминат границата. Исто така, видов автобуси како пристигнуваа и луѓе како излегуваа. На тие луѓе им беше дозволено да ја преминат границата. И овие автобуси дојдоа од железничката станица Урошевац. Кога возовите се наполнија, мојот тогашен шеф Жика Илиќ, од станицата Урошевац, ја

[249] Ibidem.

контактираше автобуската станица и побара да испратат автобуси до железничката станица за да ги однесат луѓето до граница. Тој очигледно бил вклучен во организирањето на преместувањето на луѓе од Урошевац."[250]

Покрај систематското иселување, некои бегалци се соочија со постојано малтретирање и пљачкосување. На истото судење, сведокот Џафа Федрије го раскажа своето искуство во бегалската колона.

„Припадниците на паравоените единици им викаа на возачите на трактори да го исчистат патот за да можат да поминат нивните оклопни возила. Возилата им беа зелени и камуфлирани со гранки. Токму кога се спремавме да се вратиме на тракторот, тројца припадници на паравоените единици го зграпчија Исмет и почнаа да го тепаат со тупаници. Го обвинија дека е борец на ОВК. На српски јазик рекоа: 'Ако не ни платите, ќе го убиеме.' Им дадов 200 германски марки и тие го пуштија и си отидоа. После тоа, се обидовме да го скриеме Исмет во приколката бидејќи се плашевме дека можеби ќе дојдат повторно и ќе го убијат." Меѓутоа, проблемите за оваа Албанка не завршија тука. „Потоа друга група полицајци во сини камуфлажни униформи дојдоа до нашиот трактор. Еден од нив, кој беше дебел и русокос, а носеше сина камуфлажна униформа со зелена јакна, го повлече Јетиш од тракторот и почна да го удира со дебел дрвен стап. Тој го удри Јетиш многупати по рамената и вратот. Татко ми му се приближи на полицаецот и почна да го преколнува да го пушти Јетиш. Татко ми му зборуваше на српски. Не разбирав што зборуваат. Подоцна од татко ми дознав дека полицаецот рекол дека ќе го убијат Јетиш ако не им платиме 2000 или 3000 марки. Ние повеќе немавме пари, но мојата снаа Хамиде му ги даде на полицаецот сите вредни предмети што ги имаше. Му го даде целиот свој накит, нараквици, прстени и обетки, кои вредеа околу 2000 марки, а потоа полицаецот го пушти Јетиш."[251]

За жал, колоната не стигна на безбедно место без жртви. Доцна во ноќта ги пречекала трета група полицајци и мачењето повторно започнало, покрај патот бил

[250] 060828IT
[251] 060828IT

убиен и братот на Јетиш, а бил убиен и таткото кој се обидел да го заштити и им рекол нешто на српски јазик. Многу луѓе од истата колона преживеале пљачкосувања, тепања и затворања во следните часови и денови, а некои подоцна биле пронајдени убиени.